ПРОГРАМА НА ВМРО-ДПМНЕ ЗА ПРЕРОДБА

2006 - 2010

# ПРЕРОДБА
## ВО 100 ЧЕКОРИ

1893 - 1990

ВМРО-ДПМНЕ

Јасмина Јован Елена Мартин Кристијан Никола
Никола Искра Кирил Огнен Јасна Викторија
Александар Трајан Драган Марија Дејан
Никола Миле Јордан Методија Ѓоко Андреј
Јулијана Петар Никола Билјана Горан
Кристијан Никола Стефан Гордана Никола
Викторија Гордан Војдан Маја Македонка
Александар Трајан Драган Марија Дејан Матеј
Јордан Андреј Никола Искра Тодор Антонио
Никола Билјана Горан Владимир Тања Виктор
Стефан Гордана Никола Климент Ирена Борис
Маја Стојан Јане Горан Никола Глигор Анастас
Дејан Аднан Љубиша Роберт Венко Мартин
Тодор Антонио Жан Трајко Антонио Војдан
Виктор Дарко Маја Зоран Јасмина Јован Елена
Томе Коста Снежана Искра Огнен Јасна Викторија
Златко Оливер Александар Данило Трајан
Благој Даница Аднан Емилија Миле Јордан
Анастас Златко Оливер Александар Трајан
Благој Даница Миле Јордан Андреј Никола Искра
Јулијана Петар Никола Билјана Горан Владимир
Кристијан Никола Мартин Стефан Гордана
Викторија Гордан Маја Стојан Јане Горан
Марија Дејан Љубиша Славе Иван Никола
Ѓоко Андреј Никола Искра Тодор Антонио Жан
Горан Владимир Тања Виктор Дарко Зоран
Никола Емилија Климент Борис Томе
Македонка Стојан Јане Горан Никола Глигор
Дејан Матеј Љубиша Никола Роберт Венко
Антонио Жан Трајко Антонио Коста Данило
Виктор Дарко Зоран Јасмина Јован Елена
Борис Томе Снежана Искра Огнен Јасна
Анастас Златко Оливер Александар Трајан


Стефан Гордана Никола Климент Борис
Стојан Јане Горан Глигор Анастас Златко
Иван Никола Роберт Венко Данило
Тодор Антонио Жан Трајко Антонио
Виктор Дарко Зоран Јасмина Јован
Борис Томе Снежана Искра Никола
Горан Никола Глигор Анастас Златко
Никола Роберт Венко Благој Даница
Антонио Коста Данило Марко Јулиана
Зоран Јасмина Јован Елена Кристијан
Искра Огнен Јасна Викторија Гордан
Александар Трајан Мартин Драган
Миле Јордан Андреј Никола Славе
Петар Никола Билјана Горан Владимир
Никола Стефан Гордана Никола Климент
Маја Стојан Јане Горан Никола Глигор
Марија Дејан Љубиша Никола Роберт
Искра Тодор Антонио Никола Мартин
Војдан Дејан Љубиша Никола Роберт
Антонио Жан Трајко Жан Трајко Антонио
Дарко Зоран Јасмина Јован Елена
Борис Томе Никола Искра Кирил Огнен
Златко Оливер Александар Трајан
Данило Благој Никола Миле Јордан
Антонио Марко Јулијана Петар Никола
Јован Елена Кристијан Никола Стефан
Никола Јасна Викторија Гордан Војдан
Оливер Александар Трајан Драган
Миле Јордан Андреј Никола Искра
Петар Никола Билјана Горан Владимир
Никола Стефан Гордана Никола Климент
Славе Маја Стојан Јане Горан Никола
Марија Дејан Аднан Љубиша Роберт

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА ВМРО-ДПМНЕ

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2006

## Содржина


Обраќање на претседателот . . . . . 7

**1. ВОВЕД . . . . . 10**

1.1 Нашата визија. . . . . 10
1.2 Економски пресврт и намалување на невработеноста . . . . . 12

**2. ЕКОНОМСКИ РАСТ . . . . . 17**

2.1 Мала јавна потрошувачка и ефикасна државна администрација . . . . . 17
2.2 Макроекономски политики во функција на економскиот раст . . . . . 18
2.3 Подобрување на инвестициската клима . . . . . 19
2.4 Микроекономски политики и реформи . . . . . 20
2.5 Дерегулација на економската активност . . . . . 21
2.6 Флексибилност на пазарот на работна сила . . . . . 23
2.7 Реформа на даночниот систем . . . . . 23
2.8 Заштита на сопственичките права и извршувањето на договорите . . . . . 24
2.9 Заштита на кредиторите . . . . . 26
2.10 Намалување на сивата економија . . . . . 27
2.11 Привлекување странски инвестиции. . . . . 28
2.12 Конкурентност на домашното производство . . . . . 29
2.13 Мали и средни претпријатија . . . . . 30
2.14 Проекти во економијата . . . . . 30

**3. РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО. . . . . 37**

3.1 Развој на производството и поддршка на извозот . . . . . 37
3.2 Регулирање на сопственоста на земјиштето . . . . . 38
3.3 Буџетска поддршка . . . . . 38
3.4 Поволни услови за кредитирање . . . . . 39
3.5 Наводнување и контрола на поплавите . . . . . 39

**4. ИНФРАСТРУКТУРА. . . . . 41**

4.1 Градежништво . . . . . 41
4.2 Проекти во градежништвото . . . . . 42
4.3 Станбена изградба . . . . . 44
4.4 Просторно и урбанистичко планирање и уредување . . . . . 44
4.5 Комунални дејности и водостопанство . . . . . 45
4.6 Проекти во водостопанството . . . . . 46
4.7 Телекомуникации . . . . . 48
4.8 Проекти во телекомуникациите . . . . . 49

**5. ЕНЕРГЕТИКА . . . . . 51**

5.1 Проекти во енергетиката . . . . . 53

**6. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ПРАВЕДНОСТ . . . . . 57**

6.1 Намалување на сиромаштијата . . . . . 57
6.2 Програма за активни политики . . . . . 57
6.3 Проекти за вработување . . . . . 59

**МАКЕДОНИЈА И СВЕТОТ . . . . . 60**

6.4 Развој на надворешната политика . . . . . 60
6.5 Интеграција во Европската унија. . . . . 61
6.6 Интеграција во НАТО . . . . . 63
6.7 Современа дипломатија. . . . . 64
6.8 Македонија без визи . . . . . 64
6.9 Грижа за македонските граѓани во странство . . . . . 64
6.10 Регионална соработка . . . . . 65

**7. ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА . . . . . 67**

7.1 Една нова, поинаква влада . . . . . 67
7.2 Решително справување со корупцијата . . . . . 69

7.3 Реформа на судскиот систем . . . 70
7.4 Примена на европските стандарди . . . 70
7.5 Мотивација . . . 71
7.6 Специјализација, обука и менаџирање на судските процеси . . . 71
7.7 Правда и внатрешни работи . . . 71
7.8 Одбрана и безбедност . . . 73

**МОДЕРНО ОПШТЕСТВО . . . 75**

**8. ОБРАЗОВАНИЕ . . . 75**

8.1 Инвестиции и новитети во образованието . . . 75
8.2 Подобрување на квалитетот во образованието . . . 76
8.3 Зголемување на конкуренцијата во образованието . . . 76
8.4 Инвестирање во спорт и физичка култура . . . 77
8.5 Проекти во образованието . . . 77

**9. СПОРТ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА . . . 79**

**10. НАУКА . . . 81**

10.1 Инвестиции во науката . . . 81
10.2 Интензивна меѓународна соработка . . . 82

**11. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И Е-ОПШТЕСТВО . . . 83**

11.1 Е-инвестиции . . . 83
11.2 Интензивна компјутеризација . . . 84
11.3 Е-проекти . . . 84

**12. СИГУРЕН, ЕФИКАСЕН И ПРАВЕДЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ . . . 89**

12.1 Квалитет на услугите . . . 89
12.2 Модернизација, менаџмент и превенција . . . 90
12.3 Здравствено осигурување . . . 90
12.4 Примарно здравство . . . 91
12.5 Стоматологија . . . 91
12.6 Фармација . . . 91
12.7 Нова генерација болници . . . 91
12.8 Приватното здравство . . . 92

**13. ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ . . . 93**

13.1 Политики во функција на граѓаните . . . 94
13.2 Политика на децентрализација . . . 94
13.3 Експертска поддршка на законодавната и судската власт . . . 95
13.4 Доследно спроведување на законите . . . 95

**14. КУЛТУРА . . . 96**

14.1 Заштита на културното наследство . . . 96
14.2 Проекти . . . 97

**15. ПОПУЛАЦИОНА И ДЕМОГРАФСКА ПОЛИТИКА . . . 98**

15.1 Активна популациона политика . . . 98
15.2 Реафирмација на семејството . . . 99
15.3 Европска перспектива за младите . . . 99

**16. ТУРИЗАМ . . . 101**

16.1 Други услужни дејности . . . 102

**17. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА . . . 103**

17.1 Екопроекти . . . 104

**БЛАГОДАРНОСТ . . . 108**

## Обраќање на претседателот

**Почитувани граѓани!**

Силна е енергијата која се добива од оваа земја.

Уште помоќни се нејзините приказни, историја и природни убавини.

Јас тука растев, тука за првпат почувствував радост, тука научив што значи збор тага. Тука се моите пријатели, другари, моето семејство, мојата судбина.

Тука и на ниедно друго место - никаде подобро.

Само овде, во Република Македонија, помеѓу вас, во земјата која ја сакам.

Убеден сум дека ова чувство со мене го делат сите, сите оние што се дел од приказната за оваа земја.

Сите ние зависиме еден од друг. И сите ние, само заедно, со одговорен однос кон секој еден од нас во оваа држава, може да го започнеме она што го сакаме - една нова ера, ера во која ќе воспоставиме нов систем на вредности, во која ќе покажеме единство, храброст и љубов, но и страст и одлучност.

Ера во која ќе промовираме економски развој, напредок, сигурност, заедништво, толеранција и меѓусебно разбирање.

Таква ќе биде новата ера на нашата Македонија.

Тоа ќе биде ера, чиј почеток ќе обележи една нова, успешна иднина за сите нас.

Нашата историја и големината на нашите исконски вредности ни даваат за право да веруваме во тоа, да веруваме во себе, да веруваме во Македонија и да знаеме дека ќе биде подобро!

Цврсто сум убеден дека македонската сила, поддржана со враќањето на самодовербата и новото заедништво ќе можат да ја придвижат Македонија кон остварувањето на јасна државна политика, која ќе ги одразува темелните интереси и цели на Македонија.

На Македонија ѝ е потребен нов пробив, а еден таков пробив подразбира и бара целосна обнова на нејзината внатрешна виталност. Ова бара победа над духот на малодушноста, консолидација на сите составни делови на државниот и општествениот живот и потполна усредоточеност на доследно и одговорно остварување на темелните цели и интереси на Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ има сила за таков пробив!

Македонија има сила за таков напредок, да тргне со големи чекори напред кон просперитет и развој!

Духот на однесување проследен со одговорност, самодоверба и потпирање на сопствени сили и потенцијали, следен со темелни, професионални, стручни, одговорни и постојани дејствувања на поединците и институциите, заедно со урамнотежениот развој на сите сфери ќе ѝ дадат на Македонија еден нов поттик.

Овие чекори ќе бидат мотивирани со нашата сила, волја, истрајност и со убеденост дека Македонија заслужува напредок.

Ние, во ВМРО-ДПМНЕ, останавме и ќе останеме верни на темелните одредби на нашата партија, кои се дел од големата европска демохристијанска идеја.

ВМРО-ДПМНЕ денес е потполно подготвена да даде водечки придонес во обно-

вата на единството на земјата, да биде промотор на нејзиниот нов развоен циклус, на нејзиниот економски напредок, да ја предводи новата етапа од развојот на националниот и културниот живот и идентитет како дел од Европа и европската идеја, да ја води Македонија во почетокот на градење вистински систем на вредности и да ја понесе Македонија во Европската унија и НАТО.

Почитувани граѓани!

Нашите трајни вредности значат дека веруваме во довербата помеѓу луѓето, споделувајќи ја одговорноста, поттикнувајќи и промовирајќи ја слободата и поддржувајќи ги институциите и културите.

Помина времето на преценети идеолози и лажни митови.

Помина времето на лагата и очајот!

Дојде времето на новиот концепт на развој и напредок, време во кое ќе ги вградиме нашите трајни вредности во новите предизвици.

Можам да забележам вистинска желба и страст во нашата земја за нови идеи и едно ново водство. Можам да забележам подготвеност за активирање на сета сила во Македонија, со цел да се случи напредок и економски развој, со цел да излеземе од оваа криза во која се наоѓаме веќе една и пол деценија.

На сите ни е јасно дека добрата политика произлегува од довербата.

За да може Македонија да биде водена кон подобра иднина, мора да се надминат некои блокади и мора да се испратат неколку јасни пораки.

На Македонија мора да ѝ се даде доверба, а на сите нам мора да ни се врати самодовербата!

Во 2002 година СДСМ успеа да ги добие изборите и вашата доверба.

Тие ветија големи работи. Не ги исполнија!

По 4 години се покажа дека се случи вистинско разочарување со изборот на СДСМ.

Вашата доверба е нешто што никој не смее да го изневери, таа е нешто свето и не смеете да дозволите таа да се злоупотребува.

Премногу луѓе во нашава земја се обременети со егзистенцијални проблеми.

Нивната судбина е доведена во прашање.

Економска ефикасност не постои. Државата стои. А, има сила!

Ние сме таа сила, заедно со вас! Ќе тргнеме заедно со големи чекори напред!

Почитувани граѓани!

Наш предизвик на овие избори е токму остварување на убеденоста да се обезбеди сериозна алтернатива, со цел да ѝ го понудиме на Македонија новиот почеток на напредок и развој.

Ова значи две работи.

Прво, мора самите ние да го чувствуваме во нас гласот на промената, оптимизмот и надежта, мора самите ние да ја чувствуваме силата на Македонија.

Второ, мора да развиеме нови идеи, кои ќе ги вградиме во нашите амбиции за Македонија.

Над сè, мора да покажеме дека промените што ги чиниме се на долг рок, односно дека ќе траат.

Токму како што трае и ќе трае нашата волја и сила која произлегува од нашата традиција, токму како што трае и ќе трае нашиот стремеж да ја направиме Македонија подобро место за живеење.

И, мора да покажеме дека нашите идеи ќе го подобрат вашиот живот и дека заеднички ќе изградиме подобра Македонија.

Нашите идеи и нашата визија за Македонија се во оваа програма.

Оваа програма има една единствена цел: Преродба на Македонија!

Преродба на нејзиниот дух, преродба на нејзината виталност, преродба на нејзината суштина, преродба на нејзината верба!

Почитувани граѓани,

На Македонија ѝ е потребно заедничко насочување и мотивирање на силите.

На Македонија ѝ треба стабилна, доверлива и професионална влада, која ќе ја стави во погон нејзината енергија и потенцијали.

Програмата која е пред Вас потврдува дека е тоа возможно да се стори, а ВМРО-ДПМНЕ знае дека ние заедно ќе успееме!

Дозволете ѝ на Македонија да ја искористи оваа шанса!

Ајде да ја покажеме силата на Македонија и да тргнеме со големи чекори напред!

Ајде да работиме заедно!

Да работиме за Македонија!

Ваш,

Никола Груевски

Претседател на ВМРО-ДПМНЕ



# 1. Вовед

## 1.1 Нашата визија

**ВМРО-ДПМНЕ** верува и се бори за самостојна Македонија како демократска, економски силна и социјално праведна земја, која ќе оствари целосна интеграција во европската заедница на народите. Тоа е сонот кој инспирираше генерации наши граѓани да се борат за земјата во која живееме денес и со гордост ја нарекуваме Македонија!

Пред вас е нашиот концепт за развој, нашата програма за напредок, нашиот нов Манифест.

Нашата програма се базира врз знаењето, искуството, храброста и мудроста на луѓето што ќе ја сочинуваат Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Професионалци што се познати и ценети во својата област во земјата и светот.

Најкраток дел од нашата Програма е посветен на опис на денешната катастрофална состојба. Не затоа што тоа не е важно или затоа што нема што да се каже. Едноставно, затоа што граѓаните на Македонија денешната состојба премногу добро ја познаваат. Сите знаеме колку тешко и сиромашно живееме.

Нам ни се потребни резултати и конкретни решенија. Сакаме да зборуваме за тоа како да живееме подобро и посреќно. Ние нема да ветуваме чуда. Наместо тоа, се обврзуваме за реализација на амбициозна, но реална и остварлива програма, која ќе донесе подобар, побогат и посреќен живот. Нудиме Програма, Концепт,

кои содржат конкретни реформски мерки и проекти. Тоа се проекти и мерки што имаат прецизни тајминзи, пресметани трошоци, извори на финансиски средства и очекувани резултати.

Нашиот пристап е јасен. Ќе работиме денонoќно за да ја оствариме целта и да успееме. Имаме енергија и храброст да преземеме нови предизвици, решеност и волја да истраеме пред тешкотиите и знаење да понудиме решенија.

Ние знаеме дека ќе успееме. Знаеме, затоа што покажавме дека имаме лидерство и знаење да ја покренеме економијата. Ќе го направиме тоа повторно заедно со Вас.

Земјите што се економски силни, кои имаат висок степен на вработеност, кои се со меѓународно конкурентни претпријатија, кои имаат здрава популација, модерно образование, ефикасно здравство, правичен социјален систем и развиена демократија, се тие во кои лежи иднината. Тоа се земји што инвестираат во микроекономско преструктуирање, подигнување на квалитетот на работната сила, технолошки прогрес, образование и иновации.

Комплементарно со европската демохристијанска мисла, ВМРО-ДПМНЕ ќе работи да ја засили позицијата и функцијата на поединецот во општеството и со помош на концептот кој е во продолжение ќе овозможи услови за максимален развој и остварување на неговите потенцијали во сите сфери на живеење.

Наши врвни приоритети се брз економски напредок и развој, унапредување на земјоделството, образованието, здравството, консолидација на државните институции, уредување на односите во политичката сфера со засилено начело на јавна одговорност, одвојување на политичката компонента од јавната администрација заради обезбедување и зацврстување на квалитетот на нејзината содржина, одговорност и враќање на граѓанинот.

Целно, професионално, разумно и одговорно развивање и користење на економските сили и потенцијали на Македонија се темелна и неодложна задача.

Ќе ги започнеме и направиме сите нужни економски, институционални и општествени реформи.

Европската иднина на Република Македонија зависи од развојот на демократијата и економскиот развој. Македонија како земја на слободи и можности, земја во која секој ќе се чувствува слободен и почитуван.

За да му се врати самодовербата на секој човек, за секој човек да почне да се чувствува достоинствено и почитувано, потребно е да го има неговото основно право, а тоа е правото на работа.

Отварањето нови работни места бара инвестиции и освојување на нови пазари. Затоа ударен дел на нашата програма се мерките и проектите за подобрување на инвестициската клима, зголемување на продуктивноста и конкурентноста на македонските претпријатија.

Во соработка со приватниот сектор, образовните институции и локалната власт, ќе ги поттикнуваме инвестициите во развој на нови технологии и човечки капитал.

Ние сме должни да им обезбедиме на нашите деца најдобри услови за живот. Инвестирањето во нив и нивното образование е најдобрата инвестиција за иднината на Македонија.

Свесни сме и чувствуваме дека семејствата на граѓаните на Република Македонија живеат со големи тешкотии и даваат огромна жртва за да овозможат школување за своите деца и здравствена заштита за целото семејство. Подготвени сме и одлучни да водиме политика која ќе им помогне на сите семејства да обезбедат пристоен живот за себе и за идните поколенија.

Земјоделството е изворната база на секоја земја. Ќе создадеме услови за негова ревитализација со стимулирање на современо, технолошки напредно производство кое може да се пласира на странските пазари. Ќе дадеме максимум да привлечеме инвестиции од приватниот сектор, домашен или странски, поточно да го стимулираме приватниот сектор да инвестира во производство и извоз на земјоделски производи и храна.

Ние знаеме дека ни е потребен строг, но правичен и чесен судски систем. Ни треба транспарентност и чесност на судиите, заштита на приватноста, граѓански и човечки права и хуманост.

Вистинскиот предизвик за Македонија денес е намалување на сиромаштијата, подобрување на животниот стандард, економски развој. Нашата приоритетна цел е економски да ја зајакнеме нашата земја и да овозможиме достоен живот за секој граѓанин.

Стабилноста на државата, меѓуетничката толеранција и соживот, како и интегрирањето на земјата во ЕУ и НАТО-алијансата, се од суштинско значење за иднината на државата, и затоа овие приоритети ќе го имаат должното внимание на новата влада.

ВМРО-ДПМНЕ нуди програма, која ќе значи обнова на економијата, обнова на сите сфери на нашето живеење, обнова на самодовербата, обнова на духовните вредности, обнова на духот на заедништвото. ВМРО-ДПМНЕ нуди програма која ќе значи преродба на Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ ги повикува сите граѓани на Република Македонија на заеднички ангажман и работа за да се остварат заедничките цели, за да тргнеме со големи чекори напред, кон развојот и иднината.

## 1.2 Економски пресврт и намалување на невработеноста

- **Сакаме двојно повисок доход по жител за 10-12 години.** Ние не сакаме да чекаме 70 години. Секој од нас има еден живот и сакаме да го живееме сега, достојно и богато.
- **Ќе оствариме стапка на раст на БДП од 6 до 8%** годишно базиран врз примена на современи технологии во економијата, зголемена продуктивност и конкурентност, унапредување на земјоделството, како и инвестиции во образованието и информатичката технологија. Нека не ве заплашуваат слабите резултати, некомпетентната и плашлива Влада на СДСМ и да мислите дека тоа не е остварливо. Погледнете ги примерите на Естонија, Летонија, Литванија, Ирска, Кина, па и Романија и Бугарија во последниве неколку години. Ние ви нудиме програма за економски пресврт!

  ВМРО-ДПМНЕ има тим на способни, успешни и докажани професионалци од земјава и светот кои ќе ја остварат оваа цел. Повеќе инвестиции, иновации и водење економија на знаење. Со низа мерки ќе го ослободиме прет-

приемачкиот дух и креативноста на нашите граѓани.

- **Пораст на вработеноста**. Вработувањето е најважна работа за секој човек. Само вработени луѓе имаат надеж за подобар живот и насмевка на лицата, со радост размислуваат за брак, потомство, купување стан или автомобил.

  Ние бараме од Вас успехот на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ да го мерите единствено преку реализацијата на оваа цел.

  Во нашата програма „Преродба во сто чекори" низа мерки се дизајнирани за да се создадат услови за инвестиции и развој на приватниот сектор, кои ќе донесат нови вработувања. Преку поедноставување на даночната политика ќе му помогнеме на приватниот сектор да отвори бројни нови работни места. Речиси секоја мерка во нашата Програма директно или индиректно има за цел отворање работни места.

- **Зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија преку намалување на трошоците на работење и подобрување на образованието и квалификуваноста на работната сила.**

  Глобализацијата и зголемената конкуренција бараат драстично зајакнување на конкурентската способност на македонските претпријатија. Ние имаме дизајнирано преку 30 директни и индиректни мерки за постигнување на оваа цел.

  Потребни се нови технологии и производи, етаблирање на македонските брендови, поддршка на домашниот производ (да, ќе ги вратиме омиленото "Жолто сонце" и "Купувајте македонски производи"), сертификати за систем за управување со квалитетот на македонските производи, модерен маркетинг, иновации, истражување и развој, модерни менаџери со познавање на неколку светски јазици и компјутери, зголемување на квалификуваноста на работната сила. Ќе им бидеме партнер на македонските претпријатија за остварување на оваа клучна цел од која зависи динамиката на економскиот развој на Македонија.

- **Земјоделството да обезбедува достоен живот за селаните и нето-прилив на девизи во државата.** Како и во сите балкански земји, и во Македонија земјоделството е од исклучително значење за економската и социјалната стабилност на државата. Над 180.000 семејства во Македонија се вклучени во земјоделството и го обезбедуваат опстанокот на оваа земја. Тоа мора да се почитува.

  Согласно со европските определби и буџетските можности, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржува земјоделското производство преку многу повисоки државни субвенции од сегашните. Секоја година од 2006 до 2010 во Буџетот ќе издвојуваме поголем износ на субвенции отколку претходната година, за да достигнаат 20 милиони евра до 2010, или тројно повисоко ниво од сегашното преку низа мерки за стимулација на земјоделството, фискални олеснувања, програми за обука и помош, странски инвестиции и сл. Се очекува дека во овој сектор во наредните четири години би влегле над 150.000.000 евра.

  Ќе се фокусираме кон производите кои се најбарани и најатрактивни за регионалниот и европскиот пазар. Нашата цел е сегашниот трговски де-

фицит во размената на земјоделски производи со странство од 120 милиони долари, до 2010 да го трансформираме во трговски суфицит, односно повеќе да произведуваме и извезуваме храна и земјоделски производи отколку што би увезувале.

- **Ќе ги зголемиме домашните и странските инвестиции** преку подобрување на инвестициската клима (стабилност и предвидливост на регулативата, ефикасна извршна постапка, забрзана наплата на побарувања, заштита на кредиторите), намалување на јавната потрошувачка, дерегулација и либерализација, подобрен квалитет на јавните услуги, подобрена јавна инфраструктура, поефикасно судство.
- **Ќе ја вратиме демократијата во нашата практика.** Медиумите и граѓанскиот сектор ќе ги третираме како генератор на промената на прогресот и како фактор во функција на интересите на граѓаните.

  Тие, како и секој граѓанин на Македонија, ќе имаат целосна слобода на изразување на сопственото мислење. Тоа подразбира и полно право на критика за работата на државните органи, истражување на настаните и достап до вистината и одговорност на носителите на јавни фунцкии навремено и коректно да ги информираат медиумите. Критиката е коректор за работата на секоја влада и е здрава за општеството.

  Приватната сопственост на граѓаните ќе биде повторно првенствено право, како што беше при денационализацијата. Научната и стручната јавност ќе биде респектирана и вклучена во подготвувањето на важни државни и општествени одлуки.

  Изборите во Македонија отсега натаму ќе бидат израз на демократијата и инструмент преку кој народот слободно ќе решава за сопствената иднина.

  На македонската дијаспора ќе ѝ овозможиме гласање преку дипломатско-конзуларните преставништва на Р. Македонија.
- **Ќе воведеме ред во државата.** Ќе го сузбиеме криминалот, и ќе го донесеме во граници нормални на европските. Ќе ги заостриме и зголемиме затворските казни, но притоа ќе обезбедиме пристојни минимални услови за затворениците. Законот нема да биде различен за богатите и сиромашните, како што направи оваа Влада.

  Ќе бидеме многу построги од претходната Влада за престапниците. Убијците, оние што фрлаат бомби, продаваат дрога или злоупотребуваат жени и деца, ќе бидат во затвори, наместо како сега слободно да шетаат и да се среќаваат со членови на владата.

  Ќе го зголемиме бројот на полицајци низ градовите и селата, со префрлање на вработени од канцелариите на терен. Прилеп и сите други градови во Македонија ќе спијат мирно.

  Парламентот ќе го направиме многу попродуктивен. Ќе го воведеме германскиот деловник за работа во македонскиот парламент.
- **Македонија ќе стане полноправна членка на Европската унија.** Во мандатот на новата влада, ќе се одвиваат преговорите за полноправно членство во ЕУ. Како приоритет ќе се земе укинувањето на визите, при што најпрвин ќе се исполнат потребните три предуслови:

1. Интегрално компјутерско поврзување на граничните премини и нивно поврзување со Брисел;
2. Издавање нови современи пасоши според стандарди на ЕУ;
3. Потпишување на договорите за реадмисија со земјите членки на ЕУ.

Со преземањето на овие мерки, особено првата, истовремено значително ќе се влијае на сузбивањето на шверцот и организираниот криминал со цигари, акцизни стоки и друга незаконска трговија. За да се случи максимално брзо влегување на Македонија во ЕУ, потребно е брзо и ефектно исполнување на обврските од мислењето на ЕУ, во кое се наведени најважните проблеми со кои се соочува земјата во сите сектори. **Мислењето на Европската комисија од 9. ноември 2005 година е најголемиот дел од нашата агенда. Тоа е приоритет број еден за Република Македонија.**

Исполнувањето на тие реформи и обврски нема да значи само прием на Македонија во ЕУ, тоа ќе значи подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Македонија, повисоки стандарди и морални вредности, држава со ред и спроведување на законот, со многу посилна економија, држава која ќе биде достојна да биде поканета во друштвото на земјите членки на ЕУ.

Членството во ЕУ за нас не е пуштање на сино-жолти балони. Членството во ЕУ за нас значи македонските граѓани да имаат стандард на живеење близок до европскиот. Односот меѓу бројот на вработените и невработените да е сличен како во Европа. Судството, образованието и здравството да се ефикасни како во Европа. Администрацијата да работи како во Европа. Демократијата и личните слободи да се загарантирани како во Европа. Младите да имаат слобода на движење, шанса за вработување, компјутер за сурфање, да можат да купат авионски билет или да уплатат одмор во странство. Пензионерите да имаат лесно достапни лекови, нега и достоен живот.

Само тогаш кога ќе го постигнеме сето ова, Македонија ќе е вистински, рамноправен и почитуван член на Европа.

## НОВ РАЗВОЕН КОНЦЕПТ „ПРЕРОДБА ВО СТО ЧЕКОРИ“

На Македонија ѝ треба нов развоен концепт. Различен од сето она што досега е видено и спроведувано. Новиот економски развоен концепт е целосно интегриран во Програмата на ВМРО-ДПМНЕ **„Преродба во сто чекори“**. Во изработката на програмата учествуваа познати домашни експерти од македонските универзитети, МАНУ, невладините организации, бизнисмени, како и економски експерти од странство. Дополнително се консултирани стопанските комори, синдикатот, како и поголем број невладини организации и локалната власт.

**Принципи:**

- ✓ Динамика
- ✓ Решителни реформи
- ✓ Економска слобода и еднакви услови за работење

**Генерално, напорите на економската политика ќе бидат насочени кон три основни столба:**

- ✓ Зголемување на конкурентноста на македонските претпријатија и производи преку микроекономски реформи и зголемување на инвестициите во информатика, технологија и знаење;
- ✓ Зголемување на атрактивноста на земјата за странските и домашните инвеститори преку поедноставување на регулативата, подобрена јавна инфраструктура, поефикасни државни институции, намалена корупција и подигнување на квалитетот на работната сила;
- ✓ Група мерки за значајно намалување на корупцијата како еден од најголемите ограничувачи на развојот на државата.

Макроекономска, а особено фискалната политика во функција на подинамичен економски развој, преку намалени и поедноставени даноци, помала јавна потрошувачка и зголемени продуктивни јавни инвестиции.



# 2. ЕКОНОМСКИ РАСТ

## СОЗДАВАЊЕ ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАСТ СО ГОДИШНА СТАПКА ОД 6-8%

### 2.1 Мала јавна потрошувачка и ефикасна државна администрација

На Република Македонија ѝ е потребна мала но ефикасна државна администрација, целосно посветена на задоволување на потребите на нејзините граѓани. Државата ќе обезбеди максимални услови за развој на приватната иницијатива и слободата на македонските граѓани. Во своето дејствување таа ќе се ограничи на извршување на класичните функции околу обезбедување внатрешна и надворешна безбедност за своите граѓани (владеење на правото), обезбедување јавни услуги финансирани преку ефикасно и праведно прибирање даноци од даночните обврзници и строго ограничено регулирање на економската активност во одредени домени.

Заради рационално користење на ресурсите (кадровски и материјални) и за ефикасно извршување на одредени функции, државата ќе настапува преку партнерства со приватниот сектор од земјава и од странство. Јавната администрација, предводена од Владата, ќе продолжи со извршување на задачите за подготовка на Република Македонија за членство во Европската унија, преку натамошна

хармонизација на законодавството со тоа на ЕУ и подготовка и реализација на реформите, според препораките од мислењето на Европската комисија за апликацијата на Република Македонија за членство во ЕУ од ноември 2005 година.

За постигнување на овие цели ќе обезбедиме:

- ✓ Намалување на учеството на **јавната потрошувачка** во БДП за 2 процентни поени до 2010 година;
- ✓ Преструктурирани **јавни расходи** со зголемени **капитални инвестиции** за поголема поддршка на вкупните инвестиции, образованието и здравството. Рок: постепено, почнувајќи од 01.01.2007;
- ✓ **Нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили, мебел** и слично во 2007 година - во првата година од работењето на Владата во целост ќе се воздржиме од набавка на нови возила и мебел за канцелариите. Во 2008-2010, предвидуваме нивно намалување за најмалку 30% во однос на нивото од 2006. Средствата што ќе се заштедат, ќе ги пренасочиме за голем број продуктивни инвестиции и проекти кои се дел од оваа програма;
- ✓ Целосна **деполитизација и професионализација** на јавната администрација преку воведување критериуми за вработување и унапредување базирани врз професионалност и знаење. Проект поддржан со ПАЛ-кредит од Светска банка. Рок: 2007;
- ✓ Функционална анализа на сите министерства и изработка на стратешки планови за нивна поефикасна **систематизација**. Рок: 2006;
- ✓ Максимално редуцирање на **бирократијата и корупцијата** преку дерегулација, намалени дискрециони права и воведување механизми за контрола и следење на работењето на администрацијата од страна на граѓаните. Рок: континуирано 2006-2010.

## 2.2 Макроекономски политики во функција на економскиот раст

Република Македонија има постигнато и подолг период одржува стабилно ниво на цените. Ценовната стабилност е неопходна за креирање на предвидливо макроекономско опкружување во кое претприемачите ги носат своите деловни одлуки. Сепак, во изминатиот период монетарната и фискалната политика се користеа првенствено за амортизирање на надворешни шокови и други неповолни движења во домашната економија и оттаму беа многу рестриктивни. Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе обезбеди да се користат макроекономските политики како механизми за регулирање на макроекономскиот амбиент, во функција на постигнување високи и одржливи стапки на економски раст од 6 до 8 % годишно.

Фискалната политика ќе биде и натаму дисциплинирана, но умерено порелаксирана во делот на капиталните инвестиции. Таа ќе биде целосно во согласност со критериумите од Мастрихт, заради потребата од приближување на политиките кон стандардите на ЕУ. На среден рок ќе се одржува контролиран буџетски дефицит од околу 1,5% од БДП. Ваквата фискална позиција ќе обезбеди развојна улога на буџетот, без притоа да предизвика зголемување на јавниот долг како процент од БДП. Дефицитот од 1,5% при пораст на БДП од 6 до 8% годишно, всушност гарантира постепено намалување на задолженоста на Република Македонија на околу 35% од БДП (сега 40-41%). Од првиот ден ќе се спроведе радикална даночна

и царинска реформа.

Ќе ги зголемиме јавните инвестиции на ниво од 5% од БДП (во моментов изнесуваат само 3%), колку што е просекот на новите членки на ЕУ почнувајќи од 2007 година. Со нив ќе финансираме значајни инфраструктурни проекти: патишта (најкрупен проект ќе биде Коридорот 8), електрани, далноводи, училишта, капитални инвестиции во здравството - амбуланти, одводни и иригациони канали и сл. Средствата ќе бидат обезбедени комбинирано: буџет, концесии на приватни инвеститори, добро таргетирани кредитни средства од Светска банка, ЕБРД и ЕИБ. Во подоцнежните години очекуваме постепено започнување на користење средства од европските фондови. Инвестициската стапка ќе изнесува 25% годишно, постапно од 2007 година.

Ќе создадеме услови за преполовување на каматните стапки. Државата нема да им плаќа на банките за непродуктивно да ги чуваат штедните влогови во државни записи. Заедно со другите мерки во сферата на сигурност на побарувањата и конкуренција во банкарскиот систем, тоа ќе создаде услови банките да ги пласираат средствата во стопанството со камата од 8 до 10% во првите години и европски каматни стапки од 5 до 6% до крајот на 2008 година. Со ова очекуваме пораст на кредитите од околу 25% годишно, слично како во земјите кои станаа членки на ЕУ.

Монетарната политика е во надлежност на Народна банка и нејзината независнот максимално ќе се почитува. Двете основни функции на НБРМ ќе бидат:

- одржување на ценовната стабилност и
- зголемување на ефикасноста на банкарскиот систем и зајакнување на банкарската супервизија.

Ќе овозможиме заживување на станбеното кредитирање. Преку ефикасна регистрација на сопственоста на недвижен имот (куќи, ниви, станови) во единствен регистар, ќе се легализира и ослободи огромен капитал и потенцијал кој сега стои неискористен. Тоа ќе овозможи многу граѓани и земјоделци да можат да го користат сопственичкото право како залог/хипотека за добивање станбени кредити или кредити за бизнис. Со тоа, ќе заживеат не само станбените кредити, туку и пазарот на недвижности кој во многу земји во светот е еден од двата основни двигатели на целокупната економија (заедно со пазарот на капитал).

Вкупните инвестиции треба да достигнат над 25% од БДП, како во брзо растечките земји. Тоа ќе се постигне преку зголемување на домашните приватни и јавни инвестиции и драстично зголемување на странските директни инвестиции.

## 2.3 Подобрување на инвестициската клима

Следниве мерки ќе ја направат Република Македонија атрактивна дестинација за странските инвеститори и ќе ги стимулираат домашните инвеститори:

- ✓ Експедитивна тридневна регистрација на претпријатијата со минимален број на административни процедури;
- ✓ Долгорочна предвидливост на законската регулатива;
- ✓ Немешање на државата во приватниот бизнис;
- ✓ Намалена корупција и бирократија;
- ✓ Поефикасен и поконкурентен финансиски систем;

- ✓ Зголемена ликвидност на Македонска берза и препознатливост на државата и нејзините позначајни компании на странските пазари за капитал;
- ✓ Едноставно и транспарентно оданочување;
- ✓ Намалување на бројот на инспекции на претпријатијата со елиминирање на т.н. "рекетарски инспекции" од криминални или политички мотиви со истовремено зајакнување на нивниот квалитет и транспарентност;
- ✓ Функционален катастар за регулирање на сопственоста на недвижен имот;
- ✓ Забрзана наплата и поголема сигурност на побарувањата;
- ✓ Специјализирани судови за решавање комерцијални спорови;
- ✓ Подобрена инфраструктура преку намалени цени на телекомуникациите, подобрување на транспортната мрежа, безжичен Интернет итн.

Воведувањето на Едношалтерскиот систем беше составен дел на програмата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 година и затоа ја поддржуваме оваа активност.

## 2.4 Микроекономски политики и реформи

### 2.4.1. Подобрување на инвестициската клима

**Започнување бизнис** (Рок: 01.01.2007 година)

- ✓ Постапката на регистрација на претпријатие ќе се завршува најмногу за **3 дена** (како во најефикасните земји Нов Зеланд, Шведска, Австралија, Канада).
- ✓ За регистрација на претпријатие ќе биде доволно да се пополни **еден единствен стандардизиран формулар** - нема да има потреба од пополнување бројни формулари.
- ✓ Секое претпријатие ќе има еден **единствен регистрациски број** за идентификација.
- ✓ Ќе воведеме правило **„молчењето е одобрување"**. Ако не добие одговор претприемачот од Едношалтерскиот регистар за 3 дена, надлежната институција е должна на претпријатието веднаш да му ги издаде сите потребни документи за регистрација.
- ✓ По примерот на многу европски земји, ќе воведеме можност за електронска регистрација на нови бизниси преку **Интернет.**
- ✓ Ќе ја укинеме обврската за **минимален капитал** за регистрација на нов бизнис.
- ✓ Единствениот трошок за формирање ново претпријатие ќе биде **таксата** за регистрација, која ќе биде унифицирана независно од големината на претпријатието.
- ✓ Нема да има обврска/трошоци за претпријатијата за **објавување оглас** во Службен весник.
- ✓ Ќе воведеме **единствена електронска база на претпријатија** - поврзувајќи ги регистарот, судовите, Републичкиот завод за статистика, Царината, Народна банка и општините
- ✓ Ќе воведеме т.н. "**општа клаузула за бизнис**", која ќе овозможи формирање претпријатие без да мора прецизно да се наведува дејноста со која

ќе се занимава. Тоа овозможува “промптно” започнување со бизнис преку купување постоечко претпријатие (постапката трае 2 минути, колку што е потребно нотар да ја заведе промената на сопственоста).

## 2.5 Дерегулација на економската активност

Државата треба да обезбеди рамноправно поле за натпревар на економските субјекти со мерки за поттикнување на конкуренцијата, а некои дејности да ги регулира заради заштита на интересите на потрошувачите и другите економски субјекти. Сепак, цениме дека степенот на регулација во македонската економија е преголем и не одговара на потребите на една современа и динамична економија. Постојат повеќе агенции кои се недоволно кадровски екипирани и најчесто не можат да одговорат на задачите заради кои се формирани и се финансираат од парите на граѓаните. Во најлош случај, тие се извор на корупција. Оттаму, најдоцна до 31.03.2007 година, ќе спроведеме процес на дерегулација и реформа на регулаторните институции преку:

- ✓ **Регулаторна гилотина**: укинување на стотици непотребни дозволи и прописи што го попречуваат нормалното работење на претпријатијата;
- ✓ **Процесирањето** одделни видови лиценци ќе биде строго временски лимитирано;
- ✓ **Административна, а не судска регистрација на сопственоста**. Тоа многу ќе ја забрза постапката и ќе ги растовари судовите;
- ✓ **Регистрацијата на имот** ќе се извршува со само 2 процедури и за 10 дена, наместо сегашните 6-8 процедури за кои во просек се потребни 75 дена;
- ✓ **Едно унифицирано плаќање** за регистрација на сопственоста, кое ќе се извршува во регистарот;
- ✓ Забрзување на постапката за **регистрација на имот** преку компјутеризација: проверка преку Интернет на сопственоста, извршување и регистрација на трансакцијата;
- ✓ Поедноставување на процесот за издавање **градежни дозволи** за индивидуална и комерцијална градба со лимитирање на рокот на 45 дена;
- ✓ Ќе воведеме **етапни инспекции** - инспекторите ќе ја проверуваат изградбата етапно, според динамиката на градбата и по завршување на одделна фаза. Овој принцип успешно функционира во сите нордиски земји, Канада, Австралија, Велика Британија итн.;
- ✓ Овозможување фер конкуренција и подеднакви услови за пристап до бизнисите (**демонополизација**).

### РЕГУЛАТОРНА ГИЛОТИНА

♦ За ефикасно решавање на проблемите од регулативна природа, ВМРО-ДПМНЕ предлага еден иновативен реформски инструмент: “Регулаторна гилотина”, кој, според ОЕЦД и Светска банка, покажа одлични резултати во Шведска, Унгарија, Јужна Кореја и во Мексико во 1990-те, а денес и во Украина, Молдавија и во други земји.

♦ Во рок од 6 месеци ќе се идентификуваат, скенираат, поеднос-

тават и прочистат 500-700 формални прописи со кои се регулира вршењето бизнис во Македонија. Целта е да се елиминираат сите неефикасни и антипазарни елементи во законската регулатива, од кои некои се стари и над 20 години. За сите прописи кои датираат од пред 1990, ќе се бара посебно објаснување доколку надлежната институција предлага да се задржат.

♦ Ќе се елиминираат сите прописи што содржат: ценовни контроли, ограничувања за влез на пазарот (освен оние што се поврзани со јавната безбедност), протекционизам, дискриминација и рестрикции на нормалната комерцијална активност (работно време, рекламирање и сл.).

♦ Сета регулатива која не се базира врз законски решенија или ќе се елиминира, или ќе добие законска подлога.

♦ Прочистувањето на регулативата ќе овозможи да се состави Единствен национален електронски регистар на дозволи, авторизации и сертификати (ЕНЕР).

♦ Рокот за издавање на дозволите од страна на државните институции ќе се лимитира на 10 дена.

♦ Ќе се воведе т.н. "принцип на позитивна сигурност". Тоа значи регулаторот нема да може да наметне никакви нови барања и варијации над она што е содржано во ЕНЕР.

♦ Наплата за издавање дозволи и сертификати може да се врши само за случаите за кои е таквата наплата предвидена со законските прописи.

♦ Ќе се одвојат регулаторните, контролните и инспекциските институции (финансирани од буџетот) од институциите задолжени за тестирање и проверка на квалитет на производи (кои наплаќаат такси за тие услуги).

♦ Институционалната структура на регулаторната реформа ќе биде составена од: Државен совет за регулација на бизнис-активностите (кораководен од министерот за економија и претставници од стопанските комори), работна група составена од експерти од сите министерства и приватниот сектор и секретаријат.

♦ Ефектите од Регулаторната гилотина ќе бидат многустрани:

1. Помала бирократија, подобри услови за бизнис;
2. Помала корупција;
3. Намалување на бројот на регулативни инструменти и нивно поедноставување како резултат на поригорозното скенирање и деталната евиденција;
4. Бизнисмените ќе имаат сигурност дека ако работат согласно со правилата содржани во ЕНЕР, работат согласно со законот. Во случај на спор, ЕНЕР претставува арбитражен извор на информации;
5. Регулаторите ќе имаат мотив и потреба да ги пријават и регистрираат сите регулативни барања во единствениот регистар;

6. Државата за прв пат ќе добие комплетна слика на регулативната структура, што ќе овозможи дизајнирање ефикасна реформа.

## 2.6 Флексибилност на пазарот на работна сила

✓ Со измени во Законот за работни односи ќе се зголеми **флексибилноста на работната сила** преку можност за ангажирање на работници на одредено време во сите дејности, без да мора однапред да се прецизира максималниот рок на договорот. Рок: 31.12.2006.

✓ Ќе се овозможи и стимулира работа со **скратено работно време**. Искуството покажува дека е ваквата флексибилност посебно корисна за одделни категории работници, како мајки со деца, млади работници и сл. Рок: 31.12.2006.

## 2.7 Реформа на даночниот систем

Практиката во земјите во транзиција (Естонија, Литванија и др.) покажа дека ефикасен даночен систем со транспарентни, едноставни и ниски даноци е еден од основните предуслови за економски напредок. Даночното оптоварување на платите и на профитот во Република Македонија не соодветствува на потребата од радикално намалување на невработеноста и поттикнување на инвестициите. За пресврт во оваа сфера, при што даночниот систем од кочничар на економската активност треба да стане нејзин промотор, предвидуваме:

✓ **Најниски даноци во Европа!**

✓ Воведување **рамен данок** (flat rate tax) со единствена даночна стапка за данок на персонален доход и данок на добивка во две фази. Рокови: јануари 2007 на 12%, јануари 2008 на 10%. Концептот е спроведен и даде значителни ефекти во Естонија 1991, Летонија 1994, Литванија 1994, Русија 2001, Србија 2003, Украина 2003, Словачка 2003, Грузија 2004, Романија 2005. Повеќе европски земји се подготвуваат за негово воведување;

✓ Намалување на **данокот на добивка** од 15% на 10%;

✓ Намалување на стапките на **персоналниот данок од доход** од 15, 18 и 24% на 10%;

✓ Нулта стапка на данок за **реинвестирана добивка**;

✓ Намалување на данокот на додадена вредност (ДДВ) од 18% на 5% за **земјоделските репроматеријали и механизација**. Рок: октомври 2006 година;

✓ Елиминирање на т.н "рекетарски" или **политички инспекции** на УЈП и на другите инспекциски органи;

✓ Бескомпромисна борба против **даночната евазија**. Борбата мора да ја добиеме, затоа што се бориме за повеќе учебници, пониска цена на лекарствата, подобра безбедност, спорт и култура, за подобри патишта, инвестиции во енергетиката и сл. Мерките од аспект на превенција и стимулација, се следните:

   - Пониските даночни стапки и едноставната пресметка ќе ги направат трошоците/ризикот од криење на данокот поголеми отколку трошоците на плаќање. Рок: 01.01.2007;

- Хармонизацијата на основицата за плаќање персонален данок и социјални придонеси ќе ја зголеми ефикасноста на наплатата. Рок: 31.12.2007;
- Организациски промени и целосна компјутеризација на базата на податоци на УЈП ќе придонесат за поажурна евиденција на даночните обврзници. Рок: 31.12.2006;
- Целосна фискализација на правните субјекти низ целата територија на државата согласно со Законот. Меѓу другото, ќе се воведе законска измена со која купувачот не е обврзан да плати за стоката или услугата доколку не добие фискална сметка. Рок: 30.06. 2007 година;
- Воспоставување посебна канцеларија во УЈП за големите даночни обврзници. Рок: 30.09.2006;
- Воведување засебен и многу поедноставен систем на плаќање на давачките за малите претпријатија и микропрепријатијата со низок обем на приходи и профит. Рок: 31.03.2007;

✓ **Враќање на ДДВ** за максимум 30 дена, во спротивно државата ќе плаќа казнена камата за секој изминат ден. Рок: 01.01.2007 година;

✓ Ќе ги зголемиме **царинските приходи** преку поригорозно, а поедноставено скенирање со модерна и софистицирана опрема со која “рендгенски” се проверува што има во камионот или во контејнерот со стока, без тој да се растовара. Ќе ангажираме меѓународно призната и искусна консултантска куќа за професионално менаџирање на царинската постапка, по примерот на други земји во Европа.

## 2.8 Заштита на сопственичките права и извршувањето на договорите

Освен претходните реформски активности во сферата на нормативната регулатива, предвидуваме мноштво други реформски мерки, кои директно ќе ги подобрат условите за вршење бизнис:

### 2.8.1. Заштита на сопственичките права

✓ Законот за **извршна постапка** ќе има посебен приоритет. За негова ефикасна имплементација предвидуваме обука за судиите, но и обука за приватниот сектор (кредиторите). Поврзано со ова, ќе ги намалиме таксите за регистрација на кредит кај Централниот регистар.

✓ Нерешените **сопственички права** при купување имот и изградба на деловен простор се огромна пречка за странските и домашните инвеститори. Некомплетната евиденција на имотот и имотните трансакции и нецелосниот катастар создаваат правна несигурност и го спречуваат развојот на пазарот на недвижности. Две третини од приватното земјиште во Република Македонија денес не е евидентирано во катастарот. За решавање на овие проблеми, ќе го забрзаме формирањето на Единствениот регистар на имот **(Катастар)**. Тоа ќе создаде правна сигурност за инвеститорите и ќе ослободи голем пасивен потенцијал кој ќе може да се стави во активна функција - хипотеки за бизнис-кредити, продажба на други лица итн. Рок: 31.07.2007 година.

- ✓ Ќе ја консолидираме базата на податоци за станбените кредити во централниот регистар. Рок: 30.06.2007 година.
- ✓ Ќе ја зголемиме заштитата на **акционерските права**. Акционерите мора да се информирани подобро за интересот на менаџерите во одделни зделки. Ќе се зајакне обврската на менаџерите за објавување на нивните трансакции за купување и продажба на акции, како и други финансиски трансакции поврзани со фирмата. Инвеститорите мора да располагаат со целосна информација пред да се гласа за трансакции поврзани со менаџерскиот тим. Акционерите ќе можат да покренуваат "групен судски спор" (class action lawsuit). Тоа е механизам преку кој цела група акционери, кои се оштетени при откуп на акциите во фирмата во која инвестирале, ќе можат да добијат ист надомест независно дали директно учествувале во судскиот процес.
- ✓ Ќе ја зајакнеме ефикасноста на Комисијата за хартии од вредност. Регулативата ќе се промени во насока на зголемена извршна моќ на Комисијата. Законот за хартии од вредност ќе се ревидира во насока на примена на стандардите на Директивата за транспарентност на ЕУ. Истовремено, ќе се укинат сите рестрикции на трансферабилноста на акциите.
- ✓ Законот за претпријатија ќе се промени во насока на укинување на можноста правни субјекти да се членови на извршните одбори, затоа што тоа ја ослабува одговорноста и транспарентноста.
- ✓ Ќе се обезбеди правна заштита на работниците кои ќе "сигнализираат" законски неправилности и корупција во фирмите, или штетни дејства против инвеститорите.
- ✓ Ќе се воспостави Кодекс на корпоративно управување, во кој ќе се детализираат нормите и правилата на корпоративното управување.

### 2.8.2. Извршување на договорите

- ✓ Воспоставување **информациска статистичка база** во судовите. Информацијата за бројот на нерешени постапки по одделни институции, нивната содржина, бројот на жалби и сл. е предуслов за евидентирање и решавање на "тесните грла".
- ✓ Нотификацијата на тужениот веќе нема да биде пречка за почнување на постапката. Неодзивањето на судските покани досега беше една од основните причини за одолговлекување на постапките. По примерот на други земји (Бугарија, Месико и сл.) доколку тужениот не се појави во суд по првата нотификација, нема да има потреба од лично врачување на втора нотификација - за отворање на случајот доволно ќе биде нотификацијата да биде јавно објавена во службен весник и на огласните табли во судот.
- ✓ Ќе се забрзаат судските процеси преку воведување на т.н. "сумарни процедури" (вклучително и за наплата на долг) за случаите во кои тужениот/должникот нема евидентни аргументи за одбрана и т.н. "автоматски пресуди", за случаи кога должникот неоправдано не се појавува на судските рочишта. Оваа практика се покажа успешна во борбата за намалување на должината на судските постапки во многу земји, вклучувајќи го и Тунис, кој има најефикасна наплата на комерцијални побарувања во светот (7 дена).
- ✓ Стечајната постапка ќе мора да се заврши во рок најмногу од 1 година, а до

крајот на нашиот мандат целта е овој рок да се сведе на 6-8 месеци (овој рок се движи од 6 месеци во Ирска и Јапонија до 10 години во Индија и Бразил).

- ✓ Трошоците на постапката за решавање стечај ќе се смалат десеткратно - на помалку од 5% од вредноста на имотот (сега во Република Македонија достигнуваат и до 50% - податок за 2004, во Финска и Холандија се околу 1%).

## 2.9 Заштита на кредиторите

Извршувањето и наплатата на договорните обврски и заштитата на кредиторите се меѓу клучните слабости на бизнис-климата во Македонија. Затоа предвидуваме мерки за:

- ✓ **Поедноставување на судските постапки** за наплата на хипотека и спречување на должниците да ја одолговлекуваат постапката: а/ како доказ кредиторот ќе треба да поднесе само евиденција за трансакцијата и доказ за неплаќање; б/ еден судија ќе биде задолжен за целата постапка од почеток до крај; в/ ќе се воведат рокови за одделни фази од судската постапка (менаџирање на случајот);
- ✓ Ќе воведеме т.н. “**сумирана постапка**”, со која наплатата на колатерал ќе се разреши под забрзана постапка - со презентирање на само два доказни документа: валиден договор за кредитирање и доказ дека кредитната обврска од договорот не се извршува редовно. Должникот ќе има само 3 дена да го обжали решението на судот. Судот ќе има исто така 3 дена да реши по жалбата (претходно овие две постапки траеја и до 12 месеци). Ако се жали должникот на повисока инстанца, тој суд сега нема како досега да го враќа предметот (во случај на прифаќање на жалбата) кај понискиот суд, туку ќе донесе извршна одлука;
- ✓ Освен судовите, и **овластени приватни претпријатија** ќе можат да го запленат имотот и да вршат наплата преку продажба на хипотеката;
- ✓ Ќе се елиминираат правните пречки за добивање и размена на **кредитни информации**;
- ✓ Ќе го подобриме Кредитниот регистар со снижување на прагот за регистрација, месечно известување, пократок период за процесирање и поврзување на Кредитниот и Централниот регистар. Рок: јуни 2007;
- ✓ Покрај јавниот кредитен регистар, ќе се формираат и **приватни кредитни бироа.** За да стекнат кредибилитет, првите кредитни бироа ќе бидат формирани во соработка со реномирани меѓународни кредитни бироа. Приватните кредитни бироа се поефикасни и обезбедуваат и други информации, како на пример кредитен рејтинг итн.;
- ✓ Кредитните бироа ќе содржат **кредитна историја** за сите полнолетни лица. Собирањето и користењето на таа информација ќе биде регулирано со кодекс, за се подобри инвестициската клима, а притоа да не се наруши приватноста;
- ✓ Кредитокорисниците ќе имаат пристап до својата кредитна историја и можност да побараат корекции на состојбата, доколку е основано;

- ✓ Единствениот регистар покрај кредитната информација, ќе содржи и **регистар на хипотекарните договори** (колатерал), кој ќе може да биде проверуван од страна на банките/позајмувачите;
- ✓ Ќе се прецизираат правилата за тоа кој има предност во наплатата на хипотеката. Колатерализираните кредитори ќе имаат предност пред останатите кредитори (во случај на стечај).

## 2.10 Намалување на сивата економија

Покрај претходните мерки за намалување на даночната евазија, против сивата економија ќе се бориме и со следниве мерки:

- ✓ **Рок од три месеци** за легализација на сивата економска активност им се дава на оние што работат, а го немаат легализирано бизнисот. Во рок од три месеци да се регистрираат, без да подлежат на казни и плаќање на неплатени давачки. По тој рок, контролите и казните се драконски! Рок: октомври-ноември-декември 2006;
- ✓ Зголемување на **мотивацијата** за легално работење преку намалување на даночните оптоварувања на добивката. Рок: 01.01.2007;
- ✓ Стимулирање на **пријавувањето на работниците** преку намален персонален данок, пофлексибилни форми на работен однос и зголемена флексибилност во процесот на вработување и отпуштање од работа. Рок: 31.03.2007;
- ✓ Намалување на **трошоците** за легално вршење на бизнисот преку скратување на комплексниот и скап процес на добивање дозволи за работа, градежни дозволи и други решенија поврзани со бизнисот (Регулаторна гилотина). Рок: 31.03.2007;
- ✓ Модернизација и автоматизација на **царинската процедура** (скенирање на транспортните средства) и професионализација на царинскиот менаџмент. Рок: 2007;
- ✓ Олеснет пристап до **легалните извори за финансирање** на бизнисот: активирање огромен мртов потенцијал за користење на недвижниот имот како хипотека - преку негова регистрација и евиденција во катастарот. Рок: 2007 година;
- ✓ Воведување **посебна канцеларија за големите даночни обврзници** и засебен и многу **поедноставен систем на плаќање на давачките за малите претпријатија и микропретпријатијата** со мали приходи и промет. Рок: 31.03.2007.

## 2.11 Привлекување странски инвестиции

Македонија досега немаше никаква организирана стратегија и план за привлекување странски инвестиции, ниту анализа на стратешките сектори и правци.

Нашата визија е да прерасне Македонија во технолошки лидер на Балканот дизајниран согласно со “ирскиот модел”[1]. Во следните четири години, нашата цел е да стане Македонија главен извозник на софтвер и регионален центар за аутсорсинг за земјите од ЕУ.

**Стратегијата,** за да се оствари оваа цел, вклучува:

- ✓ Во новата влада ќе има **двајца министри без портфељ кои ќе се занимаваат исклучиво со странските инвеститори.** Тоа ќе бидат луѓе кои подолг период поминале надвор од земјата работејќи во познати финансиски или мултинационални компании, лица кои биле дел од меѓународниот финансиски и инвестициски пазар. Рок: веднаш;
- ✓ **Фокус на инвестиции во информатичка технологија и аутсорсинг** (извршување на компјутерски и други услуги за странски фирми - развивање софтвер, внесување и обработка на податоци, процесирање осигурителни полиси, обработка на здравствени документи, телефонски пораки и т.н. call-центри). Проект: Вардарска силиконска долина. Проект: Аутсорсинг. Рок: 01.01.2007;
- ✓ **Давање даночни**, **царински, инфраструктурни и други повластици** за фирмите што ќе работат во рамките на т.н. Технолошки индустриски развојни зони (Проект ТИРЗ). Овие зони беа клучни за развојот на високотехнолошката индустрија во Кина и во други земји. Рок: 01.01.2007;
- ✓ Преку транспарентна јавна постапка, Владата ќе ангажира **20-50 најпознати светски консултантски куќи** за привлекување гринфилд-инвестиции во Македонија. Проект: Инвестициски консалтинг. Рок: јануари 2007;
- ✓ **Агресивна промоција** на инвестициските можности во Македонија од тим предводен од премиерот, а во соработка со стопанските комори и бизнисмените. Проект: Тим Македонија. Рок: 01.01.2007;
- ✓ За поефикасна промоција и привлекување на инвестициите, по примерот на Ирска, ќе формираме **единствена професионална агенција Инвест Македонија**, која ќе развие мрежа на над 20 истурени канцеларии во странство со контакти од сите бизнисмени со македонско потекло. Проект: Инвест Македонија. Рок 01.01.2007;
- ✓ Ќе се укине можноста акционерските друштва да издаваат емисии на акции само за постојните акционери. Рок: 30.10.2006;
- ✓ Воведување на факторингот, кој сега е дозволен само за банките и финансискиот лизинг (сега е многу рестриктивен). Рок: 31.03.2007;
- ✓ Темелна **компјутеризација на УЈП**, сите бази на податоци да ги води во електронска форма, како и завршните сметки;
- ✓ Конкуренција во банкарскиот и осигурителниот сектор со реномирани

1 Ирската економија е убедливо најуспешна во Европа во последниве 10 години, со просечна стапка на пораст на БДП од 8% годишно. Како резултат на отвореноста кон странски инвестиции и поволната регулативна рамка, Ирска е со години најатрактивната локација за бизнис во Европа. Во изминатава деценија странските инвестиции во Ирска достигнаа 7,5 милјарди долари, при што се создадени 370.000 нови работни места.

странски институции. Во таа насока, во 2007 ќе донесеме нов Закон за банки целосно усогласен со директивите на ЕУ и со меѓународните Базелски стандарди. Во соработка со ИФЦ и ЕБРД, **ќе донесеме најмалку две реномирани светски финансиски институции во Македонија.** Рок: 2008.

## 2.12 Конкурентност на домашното производство

Продуктивноста и конкурентноста се болна точка на македонската економија. ВМРО-ДПМНЕ посветува посебно внимание на подобрување на националната конкурентност и продуктивноста на претпријатијата. За таа цел предвидуваме пакет од микроекономски реформи:

- ✓ Ќе ги намалиме трошоците на работење на претпријатијата со **намалување на даночното оптоварување**. Ова ќе даде силен импулс за подобрување на конкурентноста, отворање нови работни места и намалување на даночната евазија и сивата економија;
- ✓ Ќе ги зголемиме буџетските средства за наука, развој и истражување. Постојаното намалување на овие средства во изминативе неколку години е спротивно на трендовите во европските земји и во земјите со највисок економски раст во светот;
- ✓ Ќе воведеме **задолжителен сертификат за македонските производи** наменети за извоз, како и на производите што се увезуваат во Македонија. Ќе ги стимулираме македонските фирми за добивање на меѓународно признатиот стандард за управување со квалитет - ИСО-квалитет. Тоа ќе помогне да се зголеми конкурентноста на македонските производи, бидејќи само производи со сертификат за постојан и докажан квалитет ќе овозможат освојување нови пазари во Европа. Проект: “Црвено сонце”. Рок: 30.06.2007;
- ✓ Со уште поголем опфат и ентузијазам, ќе ја продолжиме општоприфатената акција за промоција на производи со потекло од Македонија “**Купувајте македонски производи”.** Проект: “Жолто сонце”. Рок: 31.12. 2006;
- ✓ Ќе го подобриме **протокот на знаење** меѓу универзитетите и приватниот сектор, како и врската меѓу образованието и пазарот на работна сила (проектно истражување);
- ✓ Во соработка со стопанските комори, ќе иницираме формирање на Конзорциум на најуспешните домашни препријатија кои би формирале **Центар за менаџерско образование.** Проект: Академија за менаџери. Рок 2007;
- ✓ Зголемување на **флексибилноста и мобилноста на работната сила**, што подразбира усогласување на Законот за работни односи со социјалните партнери;
- ✓ Коренито ќе го реформираме **образованието**, во согласност со потребите на современата пазарна економија. Посебно внимание ќе посветиме на **информатиката и технологијата**, со цел да ги преориентираме младите луѓе кон овие дејности на иднината.

## 2.13 Мали и средни претпријатија

Малите и средните претпријатија се клучни за динамизирањето на економскиот раст и зголемувањето на вработеноста во сите брзорастечки економии. Затоа ВМРО-ДПМНЕ им посветува посебно внимание.

Основните проблеми на овие претпријатија во Македонија се отежнат пристап до капитал, административни бариери, преобемна регулатива, правна несигурност. Голем дел од предвидените генерални мерки за решавање на проблемите на македонските претпријатија, а пред сè регулаторната реформа и мерките за подобрување на конкурентноста и инвестициската клима, се посебно значајни за малите и средни претпријатија. Рок 31.03.2007 година.

Покрај тие мерки и реформи, предвидуваме и неколку дополнителни мерки:

- ✓ Ќе иницираме создавање **Бизнис-центри** во општините, каде малите претпријатија ќе имаат на располагање заедничка инфраструктура (сала за состаноци, компјутери и сл.). Целта е да се оствари намалување на оперативните трошоци на работење. Рок: 2007;
- ✓ Заедно со Комората ќе иницираме здружување на истородни мали претпријатија во **мини асоцијации** преку кои ќе се реализира заеднички транспорт на стока, настап на странските пазари, организација на саемски претставувања и сл. Рок: 2007;
- ✓ Ќе ја зајакнеме кадровски и технички Агенцијата за поддршка на претприемништвото и регионалните центри. Рок: декември 2006;
- ✓ Ќе го помогнеме формирањето **мрежа од мали консултантски фирми** кои ќе бидат ангажирани во изработка на инвестициски проекти, бизнис-планови, маркетиншки стратегии, посредување во склучување на трговски зделки во земјата и странство и сл. Рок: 2007;
- ✓ Ќе стимулираме формирање мали занаетчиски работилници од типот на **семеен бизнис**;
- ✓ Ќе го олесниме пристапот до поевтини **финансиски средства** преку проширување на лепезата на хипотекарни инструменти и создавање можност за користење на недвижниот имот за таа намена. Рок: 2007 година.

## 2.14 Проекти во економијата

### ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ (ТИРЗ)

♦ Овие технолошки паркови беа клучни за развојот на високотехнолошката индустрија во Кина и во други земји. ТИРЗ се комплементарни на останатите активности за привлекување странски директни инвестиции во Македонија.

♦ Државата би ги стимулирала компаниите што ќе инвестираат во овие зони преку следниве мерки:

- Инфраструктурно опремување на парковите;
- За првите 100 фабрики (компании) што ќе инвестираат во овие зони, данок на добивка од 0% за првите 8 години, потоа 50% од постоечката стапка, како и ослободување од 50% од персоналниот данок на доход во првите 5 години, а и целосно ослободу-

вање од комуналии;

- Потоа би се плаќале 30% од висината на комуналиите, а ослободувањето од 50% од персоналниот данок би било само за првите 3 години, како и повисока цена за издавањето на земјиштето;
- Ослободување од плаќање царина на увозот на репроматеријали наменет за извозно-ориентирано производство во ТИРЗ;
- Земјиштето би се издавало на 50 години по ниски цени, а во случаи на мултинационални компании како во следната точка, и бесплатно;
- За привлекување на некои од најпознатите мултинационални компании (500 од листата на Fortune Global 500 или Business Week Global 1200) Владата би понудила изградба на фабрички хали од страна на државата;
- Вакви поволности ќе бидат овозможени за компании што ќе инвестираат минимум два милиони евра во првите две години и би вработиле минимум 30 луѓе;
- Во привлекувањето на вакви компании, треба успешно да се "продаде приказната" дека Република Македонија не е пазар од 2 милиона граѓани, туку пазар над 500 милиони жители. Тој пазар може да се реализира преку спогодбите за слободна трговија со речиси сите држави во Источна Европа, со Договорот за стабилизација и асоцијација со 25-те земји членки на ЕУ и со договорот ЦЕФТА, кои ги има потпишано нашата земја, а отвараат можност за бесцаринска продажба на еден огромен пазар.

## ВАРДАРСКА СИЛИКОНСКА ДОЛИНА

♦ Еден од технолошките паркови ќе биде наменет за претпријатија за изработка на софтвери, склопување хардвер, дигитални записи, компјутерски чипови итн.

♦ Со помош на странските консултантски куќи, ќе им биде понудено на најголемите светски компании во сферата на софтверот, дигиталната техника и истражувањата (Оракл, Мајкрософт, Циско) без никакви трошоци да отворат свои лаборатории во Вардарската силиконска долина, или да извршат аутсорсинг на дел од своите операции.

♦ Владата ќе обезбеди инфраструктура и ќе даде даночни олеснувања за претпријатијата што ќе се лоцираат во Силиконската долина.

## ИНВЕСТИЦИСКИ КОНСАЛТИНГ

♦ Владата ќе ангажира 40-50 најпознати **светски консултантски куќи** за привлекување гринфилд-инвестиции во Македонија.

♦ Консултантските куќи би се селектирале според реномето и бројот на потенцијални компании од земјата во која се лоцирани.

Тие ќе работат во координација со Владата и Агенцијата за инвестиции (Инвест Македонија).

♦ Владата би ги покрила само основните трошоци во периодот додека консултантите бараат потенцијални инвеститори, а по успешната реализација би добиле соодветна компензација од реализираната инвестиција.

♦ Посебен стимул/бонус консултантите би добивале за инвестиции во агрокомплексот и прехранбената индустрија, кои се потешки за привлекување инвестиции.

## АУТСОРСИНГ

♦ **Аутсорсингот е бизнис на иднината.** Тој има потенцијал да создаде илјадници работни места за македонските граѓани. Македонија може да прерасне во првокласна дестинација за аутсорсинг за земјите од ЕУ. За тоа е потребно: либерализиран пазар на комуникации, квалификувана работна сила и ниски оперативни трошоци во споредба со развиените земји.

♦ Македонија може да ги исполни овие услови. Во Македонија има илјадници информатичари и десетици IT-компании. Повеќето од нив имаат развиени контакти со странски фирми, а трошоците на работната сила кај нас се далеку пониски од Европа.

♦ Владата преку приватниот сектор и странските консултантски куќи ќе воспостави контакти со странски фирми кои се заинтересирани за аутсорсинг на дел од нивните дејности во Македонија.

## ТИМ МАКЕДОНИЈА

♦ Целта на тимот ќе биде агресивна промоција на македонските инвестициски и извозни можности, освојување нови пазари (ЕУ, Русија, САД, Украина, Блиски исток и др.) и продлабочување на постојните пазари.

♦ Во соработка со ангажираните консултантски куќи, ќе се промовира имиџот на македонската економија.

♦ Тимот ќе го предводи македонскиот премиер, а во него ќе учествуваат економските министри, експерти и врвни менаџери и претприемачи од земјава.

♦ За резултатите, премиерот два пати годишно ќе го известува Собранието.

♦ Тимот ќе има логистичка поддршка од стопанските комори и од Инвест Македонија.

## ИНВЕСТ МАКЕДОНИЈА

♦ Ќе го реплицираме примерот на Ирска, најуспешната земја на светот во привлекување странски директни инвестиции (Enterprise Ireland).

♦ **Инвест Македонија** ќе претставува единствена развојна и инвестициска агенција во Република Македонија, која ќе ги обедини на едно место сите државни агенции и институции кои во моментов вршат дисперзирани, скапи и неефикасни активности поврзани со инвестициите и со развојот на малите и средни претпријатија.

♦ Инвест Македонија ќе се професионализира, екипира и реорганизира на начин кој ќе обезбеди да претставува оваа институција сеопфатен пункт за контакти и информации за регистрација, изнаоѓање пазари, финансиска поддршка, регулатива и за следниве намени:

а/ помош за изнаоѓање пазар за македонски претпријатија кои сакаат да извезат во странство;

б/ стимулирање нови иновативни бизниси со високи извозни потенцијали;

в/ контакт за странски претпријатија кои сакаат да продаваат во Македонија;

г/ комплетен сервис за странски фирми кои сакаат да инвестираат во Македонија (анализа на пазарот, регулатива, контакти со приватниот сектор и Владата);

д/ развој на нови мали и средни бизниси;

ѓ/ гарантен фонд за извозните препријатија.

♦ За поуспешно извршување на функцијата, покрај локалната канцеларија ќе биде формирана и сеопфатна мрежа од над 20 канцеларии во странство. Тие ќе располагаат со база на податоци на Интернет на Македонци во сите земји во светот (**MAKWORLD**), со информација за контакт и за област во која тие работат/сакаат да бидат контактирани за бизнис. Инвест Македонија ќе соработува со консултантските куќи кои ќе бидат ангажирани за анимација на странски инвеститори.

## ЦРВЕНО СОНЦЕ

Ќе воведеме задолжителен сертификат за македонските производи наменети за странство, како и на производите што се увезуваат во Македонија.

Ќе ги стимулираме македонските фирми за добивање на меѓународно признатиот стандард за управување со квалитет ИСО. За оваа цел, ќе ги реорганизираме, професионализираме и екипираме соодветните институти и агенции во Република Македонија.

Оваа мерка ќе помогне да се зголеми конкурентноста на македонските производи, бидејќи само производи со сертификат и со

постојан и докажан квалитет можат да овозможат освојување нови пазари во Европа.

Воедно, со ова подобро ќе се контролира квалитетот на производите што се увезуваат во Македонија, наместо сегашниот хаос во кој земјата губи огромни девизни средства за производи со сомнителен квалитет.

## ЖОЛТО СОНЦЕ

Продолжуваме онаму каде што застанавме пред четири години. Со најомилената автентична македонска кампања **”Купувајте македонски производи”**. Овојпат со уште поширок опфат и поголем ентузијазам.

Кој ќе му помогне на нашето стопанство, ако не ние самите?

## МАЛИ АМА ГОЛЕМИ (МАГ)

Ќе го поддржиме финансирањето на трошоците за подготовка на производството и влез на нови пазари за малите претпријатија-извозници и ќе понудиме бесплатни совети за маркетинг и сл.

Износот на поддршка би бил лимитиран до противвредност на 50.000 евра по претпријатие. Средствата ќе можат да се користат за:

- набавка на репроматеријали за производство за извоз,
- покривање на трошоците за маркетинг,
- развој на дистрибутивна мрежа во странство итн.

Услови:

- државата ќе обезбеди финансиски средства што ќе се дистрибуираат преку Банката за развој, домашни банки (банките ќе ја оценуваат можноста да кофинансираат);
- средствата ќе бидат одобрувани на 5 години, со грејс период од 1 година. Динамиката на отплата ќе биде флексибилна - прилагодена на проектираните готовински приливи;
- камата во висина од 5%;
- претприемачите кои по истекот на првата година го удвоиле бројот на вработени на неопределено време во однос на почетниот број, ќе добијат уште една година грејс период. Почнувајќи од третата година, ќе имаат обврска да започнат со враќање на средствата.

♦ Средства: 10 милиони евра, Банка за развој, Буџет, поволни кредитни линии од Светска банка, техничка помош од ИФЦ, Инвест Македонија.

## ЕКВИТИ-ФОНДОВИ

Владата ќе иницира и ќе учествува во формирање на најмалку два инвестициски фонда, поточно т.н. **еквити-фондови,** од типот на СЕАФ, формиран од УСАИД.

Владата ќе понуди да формира вакви фондови со учество најмногу

до една третина, заедно со ЕБРД, УСАИД, ИФЦ, со комерцијални домашни и странски банки и со други реномирани меѓународни организации и институции. Формирањето вакви фондови ја раздвижува економијата. Тие вршат докапитализација во одредени приватни претпријатија, најпрвин само со консалтинг, а понекогаш и со професионално менаџирање. По извесно време (година, две или три), фондовите излегуваат од овие приватни претпријатија, преку продажба на акциите, чија вредност е значајно зголемена заради развојот на претпријатието, кој се должи на влогот на капитал, знаење и иновации од консултантите или привремениот професионален менаџмент. Потоа, ослободените пари, фондот ги вложува во други претпријатија.

Еден од овие фондови би бил специјализиран само за вложувања во земјоделството, производството на храна и генерално агрокомплексот, како посебно значајна гранка во земјата.

Фондовите би имале професионален менаџмент избран по процедури и стандарди на горенаведените институции.

За оваа намена, во секоја од четирите години владата би можела да одвојува во буџетот три до пет милиони евра. Тоа е начин за инвестирање на дел од буџетските средства директно во развојот на стопанството, но на професионален начин, преку контрола, процедури и стандарди на ЕБРД, УСАИД, ИФЦ и слични на нив. Искуствата со вакви фондови во земјата и во другите држави во транзиција се многу позитивни. Тие имаат значајно влијание на зголемување на конкурентноста на приватните компании во домашната економија.

## ЗА ДОБРИТЕ ИДЕИ НЕМА БАРИЕРИ

Ќе ги поддржиме фирмите што имаат потенцијални извозни договори, но немаат можност да добијат кредит за производство, бидејќи немаат изграден бонитет, соодветна хипотека и сл.

Фирмите ќе ги презентираат своите преддоговори за извоз за чија реализација немаат доволно финансиски средства кај Гарантниот фонд (ГФ). Доколку ГФ оцени дека е квалитетот на извозната зделка на задоволително ниво, склучува договор со домашната фирма и со странскиот партнер, со кој се обврзува да ја финансира набавката на суровини и репроматеријали за производство и го гарантира извозот. Кога ќе се испорачаат готовите производи во странство, странскиот партнер ги префрла средствата на сметка на ГФ. Задржувајќи провизија за покривање на сопствените трошоци и ризик, ГФ остатокот на средства ги префрла на домашната фирма, со што завршува првиот циклус. Соработката меѓу ГФ и домашната фирма продолжува сè додека фирмата не оцени дека може да го продолжи бизнисот самостојно.

♦ **Средства**: 5 милиони евра. Гарантен фонд, Македонска банка за поддршка на развојот, кофинансирање со меѓународни организации од типот на УСАИД, ИФЦ, ЕБРД и слични.

## ТОП МЕНАЏМЕНТ

♦ Во партнерство со приватниот сектор ќе финансираме 4-месечна обука на 500 македонски менаџери во познати странски компании во светот. Ова е еден вид твининг-програма за приватните менаџери. Првите менаџери што ќе се пласираат помеѓу избраните 500, по претходен договор, ќе работат заедно со менаџерскиот тим на компанија од иста област, во која работи и нивната компанија, во понапредна држава (на пример: во Унгарија, Чешка, Словенија, Полска, Грција и слично). Потоа, откако кратко ќе се вратат во земјата, ќе заминат на следни два месеца во многу понапредна држава, во многу понапредна компанија од иста област од која доаѓаат тие (на пример во светски познати компании од истиот сектор во Германија, САД, Велика Британија, Франција, Италија, Австрија и слично). Во тие компании тие ќе бидат вклучени во секојдневното работење со врвниот менаџмент на компанијата: ќе учествуваат во дневните состаноци на менаџментот, во преговори со други компании, во купопродажни договори, во освојување нови пазари, во маркетингот и презентацијата, во одлуки околу воведување нова технологија, во техничко-технолошки одлуки, итн.

♦ Има ли подобра можност за да се направат долгорочни здрави контакти, да се научат техники за освојување нови пазари од врвни западни менаџери, да се запознаат и да се направат стабилни односи со многу други компании од истиот сектор, да се научи повеќе околу маркетиншката стратегија на западните менаџерски тимови, и можеби најмногу од сè, да се поприми нивната филозофија на работа, живеење, размислување и успех?

♦ Ваков проект кој директно влијае на подигнување на конкурентноста на компаниите, направија многу држави: Словенија, Боливија и некои азиски транзициски држави и се покажа како многу успешен и корисен. Тоа е инвестирање во знаење кое директно влијае на зголемување на конкурентната моќ на македонските компании.

♦ Средствата ќе бидат обезбедени од кредит од Светската банка, која има спроведено вакви проекти во повеќе држави.

Можно е, по завршувањето на проектот, истиот да биде повторен со нови 500 менаџери.

♦ Истовремено, паралелно со овој проект, владата ќе ангажира пет врвни консултантски куќи и тимови од пет различни сектори, кои ќе работат на подигнување на конкурентноста на повеќе приватни компании во пет сектори во Македонија. Овој проект оди во пакет со претходниот и двата заедно чинат околу 9 милиони евра.



# 3. РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Развојот, инвестициите и унапредувањето на земјоделството во наредните четири години ќе дадат значителен придонес во вкупниот економски раст на земјата. Во Република Македонија има околу 180.000 семејства кои работат и живеат од земјоделство. Уште побитно е дека токму македонските земјоделци произведуваат речиси 90% од храната што ја конзумираме. Тие ја одржуваат плодната почва и ги негуваат убавините на селските средини. Ние чувствуваме голема должност и обврска да го стимулираме развојот на земјоделството и на земјоделците да им обездедиме пристојни услови за работа и живот. Нашата политика ќе биде насочена во следниве компоненти.

## 3.1 Развој на производството и поддршка на извозот

Владата ќе поддржи формирање компанија за извоз и промоција на македонски земјоделски производи, по принципот на Австралија, со професионален менаџмент објавен на меѓународен тендер. Раководењето ќе се одвива со најмалку двајца менаџери кои имаат повеќегодишно меѓународно искуство во продажба на земјоделски производи. Целта на оваа компанија ќе биде организирана промоција и извоз на македонските земјоделски култури на странските пазари, организирано подигнување на стандардизирано производство за извоз и сл. Рок: декември 2006.

✓ Ќе донесеме Национален акционен план за развој на земјоделството. Во него ќе се фокусираме на стимулирање на приоритетните групи на про-

изводи за кои постои побарувачка од европските земји. Според првичните анализи, најбарани се раноградинарските производи, здравата органска храна, овошјето, квалитетните сорти вина, јагнешкото месо итн. Рок: 01.01.2007 година.

- ✓ Поддршка за воведување интензивно производство на **нетрадиционални производи** (како на пр.: ситнозрнесто овошје, нови раноградинарски култури, аспарагус, козјо млеко и месо, пчелини производи, полжави, ноеви, лековити и ароматични растенија, цвеќе, соја, риби итн.) со извозен потенцијал кои генерираат повисок приход со поограничени ресурси.
- ✓ Поддршка на активностите за промовирање карактеристични **национални брендови** на земјоделски производи и нивна промоција на надворешните пазари.
- ✓ Стимулирање на **конкуренцијата** и елиминирање на монополистичкото однесување на одредени големи компании, особено од млечната, винската и преработувачката индустрија, кои креираат диспаритети на пазарот.
- ✓ Ќе го продолжиме позитивното искуство од заедничките вложувања на странските и домашните компании, како што беше случајот со македонско-холандскиот проект за производство на цвеќиња во Виница.
- ✓ Стимулирање на странските инвестиции во агрокомплексот, прехранбената индустрија и индустријата за млеко. Во овие области се потребни нови вложувања, прочистување на регулативната рамка и подобрување на ефикасноста на работењето.

## 3.2 Регулирање на сопственоста на земјиштето

- ✓ Развој на функционален пазар за промет и закуп на земјоделско земјиште (особено државно).
- ✓ Ќе извршиме **нова, праведна и транспарентна распределба на државното земјоделско земјиште** на вистинските производители, давање можност за доделување земјиште на плодоуживање на индивидуални земјоделци со јавна и транспарентна процедура. Рок: март 2007 година.
- ✓ Формирање на земјиштен катастар. Рок: јуни 2007 година.

## 3.3 Буџетска поддршка

- ✓ Износот на буџетски субвенции за поддршка на земјоделското производство ќе се зголемува секоја година за време на четиригодишниот мандат на ВМРО-ДПМНЕ, наместо да се намалува како што се случува сега.
- ✓ До 2010 во буџетот ќе се обезбедат три пати повеќе средства (20 милиони евра) за директна поддршка на земјоделците во споредба со 2005 (само 6,8 милиони евра). Со низа мерки за стимулација на земјоделството, фискални олеснувања, програми за обука и помош, странски инвестиции и сл. се очекува дека во овој сектор во наредните четири години би влегле над 150.000.000 евра.
- ✓ ДДВ за земјоделските репроматеријали и механизација ќе се намали од 18 на 5%. Рок: октомври 2006
- ✓ Финансиска помош за производителите на млеко да купат нов поквали-

тетен сточен фонд и апарати за чување на млекото, со што приносот ќе се доближи до европскиот просек од 6.000 литри млеко годишно од една крава (сега е двојно понизок). Владата ќе создаде услови за отворање на најмалку уште една или повеќе големи млекари, заради создавање конкуренција во откупот на млеко и преработката во млечни производи како и нивна продажба.

- ✓ Поддршка на производството на тутун и строга контрола над откупот на тутун, со цел квалитетот да биде реално проценет.
- ✓ Поддршка за производството на грозје, јаболка и друго овошје за инвестиции во нови насади, менување на сортите кон поквалитетни и побарани на пазарот, ладилници и калибратори. Воедно, ќе го поддржиме здружениот настап на производителите на калибрирани, стандардизирани и добро спакувани јаболка/овошја на домашниот и на странските пазари.
- ✓ Поддршка на производителите на пченица, јагнешко месо и други земјоделски производи.

## 3.4 Поволни услови за кредитирање

- ✓ Ќе го олесниме пристапот на земјоделците до поевтини долгорочни кредити преку регистрација на недвижниот имот (ниви, куќи и сл.) во единствениот катастар, со што ќе се создадат услови за негово прифаќање од банките како хипотека. Рок: 2007.
- ✓ Зголемување на понудата на поволни рурални кредити и подобрување на пристапот на земјоделците кон долгорочни кредити за купување земјиште.
- ✓ Среднорочни кредити за инвестиции во опрема и објекти, краткорочни кредити за обезбедување обртен капитал.
- ✓ Дополнителни финансиски средства преку нови поволни кредитни линии, вклучувајќи нови ИФАД-кредити, со пониски каматни стапки од сегашните. Рок: 2007.
- ✓ По усогласување на регулативата со ЕУ, Македонија ќе почне да добива средства по САПАРД-програмата на Европската комисија. Со нив ќе се обезбеди поддршка на производството на пченица, индустриски растенија, лозарство, овоштарство, сточарство, механизација итн. Рок: 2009-2010.

## 3.5 Наводнување и контрола на поплавите

- ✓ Одржување на постоечката мрежа за наводнување и обновување на запуштените капацитети преку правилно користење на средствата за капитални инвестиции и странските донации.
- ✓ Зголемување на наводнуваната површина во државата.
- ✓ Реформи во користењето и управувањето со иригациските системи (водните заедници).
- ✓ Ефикасна заштита на земјоделските површини и домаќинства од поплави, која ќе ја реализираме веднаш, во 2006 година.

- ✓ Ќе ги заштитиме шумите преку спречување на нивното неконтролирано сечење и зголемување на шумскиот фонд. Истовремено, ќе ја поддржиме дрвната индустрија, со тенденција за пренасочување на производството кон извоз.

## БИОХРАНА

Македонија има идеални услови за производство на здрава храна. Здравата (органска) храна може да прерасне во значаен извор на девизни приходи и да обезбеди егзистенција за многу производители на зеленчук, овошје, млеко и месо.

- ✓ Ќе иницираме формирање Асоцијација на производители на здрава храна.
- ✓ Ќе воведеме македонски стандарди и сертификати за производство на органска храна (со лого “здрава храна”).
- ✓ Во согласнот со регулативата на ЕУ, производителите ќе добиваат сертификат за квалитетно производство.
- ✓ Државата ќе обезбеди буџетска поддршка за започнување на производство на органски здрава храна.



# 4. ИНФРАСТРУКТУРА

Република Македонија, како држава која се наоѓа на крстосницата на главните коридори исток-запад и север-југ треба да има голема корист од оваа своја географска погодност. Од друга страна, вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за намалување на невработеноста и сиромаштијата, за зголемување на конкурентноста на националната економија, за повисок економски раст и порамномерен регионален развој во насока на интензивирање на евроинтеграцијата на Република Македонија.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во периодот 2006-2010 година ќе реализира јавни инвестициски проекти од областа на градежништвото, водоснабдувањето и одведувањето урбани отпадни води, системите за наводнување, транспортот, гасоводната мрежа и енергетиката. Средства за оваа намена ќе бидат обезбедени од различни извори и тоа преку издавање концесии, домашни и странски директни инвестиции, странски донации и директно од буџетот на државата.

## 4.1 Градежништво

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага пред сè за развој на градежништвото, бидејќи сме цврсто уверени дека со тоа ќе се создадат предуслови за разрешување на двете најгорливи прашања во Република Македонија: намалување на невработеноста и развој на економијата.

Во таа смисла, сметаме дека е неопходна изградба и заживување на патниот и железничкиот коридор исток-запад т.е. Турција – Бугарија – Македонија – Алба-

нија, како и довршување на патниот коридор север-југ т.е. Србија и Црна Гора – Македонија – Грција. Овие два коридора претставуваат стратешки и економски приоритети, кои ќе направат Република Македонија да прерасне од географска во вистинска сообраќајна крстосница на Балканот.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот четиригодишен мандат ќе се залага секое населено место со економско прифатлив број жители, како и оние населени места кои овозможуваат враќање на населението, да бидат поврзани со асфалтни патишта. Оваа наша обврска произлегува од прифатената констатација дека развојот на локалните инфраструктурни проекти овозможуваат побрза и поефикасна комуникација меѓу населените места и нивно интегрирање со мрежата на регионални патишта и автопатишта. Тоа, пак ќе доведе до подобрување на квалитетот на живеење и социјално-економскиот развој на населените места во Република Македонија. Една од приоритетните задачи на новата влада ќе биде интегрирање на мрежата на автопатишта од Коридорите 8 и 10 со останатите регионални и локални патни правци низ земјата.

## 4.2 Проекти во градежништвото

### ИЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

Во првата година од својот мандат ќе изработиме Национална стратегија за рамномерен регионален развој и изградба на капитални објекти.

### КОРИДОР 8

Во првата година од својот мандат ќе го отпочнеме процесот на издавање концесии на заинтересирани домашни и странски инвеститори кои би изградиле, одржувале и стопанисувале со делови на патните правци од Коридорот 8. Автопатот од коридорот 8 би почнувал од бугарската граница – Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес - Прилеп – Битола - Струга до албанската граница. Основни критериуми за концесионерот би биле постоење на затворена финансиска конструкција и барање од концесионерот високопроцентно учество на македонските градежни компании во изградбата, со цел зголемување на бројот на вработени во домашните градежни фирми и економски раст. Во реализацијата би биле вклучени следните делници:

- ✓ Бугарска граница – Крива Паланка – Куманово
- ✓ Заобиколницата околу Скопје
- ✓ Гостивар – Кичево
- ✓ Кичево – Охрид
- ✓ Охрид – Подмоље – Струга – Ќафасан – албанска граница

## КОРИДОР 10

До крајот на 2008 година ќе се заложиме да го ставиме во функција остатокот од делот на Коридорот 10 од автопатната мрежа со должина од 27 км на правецот Демир Капија – Удово – Смоквица, како и делот на автопатот од Куманово до граничниот премин Табановце. Реализацијата на овој дел од автопатот би се остварила преку давање концесии за истите, поволно задолжување кај меѓународните финансиски институции или со користење претпристапни фондови на Европската унија.

## ИЗГРАДБА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

Во рамките на четиригодишниот мандат, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги изгради и/или модернизира следните патни правци низ државата:

Градско – Прилеп

Битола – Меџитлија

Делчево – Црна Скала

Македонска Каменица – Делчево

Макази – Ресен

Петровец – Свети Николе

Скопје – Самоков

Скопје – Блаце

## ИЗГРАДБА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА АВТОПАТИШТА

Се наметнува потребата од забрзана изградба и модернизација на следните автопатски делници во следниот четиригодишен период:

✓ Велес – Прилеп

✓ Велес – Штип – Струмица

✓ Ресен – Охрид

## ИЗГРАДБА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во функција на поголема и посигурна интеграција, пред сè со сите соседни земји, а со тоа и со Европската унија, ВМРО-ДПМНЕ во својот четиригодишен мандат ќе се залага за отворање на следните гранични премини кон соседните земји:

✓ **Кон Бугарија**

Црна Скала

Ајдучки Кладенец

Клепало

Ново Село

✓ **Кон Грција**

Пуљевац

Маркова Нога

Стење

✓ **Кон Албанија**

Луково Поле

Трница

### НАДГРАДБА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА МРЕЖА

Со оглед дека е основна цел на програмата на ВМРО-ДПМНЕ реструктурирање на железницата и нејзина поделба на железнички транспорт и железничка инфраструктура и постепен влез на приватен капитал само во делот на транспортот, ќе се залагаме за модернизација и надградба на железничката инфраструктура особено на следните делници:

✓ Табановце – Гевгелија во целост

✓ Куманово – Бељаковце – Деве Баир

✓ Битола – Кременица

✓ Скопје - Кичево

## 4.3 Станбена изградба

Во делот на станбената изградба, темелна определба на Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде да создаде поволни институционални претпоставки за изградба на станови, особено за онаа категорија наши граѓани кои немаат можност да градат или да купат сопствен стан. Владата ќе овозможи и ќе инвестира во изградба на 2500 социјални станови, станови за брачни парови и сл. Делумно со сопствени инвестиции, а делумно во партнерство со приватниот бизнис. Во таа смисла, ќе ги поттикнуваме разните облици на здружување на граѓаните и на правните лица, во функција на изградба на поволни домови за живеење. Исто така, ќе ја продолжиме стопиранатa реализација на проектот за изградба на станови за млади брачни парови од страна на сегашната влада. Во конкретна смисла, Владата на ВМРО-ДПМНЕ се обврзува дека ќе оформи соодветна финансиска институција за гарантирање на станбените кредити. Целта на оваа институција е, преку издавање гаранции на банките за отплата на станбените кредити земени од страна на граѓаните, да создаде подобри услови за одобрување поволни и долгорочни станбени кредити, како и обезбедување други финансиски погодности, кои ќе го направат подостапно решавањето на станбеното прашање.

## 4.4 Просторно и урбанистичко планирање и уредување

Уреден животен простор, според европските стандарди, е изворна потреба и цел на секој граѓанин. Оттаму, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за доследна примена на Просторниот план на Република Македонија, со јасно нагласен акцент на неговата развојна компонента. Тоа ќе го оствариме преку:

- ✓ Уредување и рационално користење на просторот, со цел да се создадат поволни услови за живот и заштита на културното наследство;
- ✓ Транспарентност во постапката за донесување и спроведување на урбанистичките планови;
- ✓ Планирањето на просторот ќе биде усогласено со европските нормативи и стандарди;
- ✓ Носење законски акт за отворање пристап за лицата со посебни потреби во сите институции;
- ✓ Урбаните простори според намената ќе се распределат по групи и тоа: административни, производни, трговски, деловни, станбени и др.

### МОЈАТА ДРЖАВА – МОЈОТ ДОМ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во текот на целиот четиригодишен мандат ќе го реализира овој проект со цел подигнување на јавната свест за грижа кон околината во која живееме, за намален сообраќаен метеж и за уредување на просторот според европските стандарди. Убаво и плански уредениот простор е наша препорака за интегрирање во европското семејство. Во реализација на овој проект, покрај Владата ќе бидат вклучени Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски. Средствата за оваа намена ќе се обезбедуваат преку донации и директно од буџетот на државата од делот на комунални такси.

## 4.5 Комунални дејности и водостопанство

Во Република Македонија и во новиот милениум постојат голем број населени места со проблеми за квалитетно водоснабдување, проследено со огромни загуби во мрежите од речиси 50%, а многу населени места воопшто и немаат изградена водоводна мрежа. Речиси секој град во Република Македонија посебно во летниот период има недостаток од вода. Исто така, постои недоволна покриеност со пречистителни станици за вода и одведување отпадни води.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во својот мандат ќе се залага за:

- ✓ Трансформација на локалните водоснабдителни системи во регионални системи за водоснабдување, следејќи ги светските трендови за подобро, поквалитетно, поевтино и ефикасно водоснабдување;
- ✓ Мониторинг на квалитетот и квантитетот на подземните и надземните води;
- ✓ Реконструкција и рехабилитација на постоечките водоснабдителни системи, нивна автоматизација и оптимизација преку модерен систем за набљудување;
- ✓ Ископ на бунари за техничка вода за полевање на зелените и јавните прометни површини со цел да се заштеди чиста вода за пиење;
- ✓ Изградба на нови брани, како мерка на обезбедување доволно количество чиста вода за идните поколенија и за производство на електрична енергија;

- ✓ Изградба на нови и рехабилитација на постоечките канализациски и водоводни мрежи во соработка со локалните власти;
- ✓ Изградба на пречистителни станици со најсовремена опрема за контрола на квалитетот на водите;
- ✓ Примена на најновите технологии за намалување на загубите во водоснабдителните системи;
- ✓ Потпишување билатерални договори со соседните држави, околу заедничкото користење на прекуграничните водотеци;
- ✓ Изработка на квалитетна водостопанска основа на Република Македонија.

Знаејќи дека е водостопанството тесно поврзано со земјоделството и производството на храна, ќе реализираме проекти за обезбедување здрава вода за пиење, обезбедување техничка вода за индустријата, превентивни мерки за одбрана од поплави и антиерозивни дејства. Исто така, ќе се залагаме и за измена и дополнување на Законот за води, со што финансиски и институционално ќе се стабилизира водостопанството.

## 4.6 Проекти во водостопанството

### НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА РЕКАТА ВАРДАР

До крајот на 2008 година ќе се подобри наводнувањето на земјоделските површини во регионите на Струмица, Валандово, Богданци и на Гевгелија. Притоа, ќе биде воведен систем за наводнување “капка по капка” што ќе овозможи поголема економичност во трошењето на водата. Вредноста на проектот е околу 8 милиони евра, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот и преку странски кредити.

### РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ХМС ТИКВЕШ, БРЕГАЛНИЦА И РАДИОВЦЕ-БИСТРИЦА

Со рехабилитација на овие хидромелиоративни системи (ХМС) ќе се опфатат главните канали на секој систем во должина од 110, 134 и 45,5 км, соодветно. При тоа ќе се овозможи мелиорација на површина од околу 50.000 хектари плодно земјиште за наредните 30 години. Преку намалување на загубите на вода низ каналите ќе се подобри и ефикасноста на системите. Проектите според планот треба да бидат готови до крајот на 2007 година.

### ИЗГРАДБА НА ХС ЗЛЕТОВИЦА

Завршување на изградбата на ХС Злетовица кој вклучува изградба на брана Кнежево, пристапен пат, зафат на Кучешка Река и довод на цевки за водоснабдување. На тој начин заклучно со 2010 година треба да се решат проблемите со снабдување со вода за градовите Пробиштип, Злетово, Штип, Карбинци, Св. Николе, Кратово и Лозово со вкупно 900 литри во секунда.

## ДОВРШУВАЊЕ НА ХМС ЛИСИЧЕ

До крајот на 2007 година предвидуваме довршување на ХМС Лисиче. Овој мултинаменски проект, покрај решавањето на проблемот со водоснабдување на градот Велес, ќе служи и за наводнување на околу 4200 хектари плодно земјиште, добивање техничка вода за индустријата и унапредување на животната средина. Исто така овозможува и изградба на неколку мали хидроцентрали.

## ИЗГРАДБА НА ХС „ПЛАВАЈА"

ХС "Плаваја" ќе врши водоснабдување на општините Радовиш, Подареш и Василево, ќе го подобри наводнувањето на површините опфатени со ХМС "Мантово" и ќе овозможи наводнување на приближно 2.600 ха нови површини во Струмичко Поле. Едновремено ќе придонесе за заштита од поплави во овој регион.

## ДОВРШУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ

Целта на овој проект е довршување на повеќе водоснабдителни системи кои се во фаза на реализација во повеќе населени места низ Македонија, како на пример: Гостивар, Тетово, Чегране и Форино, Белчишта, Прилеп, регионален водовод Меџитлија и др. Најголемиот број од нив треба да биде реализиран заклучно со крајот на 2007 година, освен за Гостивар каде проектот ќе се реализира и во 2008 година.

## ПРЕЧИСТИТЕЛНИ, ФИЛТЕР-СТАНИЦИ И КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Изградбата на пречистителни станици и филтер-станици за водоснабдување ќе биде еден од главните приоритети на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. При тоа предвид ги имаме следните проекти: филтер-станица за водоснабдување на Злетово и Пробиштип, подобрување на снабдувањето на градот Скопје, филтер-станица во Куманово и сл. Исто така во рамките на овој проект се довршувањето на канализациската мрежа во Кривогаштани, како и санација, реконструкција и доградба на водоводни и канализациски мрежи во повеќе урбани средини низ државата. Рок на изградба на овие системи е крајот на 2008 година.

### ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ-СТУДИИ

Паралелно со изградбата на поголем број водоснабдителни и ХМС, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги изработи и следните физибилити-студии за поголем број комунални и водоснабдителни проекти како на пример: ХС „Конско", ХС „Слупчанска Река", ХМС „Равен – Речица", ХС „Кадина Река" и ХС „Штипско Поле". Финансирани преку странска техничка помош, донации и дел буџетски средства овие студии треба да бидат завршени до крајот на четиригодишниот мандат.

## 4.7 Телекомуникации

Република Македонија, споредено со земјите од регионот, заостанува во делот на либерализација на телекомуницискиот пазар. Денес граѓаните живеат во информативен мрак, бидејќи пенетрацијата на Интернет е околу 6%, цените на телефонските разговори се повеќе од два и пол пати повисоки од оние во 2002 година, а Македонската радиотелевизија во секоја смисла заостанува зад националните медиуми во соседните држави и во државите-членки на ЕУ.

Пазарот на телекомуникациски услуги сè уште е строго монополизиран и контролиран, а досегашната влада и покрај законските можности и европските барања не успеа да воспостави либерализација на пазарот преку влез на трет мобилен оператор и либерализација во фиксната телефонија.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ, во насока на подобрување на ваквата реалност во телекомуникацискиот сектор во Република Македонија, ќе ги преземе следните активности:

- Целосна **демонополизација, дерегулација и либерализација** на телекомуникациите, а со тоа привлекување нови странски инвестиции и отворање нови работни места;
- **Во рок од 60 дена** распишување тендер за избор на најмалку уште еден **мобилен оператор**. Рок: 2006 година;
- Во рок од 60 дена од формирањето на Владата отстранување на сите законски пречки за целосна либерализација во фиксната телефонија. Рок: 2006 година;
- Регулација и стимулација на конкуренцијата кај кабелските оператори, како и решавање на статусот на јавните локални радиостаници. Рок: 31.12.2006;
- Приспособување на законската регулатива од областа на телекомуникациите и информатиката со регулативата на ЕУ;
- Донесување на Националниот план за развој на телекомуникациите;
- Трансфомација на МРТВ со цел прераснување во јавен сервис на граѓаните, способен да го сервисира своето секојдневно функционирање;
- Воведување професионален менаџмент во МРТВ, со професионален договор избран на меѓународен тендер, по принципот на двајца директори со т.н. врзан потпис, односно принцип на четири очи.

Со цел зголемување на интересот за странски инвестиции во оваа област, ќе пристапиме кон создавање мала и ефикасна администрација, создавање неза-

висни регулаторни тела: Агенција за електронски комуникации и радиодифузија (т.е. спојување на сегашниот Совет за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации во едно тело), Агенција за информатичка технологија и Комисија за заштита на конкуренцијата.

Исто така неопходно е зајакнување на независноста на Агенцијата за електронски комуникации и радиодифузија преку: а/ професионализација и неможност за извршување на друга паралелна функција во јавниот сектор; б/ фиксен мандат со можност за отповикување, само во случај на неодговорно вршење на работата и конфликт на интереси; в/ јасно дефинирање на овластувањата.

## 4.8 Проекти во телекомуникациите

### РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ

Уште во првите три месеци ќе донесеме правна регулатива за уредување на односите помеѓу учесниците на пазарот: извршната власт, националниот регулаторен орган, телекомуникациските оператори на мрежи и услуги, корисниците на услуги, производителите на техничка опрема и нивните претставници во Македонија.

### ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Воведување нови специјалистички студии од областа на информатиката и телекомуникациите за да се зголеми квалитетот на добиените знаења од областа на техниката и посебно маркетингот, подготовка за основи на менаџментот и комуникации во бизнис-средина.

### РАЗРАБОТКА НА НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА НУМЕРАЦИЈА

Националниот план за нумерација е форма на организација на националните телефонски броеви. Во првите шест месеци ќе изработиме нов национален план за нумерација со запазување на европските и меѓународните стандарди, договори и препораки за нумерација. Рок: 31.12.2006.

### МАКЕДОНИЈА НА ИНТЕРНЕТ

Воведување низа мерки за намалување на цената на Интернет-пристапот во Република Македонија. Тоа ќе го направиме со преземање на следниве чекори:

- ✓ Поттикнување и стимулирање на работата и конкуренцијата на кабелските оператори, со што ќе се подигне квалитетот на кабелските мрежи;
- ✓ Поттикнување на отворање на безжични (wireless) мрежни инсталации во урбаните средини;

- ✓ Субвенции со цел зголемување на пенетрацијата на Интернет од страна на граѓаните и правните лица.

## РАДИОДИФУЗЕН СЕКТОР И МЕДИУМИ

Ќе го пуштиме во процедура и ќе извршиме измени во Законот за радиодифузна дејност, имајќи ги предвид измените кои како опција ги предложивме во 2003 и 2004 година, т.е. соединување на сегашниот Совет за радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации. Рок: 31.12.2006.



## 5. ЕНЕРГЕТИКА

Енергијата е база за развој на целокупното стопанство на една земја и втор фактор по работната сила која ја одредува конкурентноста на економијата на глобално ниво. Без долгорочна и одржлива енергетска политика, не можеме да очекуваме дека ќе отпочне нов инвестициски циклус и отворање нови работни места. За жал денес, Република Македонија е силно зависна од сите видови енергија, не само од оние што мора да се увезуваат, како суровата нафта и гасот, туку исто така и од електричната енергија. Република Македонија мора да има стабилна, долгорочна и ефикасна енергетска политика, која ќе овозможи енергетскиот сектор да биде основна движечка сила на македонската економија и столб на суверенитетот на државата. Ние се залагаме за сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со енергија на сите потрошувачи во Република Македонија. Ќе инсистираме за брзо дефинирање на чекорите за либерализацијата на сите енергетски пазари во државата врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминаторен пристап во конкурентски услови.

ВМРО-ДПМНЕ целосно ги почитува Енергетската повелба и Директивите на Европската комисија за енергетика, препораките и правилата од телата и институциите на ЕУ и мислењата и препораките на Светската банка. Во својот мандат, ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за што побрзо редефинирање на постојната законска регулатива од областа на енергетиката во Република Македонија со прифаќање на одредбите од Директивите на Европската унија, нивна брза имплементација, правилна примена и вистинско заживување. Ќе инсистираме на целосно почи-

тување на законските регулативи во однос на безбедноста на работењето на енергетските капацитети, заштитата на животната средина и исполнување на обврските на државата во однос на конвенциите на Обединетите нации и Кјото-протоколот за климатските промени.

Како основа на санацијата и реструктуирањето на електроенергетскиот сектор, ВМРО-ДПМНЕ се залага за подготовка на програма за консолидација на АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО во сите сегменти на работењето: технички, економско-финансиски, правен и развојно-инвестициски. Првенствено се залагаме за потполна имплементација и заживување на процесот на либерализација и реструктуирање на електро-енергетскиот сектор, а потоа за анализа и дефинирање на можните модели за приватизација во енергетскиот систем, како и постепена приватизација на делови од енергетскиот сектор со задржување на доминантноста на државната сопственост.

Активно ќе се залагаме за отварање нови економско-оправдани рударски капацитети и рационално користење на јагленот како суровинска база за производство на електрична енергија. Паралелно, ќе се залагаме и за воведување на природниот гас како енергенс за производство на електрична енергија и ќе ја поттикнуваме изградбата на гасни електрани–топлани. Ќе извршиме ревитализација, модернизација и адаптација на дел од постојните термо-производни капацитети за комбинирано користење на лигнитот и природниот гас како енергенси за производство на електрична енергија.

Нашата партија дава силна поддршка за партиципација на Република Македонија во домашни и регионални проекти за изградба на нови енергетски капацитети по принципот на заедничко вложување (Joint Ventures), како и на проекти врз база на користење на фондовите за развој на хидропотенцијалот. Ќе се залагаме за стимулирање на странски инвестиции за изградба на големи хидроелектрани преку издавање концесии, согласно со законската регулатива. Во оваа смисла, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе се заложи за анализа и за евентуално коинвестирање со соседните земји во изградбата на нуклеарен реактор за производство на електрична енергија кој е предвиден да се изгради во Бугарија.

Во делот на законската регулатива, ВМРО-ДПМНЕ инсистира на утврдување јасна, транспарентна и лесно применлива законска процедура за издавање концесии за изградба на хидроелектрани и соодветни дозволи и лиценци за работа, со максимално почитување на правото на конкурентност. Во својот мандат ќе дефинираме механизми за стимулирање на граѓаните на Република Македонија за инвестирање во изградбата на мали хидроелектрани и ќе предложиме формирање на посебен државен фонд за изработка на инвестициско-техничка документација за изградба на нови хидроелектрани, во кој ќе се вложуваат дел од средствата од приходот од продадената електрична енергија. По примерот на развиените европски држави ќе воведеме етикетирање ''labeling'' на електричната енергија, со што ќе ја подигнеме еколошката свест кај потрошувачите и ќе обезбедиме средства за фондовите за обновливите извори на електрична енергија. Активно ќе го поттикнуваме усогласувањето на режимите за користење на водните ресурси на Република Македонија со соседните држави.

Ќе работиме на зајакнување на капацитетите на интерконекција на високонапонската мрежа со соседните држави. Со добри интерконекции и конзистентна енергетска политика, ВМРО-ДПМНЕ ќе овозможи државата да оствари профит од

својата географска поставеност.

Ќе отпочнеме активности за рационално проширување на гасоводната мрежа на територијата на РМ и создавање можности за етапно воведување на гасот како алтернативен извор на енергија во домаќинствата и индустријата. Ќе работиме на создавање стратегија и услови за замена на скапите и нееколошки нафтени погонски горива со природен гас преку конкретни програми наменети за јавниот и такси-превозот, товарниот транспорт и сл.

Целосно ја поддржуваме изградбата на нафтоводот АМБО. ВМРО-ДМПНЕ има подготвено и соодветен модел за заштита на потрошувачите за да се намали влијанието на честото менување на цените на нафтата и нафтените деривати на светските берзи, како и на цената на електричната енергија, врз стандардот на населението.

Сметаме дека е потребно државата да ги субвенционира цените на течните горива што се користат во земјоделството и на термоизолациските градежни материјали што овозможуваат редукција на енергетската потрошувачка преку намалување на висината на давачките и акцизите. Ќе ја поттикнуваме и изградбата на топлани во поголемите населени места, како и усовршувањето на енергетската ефикасност на возилата со воведување европски стандарди за горивата и изнаоѓање ефикасни методи во замената на енергетски неефикасните возила во државата со современи.

Ќе посветиме внимание на користењето на обновливите извори на енергија, ќе ја поддржиме изработката на комплетен катастар на можни локации за обновливи централи. Ќе се залагаме за едноставна, јасна и транспарентна процедура за издавање концесии за нивна изградба. Особено внимание ќе се посвети на поддршката за производството на биодизел и биоетанол како обновливи енергетски извори од домашни суровини.

За да ја зачуваме Македонија за идните генерации за сите енергетски проекти, со закон, ќе се воведе задолжително изработување Студии за влијание врз животната средина и само по нивна инспекција ќе можат да се реализираат соодветните енергетски проекти.

## 5.1 Проекти во енергетиката

### ТЕЦ НЕГОТИНО – ЕНЕРГЕТСКИ ГИГАНТ НА БАЛКАНОТ

ТЕЦ Неготино долги години беше користена како ладна резерва во електро-енергетскиот систем на Република Македонија од проста причина што цената на мазутот како погонско гориво не дозволуваше негово економско прифатливо работење. Со порастот на цените на енергенсите на светскиот пазар, а со тоа и на електричната енергија и сè поголемата зависност на Република Македонија од увоз на електрична енергија, се наметнува итна потреба од преземање соодветни чекори за модернизација и трансформација на оваа електрана од обична кондензна во електрана со комбиниран циклус со погонско гориво природен гас. На тој начин, покрај тоа што се пристапува кон користење на гасот како еколошки прифатливо гориво во замена за мазутот, едновремено се зголемува искористеноста на горивото и ефикасноста на процесот на производство на електрич-

на енергија. Оваа електрана со својата постојна инфраструктура овозможува инсталирање нови производни капацитети со моќност од преку 600 MW и годишно производство од преку 4 000 GWh. На тој начин, Македонија од нето-увозник на електрична енергија може да премине во нето-извозник.

ВМРО-ДПМНЕ веднаш по освојувањето на власта, ќе пристапи кон сериозно барање на коинвеститор во овој мошне значаен енергетски капацитет во државата. Се оценува дека вредноста на проектот ќе изнесува околу 250 милиони евра, додека краен рок за негова целосна реализација е 2010 година.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕНОСНИОТ ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ

Почитувајќи ја поволната географска поставеност на Република Македонија и следејќи ја моменталната електро-енергетска ситуација на Балканот, може да се забележи дека Република Македонија може да биде значаен субјект во преносот на електричната енергија на овој регион. За таа цел, потребно е нашата преносна и интерконективна високонапонска мрежа постојано да се зајакнува и надградува. Во рамките на овој проект, до крајот на 2008 година ќе изградиме 400 киловолтни интерконективни водови кон Бугарија на потегот Штип – Червена Могила, како и кон Грција на потегот Битола – Лерин. Исто така, во истиот период ќе ги надградиме трафостаниците во Штип од 110 kV на 400 kV напонско ниво и во Битола од 150 kV на 400 kV напонско ниво. Во постојната 400 kV трафостаница Скопје 5 ќе инсталираме уште еден 300 MVA трансформатор 400/110 kV. Финансиските конструкции за сите овие проекти се затворени преку соодветни задолжувања кај ЕБРД и Светската банка. Паралелно, ќе работиме на изготвување студија за исплатливост и дефинирање на трасите за уште два интерконективни 400 kV водови кон Србија и кон Албанија.

## ГАСИФИКАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи ги превид цените на енергенсите на светскиот пазар, се наметнува потребата од диверсификација на енергенсите во државата, при што покрај јагленот, мазутот, хидроенергијата и увозната електрична енергија, сè повеќе простор треба да се даде и на природниот гас. За таа цел, во својот четиригодишен мандат ќе се залагаме за доизградба на магистралните гасовни водови низ целата држава. На тој начин, ќе се овозможи поголемо искористување на природниот гас како енергенс и ќе се намали побарувачката за електрична енергија. Едновремено, со изградба на овие магистрални водови, Македонија може да стане важен транзитен коридор за транспорт на гас од Русија кон Албанија и Косово, како и обратно, од северно-африканските земји кон европските земји. Изградбата на овие магистрални водови ќе се реализира преку затворање на

руските долг кон Македонија, преку поволни задолжувања кај меѓународните финансиски институции како и преку издавање државни обврзници на македонските граѓани и активирање на нивните финансиски средства. Овие проекти треба да бидат следени од помали проекти за гасификација на помали или поголеми урбани средини по должината на магистралните водови преку процес на издавање концесии за гасификација.

## НОВИ РУДНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ ЗА БЕЗГРИЖНА ИДНИНА

Ќе продолжиме со сите активности околу изработката на инвестициско-техничката документација и отворањето на новиот површински јагленов коп Брод-Гнеотино и подинската јагленова серија во постојниот рудник за јаглен Суводол. Основна цел на овој проект е преку заедничка работа на трите јагленови копови да се обезбеди доволно количество лигнит за непречена работа на ТЕЦ Битола за периодот до 2020 година. Паралелно, со експлоатацијата на овие јагленови копови ќе се работи на истражување на други јагленови извори на територијата на државата во функција на непречена работа на постојните термоелектрични централи.

## ИЗГРАДБА НА КОМБИНИРАНА ЕЛЕКТРАНА-ТОПЛАНА ЖЕЛЕЗАРА СКОПЈЕ

На локацијата на поранешната Железара најдоцна до 2009 година ќе изградиме електрана-топлана, која ќе користи природен гас како погонско гориво. Оваа електрана-топлана со инсталирана електрична и топлинска моќност од приближно 190 MW односно 75 MW соодветно, годишно ќе произведува преку 1100 GWh електрична енергија и преку 160 GWh топлинска енергија. На тој начин ќе се супституира значително количество на електрична енергија која сега се увезува, а едновремено ќе им се овозможи на поголем број домови и административно-деловни објекти да го заменат неекономичното загревање со електрична енергија со централно греење. За оваа термоелектрана ќе се користат дел од постојните инсталации на погонот Енергетика во Железара. Средствата за изградба на овој објект во износ од околу 120 милиони евра ќе се обезбедат преку заедничко вложување на домашни и странски заинтересирани инвеститори.

## ИЗГРАДБА НА ГОЛЕМИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ ПО ПАТ НА КОНЦЕСИИ

Само 25% од вкупните расположиви хидропотенцијали на Република Македонија денеска се ставени во функција. Во моментов постои документација за отпочнување процес на издавање под концесии на неколку поголеми и позначајни хидроенергетски објекти, како на пример ХЕ Чебрен, ХЕ Галиште и ХЕ Бошков Мост. Веднаш по освојување на власта ќе отпочнеме со меѓународни процеси за издавање на овие објекти под концесија на заинтересирани домашни

или странски инвеститори според постојните законски прописи во државата. Очекуваме сите три електрани да отпочнат со градење до крајот на 2007 година, со што покрај зголемувањето на инсталираните обновливи извори на енергија, едновремено ќе се поттикне и работењето на домашната градежна оператива што позитивно ќе влијае, како на економскиот раст на државата, така и на намалувањето на бројот на невработените. Паралелно со изградбата ќе се поттикнува и изградба на мали хидроцентрали на целата територија на Република Македонија преку давање концесии за нивна изградба и користење според законските прописи. Динамиката ќе биде инсталирање на нови 10-15 MW во мали хидроелектрани годишно.



# 6. СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ПРАВЕДНОСТ

## 6.1 Намалување на сиромаштијата

Ние веруваме дека најдобра социјална политика е онаа политика што отвора нови работни места. Нашата е да создадеме ефикасен систем на социјална заштита и продуктивно ангажирање на корисниците на социјалната помош. Приоритети:

- ✓ Операционализација на мерките и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата подготвена од Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 година;
- ✓ Изградба и реконструкција на локална инфраструктура;
- ✓ Чистење и одржување јавни објекти;
- ✓ Работи на испомош;
- ✓ Еколошки проекти и заштита на животната средина.

## 6.2 Програма за активни политики

- ✓ Поддршка за самовработување (семеен бизнис) за 5.000 лица. Предност ќе имаат лицата што живеат во неразвиени подрачја и лицата што се долгорочно невработени (над 5 години без работа).
- ✓ Ангажирање невработени лица од најнеразвиените региони во извршу-

вање градежни работи, еколошки проекти и сл.

- ✓ Финансиска поддршка на производството и гаранции за извозот за препријатија што имаат потенцијални договори за извоз, но немаат финансиски средства за реализација.
- ✓ Субвенционирање на вработување на 2.000 самохрани родители и хендикепирани лица.
- ✓ Субвенционирање на вработување на 400 деца без родители.
- ✓ Обука и совети на невработените за преквалификации, контакт со работодавачите, усовршување на нивните знаења и вештини, обука за компјутери и сл.
- ✓ Поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст.
- ✓ Стипендии за обука во странство за 250 млади лица секоја година (1000 лица за 4 години), со обврска да се вратат назад во Македонија.
- ✓ Стипендии за 500 најдобри ученици и 1000 најдобри студенти и постдипломци.
- ✓ Тримесечно вработување во летниот период за средношколци и студенти.
- ✓ Помош на младите луѓе за добивање информации за вработување, за аплицирање и вработување (Млад електронски портал - МЕП).
- ✓ Времено вработување на млади во летниот период во јавниот сектор.

Покрај користењето буџетски средства, дополнителни средства за реализација на активните програми за вработување ќе бидат обезбедени преку партнерство со приватниот сектор, непрофитни организации и грантови од билатерални донатори.

## САМОВРАБОТУВАЊЕ ЗА 5.000 ЛУЃЕ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ силно го поттикнува претприемништвото и слободната иницијатива. Самовработувањето не е решение за секого, но оние што ќе се одлучат за овој начин на заработка за живот и се подготвени да го преземат ризикот, ја заслужуваат нашата поддршка. Посебна предност во добивање средства ќе имаат долготрајно невработените лица (без работа над 5 години), кои заради тоа потешко можат да најдат работа.

♦ **Цел**: Помош за развој на бизнис-планови, обука, преквалификации, финансиска помош за отпочнување семеен бизнис.

♦ **Начин**: Програмата предвидува финансиска поддршка во износ од 5.000 - 10.000 евра, совети за подготовка на проекти и започнување на бизнисот и неограничени консултантски услуги и совети во првите 2 години од работење на фирмата.

Финансиската помош би можела да се користи за:

- купување машини и други основни средства и
- покривање на почетните трошоци.

♦ **Критериуми - услови**:

- сопствено учество во висина од 25%,

- рок на враќање 8 години, со грејс период од 2 години и
- камата од 2% годишно.

♦ **Средства**: 8 милиони евра. Извор на средства: Буџет и Македонска банка за поддршка на развојот

## 6.3 Проекти за вработување

### МАКЕДОНИЈА Е ВАШИОТ РОДИТЕЛ!

Вработување 400 деца без родители во наредните четири години.

✓ Приоритет при вработување на децата без родители во јавниот сектор.

✓ Стимулирање на приватните компании да дадат свој придонес во оваа хумана програма.

✓ Владата ќе направи и посебна програма за да се овозможи решавањето на станбеното прашање на оваа категорија лица.

Министерството за Финансии ќе ја продолжи политиката од пред четири години кога активно помагаше за вработување деца без родители кои стануваат полнолетни.

Искуствата се исклучително позитивни и ние ќе ги преточиме во долгорочна програма за интеграција на децата без родители во нормалниот живот.

Средства: 3 милиони евра. Буџет, приватни фирми и донатори

### ВРАБОТУВАЊЕ НА 2.000 САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ И ИНВАЛИДИ

Вработување самохрани родители и лица кои заради болест или повреда се хендикепирани, и не можат рамноправно да конкурираат на пазарот на работна сила.

✓ Субвенционирање на трошоците за обука/стручно оспособување дури 100%.

✓ Субвенционирање на 50% од бруто-платата во првите 24 месеци од вработувањето.

✓ Работодавачот е должен секои 6 месеци да достави доказ за вработените лица и за редовната исплата на плати.

Потребни средства: 4 милиони евра. Извор на средства: Буџет на Република Македонија

### СВЕТЛО ВО ТУНЕЛОТ

♦ **Цел**: привремено решавање на невработеноста во најсиромашните 20 општини. Целта е во текот на четири години да се креираат околу 2000 привремени работни места;

♦ **Начин**: Буџетска поддршка за невработени лица за различни про-

екти: одгледување билни растенија, печурки, градинарски производи, живинарство, комунални дејности, еколошки проекти, поправки и ремонт на училишта, амбуланти итн.

- **Средства**: 2 милиони евра. Буџет на Република Македонија

# МАКЕДОНИЈА И СВЕТОТ

## 6.4 Развој на надворешната политика

Интеграцијата на Република Македонија во Европската унија и НАТО е најзначаен столб на Владата на ВМРО-ДПМНЕ за развој на надворешната политика. Во оваа насока ќе го промовираме зачувувањето на мирот преку почитување на демократските принципи, човековите права, пазарната економија и принципите на меѓународното право. Партнерството со земјите од регионот, со државите-членки на Европската унија, со САД и со членките на ООН во борбата против тероризмот и организираниот криминал ќе биде интегрална компонента на надворешната политика. Надворешната политика треба да обезбеди заштита на државните интереси и на интересите на нејзините граѓани и стопански ентитети надвор од границите. Водењето на надворешната политика ќе биде насочено кон создавање нови и оддржување на пријателствата со развиените држави во светот.

Примарна цел на надворешната политика ќе биде Република Македонија да стане членка на ЕУ и НАТО. Посебен акцент ќе биде ставен на унапредувањето на односите на Република Македонија со Европската унија и Соединетите Американски Држави. Новата влада ќе работи на развивањето на добрососедските односи со сите соседни држави.

Република Македонија ќе ги негува и развива односите со Русија и другите словенски држави, како и со Кина и други држави.

Владата ќе го продолжи учеството на Република Македонија во Антитерористичката коалиција предводена од САД и Обединетото Кралство.

Една од клучните задачи на МНР, заедно со МВР, ќе биде укинувањето на шенген-визите за македонските граѓани.

Во насока на подобрување и развој на надворешната политика на Република Македонија, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе преземе низа активности:

- ✓ Соработка со сите држави што се залагаат за меѓународна соработка на рамноправни односи;
- ✓ Активирање во борбата против тероризмот како членка на Антитерористичката коалиција, предводена од САД;
- ✓ Реализација на заедничките проекти во Пактот за стабилност и во Партнерството за мир;
- ✓ Учество во работата на меѓународните организации во кои членува: ООН, ОБСЕ, Совет на ЕВРОПА и други;
- ✓ Привлекување странски капитал за економски развој преку развивање на меѓународната соработка;
- ✓ Потпишување договори за соработка, мир и пријателство со сите свои соседи;

- ✓ Интензивна соработка со организации на македонските иселеници во странство за нивно поврзување со татковината.

За остварувањето на овие цели ќе водиме антиципаторска надворешна политика, преку:

- ✓ Синхронизација на активностите на претседателот и на Министерството за надворешни работи (МНР) со помош на законски и програмски документи;
- ✓ Реформа на структурата и организацијата на Министерството за надворешни работи;
- ✓ Развој на мрежа на дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП);
- ✓ Цврсти критериуми при акредитирање на дипломатите;
- ✓ Финансиско и кадровско засилување на ДКП;
- ✓ Ослободување на граѓаните од шенгенскиот визен режим.

## 6.5 Интеграција во Европската унија

Цел на надворешната политика на Република Македонија е интегрирање на националната безбедност во глобалниот безбедносен систем на ЕУ и на НАТО. Претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, со што беше направен крупен чекор во правец на евроинтеграцијата и беше отворена вратата за идните влади да ја внесат Република Македонија во европското семејство.

Обединета Европа е идеалот, кој ќе им обезбеди долготраен мир и економска благосостојба на сите европски народи, како и соработка врз основа на рамноправност и партнерство. Република Македонија во цивилизациска смисла е неразделен дел од Европа, таа е лулка на христијанската европска култура. Затоа, за нас нема други алтернативи, освен целосна интеграција во ЕУ.

Интеграцијата на Република Македонија треба да се темели на заедничките европски вредности, како што се владеење на правото, почитување на човековите права и слободи, општествена правда и одговорност, еднакви права и можности за сите и солидарност.

Република Македонија историски, културно и географски припаѓа во Европа. Полноправното членство на Република Македонија во европското семејство ќе придонесе за зајакнување на стабилноста и за економски просперитет на државата.

За остварување на оваа цел во надворешната политика ќе се залагаме за:

- ✓ Мобилизирање на целокупниот интелектуален и стручен потенцијал;
- ✓ Реализација на бараните реформи од страна на Унијата, со цел државата да ги исполни потребните услови за да стане полноправна членка на ЕУ до 2010;
- ✓ Целосно почитување на роковите содржани во Спогодбата за стабилизација и асоцијација;
- ✓ Подобрување на конкурентноста на стопанските ентитети и нивната можност да бидат конкурентни на европските и светките пазари;
- ✓ Подигнување на капацитетот на судскиот систем.

## МАКЕДОНИЈА - ПОЛНОПРАВНА ЧЛЕНКА НА ЕУ

Брзо и ефикасно исполнување на обврските од мислењето на ЕУ, во кое се наведени најважните проблеми со кои се соочува земјата во сите сектори и реформите што треба да се спроведат:

- ✓ Економски развој и намалување на невработеноста;
- ✓ Гарантирање на човековите права и слободи и јакнење на демократијата;
- ✓ Целосно спроведување на судските реформи;
- ✓ Реформи на полицијата;
- ✓ Организирање фер и демократски избори;
- ✓ Борба против корупцијата и транспарентност во работењето на Владата;
- ✓ Професионализација на администрацијата;
- ✓ Подобрување на бизнис-климата;
- ✓ Почитување на личните и верските права и слободи;
- ✓ Компатибилност на македонското со европското законодавство;
- ✓ Имплементација на обврските од Договорот за асоцијација и стабилизација, пред сѐ во сферата на телекомуникациите (либерализација) и на царината (модернизација).

## 6.6 Интеграција во НАТО

Зачленувањето во НАТО, најзначајната политичко-безбедносна и воена организација во светот, е процес кон кој ќе се стремиме. Сојузништвото на Европа и САД придонесува за зајакнување на мирот и стабилноста во светот и за натамошниот развој на демократијата и слободата на глобално ниво. Ќе работиме во насока на засилување на интеграцијата во северноатлантските структури, што ќе ја одведе Република Македонија до полноправно членство во НАТО. Конкретни задачи на тој план се:

- ✓ Продлабочен дијалог со НАТО, во рамките на Северноатлантскиот совет за партнерство и Партнерството за мир;
- ✓ Реализација на обврските на Република Македонија одредени во Акциониот план за влез во НАТО;
- ✓ Доопремување на македонската армија според стандардите на НАТО;
- ✓ Целосно одржување на оперативната готовност на вооружените сили на Република Македонија во согласност со стандардите на НАТО;
- ✓ Дејствување во рамките на повеќенационалните операции под команда на НАТО;
- ✓ Склучување двострани спогодби за воена, воено-техничка и воено-индустриска соработка, како и соработка со државите-членки на Северноатлантскиот сојуз и други држави признати за водечки кандидати за членство во НАТО;
- ✓ Популаризација на нашата кандидатура за членство во НАТО во домашните и во меѓународните политички кругови, низ координирани заложби на државните институции и структурите на граѓанското општество.

Со цел да ја интензивираме интеграцијата на Македонија во НАТО, ќе продолжиме со зајакнување на демократијата и развојот на граѓанското општество. Активно ќе учествуваме во меѓународните напори во борбата против заедничките безбедносни закани и ќе продолжиме со реформите на армијата со цел да бидат исполнети стандардите на НАТО. Така ќе се создаде мала и ефикасна армија со специјализирани единици, а во согласност со концептот за јакнење на НАТО. Дополнително интензивно ќе соработуваме со сојузниците во Партнерството за мир, ќе ја интензивираме соработката во рамките на Јадранската повелба, бидејќи истата е значаен инструмент на нашиот пат кон НАТО.

Во насока на зачленувањето на Република Македонија во НАТО, ќе се залагаме за побрзо и поефикасно спроведување на реформите потребни за членство во Алијансата преку:

- ✓ реформи на судскиот систем,
- ✓ реформи за спречување на корупцијата,
- ✓ фер избори,
- ✓ стимулирање на малите и средните бизниси,
- ✓ реформи од воената сфера.

## 6.7 Современа дипломатија

Глобализацијата е иманентен процес кој има мошне големо значење за економскиот развој на секоја држава, што има свое влијание и врз менувањето на концептот на современата дипломатска служба. Промоцијата на економските интереси и приоритети на Македонија во странство ќе биде една од најзначајните оперативни задачи на македонската дипломатија. Со оглед дека економскиот развој на Република Македонија е приоритет на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, дипломатската служба ќе биде во функција на постигнување на оваа цел. Таа активно ќе им помага на македонските извозници во освојувањето нови пазари и ќе ги промовира можностите за инвестирање во Македонија. Покрај ова, дипломатијата ќе се специјализира за претставување на културните, уметничките, научните, спортските и други достигнувања на Македонија. За да се постигне ова, неопходно е создавање обучена и високо професионална дипломатија, како и администрација во земјата која ќе биде способна да им даде квалитетна поддршка на ДКП во странство.

## 6.8 Македонија без визи

Слободното движење на македонските граѓани во Европа ќе придонесе за зајакнување на европските вредности во нашето општество, за проширување на видиците на граѓаните, за слободен проток на идеи, знаења и културни и научни достигнувања, односно за забрзување на европеизацијата на Македонија. Ќе преземеме сеопфатни и координирани активности со цел во наредните четири години да бидат укинати визите за македонските граѓани за влез во земјите-членки на Европската унија.

### ПАТУВАЊЕ БЕЗ ВИЗИ

Ќе се оствари тесна соработка со Европската комисија и поединечно со земјите-членки за да се создадат потребните предуслови за укинување на визите. Ќе се интензивира склучувањето билатерлни спогодби за реадмисија со сите земји-членки на Европската унија. Ќе се донесат законски акти со кои кршењето на законите за имиграција на земјите-членки на ЕУ ќе претставува криминален акт и ќе се зајакнат мерките против организаторите на илегално преминување на границите. Целосно ќе се имплементира интегрираното управување со границите согласно со стандардите на ЕУ, ќе се зајакнат домашните мерки, како и регионалната соработка во борбата против организираниот криминал, трговијата со луѓе, дрогата, перењето пари и тероризмот. Целта на овие мерки ќе биде да им се овозможи на чесните граѓани слободно патување во ЕУ, а на другите да им се елиминираат можностите за вршење криминални дејства преку границата.

## 6.9 Грижа за македонските граѓани во странство

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе посвети посебна грижа за македонските граѓани кои живеат и работат во странство, со акцент на младиот стручно образован кадар, кои активно ќе бидат влучени во реформските процеси на Република Македо-

нија. Владата ќе овозможи дијаспората да гласа на изборите во дипломатско-конзуларните преставништва. Владата повторно ќе ја отвори Агенцијата за иселеништво.

### ПОВРЗУВАЊЕ СО ИСЕЛЕНИЦИТЕ

Владата активно ќе го зачувува националниот, културниот и духовниот идентитет на иселениците од Република Македонија, ќе го стимулира и потпомага поврзувањето на нашите иселеници, ќе иницира редовни средби со иселениците во Македонија, како и средби на кои ќе се поврзуваат иселениците и граѓаните во Република Македонија, кои се занимаваат со одредена професија, со цел да најдат заеднички допирни точки за нивно професионално унапредување и соработка.

### СО ЗНАЕЊЕ ДО МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржува враќањето на стручниот кадар во Република Македонија и активно ќе го вклучи во значајните реформски процеси со цел своето знаење до го применат за просперитетот на Република Македонија.

## 6.10 Регионална соработка

Ќе ги поддржуваме инцијативите за зајакнување на регионалната соработка кои придонесуваат за побрзо интегрирање на регионот во Европската унија. Република Македонија треба да има лидерска улога во регионалната соработка. Пред нас е предизвикот да ја претвориме Југоисточна Европа во стабилен, безбеден и просперитетен дел на Европа. Зајакнувањето на регионалната економска соработка ќе придонесе за подобрување на националната економија, за намалување на невработеноста, за поквалитетен животен стандард и за подобрување на конкурентноста на компаниите. Затоа, Владата на ВМРО-ДПМНЕ го поддржува создавањето на зона за слободна трговија во Југоисточна Европа. Создавањето ваква зона во Југоисточна Европа, преку интегрирање на земјите од ЈИЕ во ЦЕФТА и преку други форми на поврзување ќе придонесе за надминување на ограничувањата што произлегуваат од малите пазари и поволно ќе влијае врз странските инвеститори и ќе придонесе за зголемување на директните странски инвестиции.

Посебно внимание ќе се посвети на градењето добри односи со соседните и другите земји од регионот, во сферата на политиката, економијата, културата, образованието, науката и другите области на општествениот живот. Во таа насока ќе ги поддржуваме проектите за меѓугранична соработка и создавање повеќе еврорегиони.

Решавањето на статусот на Косово е едно од најзначајните прашања во регионот. Република Македонија целосно ќе го поддржи решението, кое, во соработка со меѓународната заедница, ќе го договорат политичките претставници на Косово и на Србија. Демаркацијата на северната граница е од приоритетно значење за

надворешната политика на Република Македонија. Побрзото реализирање на ова прашање позитивно ќе влијае не само на стабилноста на Македонија, туку и на целиот регион на Југоисточна Европа.

Ќе ги продолжиме преговорите со Република Грција во рамките на Организацијата на обединетите нации околку разликите со името, при што зачувувањето на правото на употреба на уставното име согласно со меѓународните принципи ќе биде основен постулат на стратегијата за преговори.

Посебно ќе се залагаме за почитување на малцинските и националните права на Македонците што живеат на територијата на нашите соседи.

Во надворешната политика значајно место ќе се даде на унапредувањето на добрососедските односи на Балканот со сите наши соседи: Србија, Бугарија, Грција, Албанија. Подобрувањето на односите со соседите ќе се темели на рамноправни односи и меѓусебно почитување. Ќе креираме заеднички проекти во борбата против тероризмот и организираниот криминал во регионот, како и заеднички економски проекти, за кои би се намениле средствата од претпристапните европски фондови.

Република Македонија во тој процес ќе биде суверен и активен субјект и инцијатор за воведување на модерните европски стандарди во овие балкански рамки.



# 7. ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

## 7.1 Една нова, поинаква влада

Сите мерки во оваа програма нема да бидат доволни ако не преземеме уште една, најважна. За да се променат состојбите во Македонија, прва работа што мора да се промени е - однесувањето на Владата. Новата Влада ќе има три основни принципи во своето работење: чесност, транспарентност и одговорност.

ВМРО-ДПМНЕ ќе формира Влада која ќе ја сузбива корупцијата различно од досегашните. Новата Влада ќе направи коалиција со граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата. Само силна коалција на Владата со граѓаните може да се справи со ова најголемо зло. Борбата против корупцијата ќе се води на две нивоа: а/ преку изградба на стандарди и преку подигнување на институционалниот капацитет на администрацијата, судството, полицијата, здравството, царината и другите значајни институционални делови (овој сегмент се однесува на прашањето на превенција на корупцијата, градење на морални вредности, личен интегритет и сл.) и б/ супресија на девијантните појави. Овој сегмент подразбира зајакнување на контролите и казните за оние што не ги почитуваат законите и регулативата.

Владата ќе спроведе и силна медиумска кампања за борба против корупцијата.

Првиот документ кој ќе го усвои Владата на ВМРО-ДПМНЕ на првиот ден од на-

шиот мандат, ќе биде Акт за одговорност на Владата. Тоа е акт, кој ќе обезбеди да се направат коренити промени во однос на општото однесување и работење на Владата, организираниот криминал и корупцијата.

Ќе донесеме строги прописи за забрана на лобирање од страна на функционери, министри и сл. за стекнување лична корист. Генерално, лобирањето ќе биде уредено со закон, како во најразвиените држави од ЕУ.

Владата на ВМРО-ДПМНЕ нема да ја користи непосредната спогодба како основен инструмент за продажба на државен имот, за секоја зделка и за секој случај. Тоа ќе се прави преку отворени, меѓународни тендери. Во законот ќе бидат оставени само неколку можности за директна спогодба кога во земјата со гринфилд-инвестиции влегуваат мултинационални компании од типот на Сони, Филипс, Фолсфаген, Фиат, Дел, Сузуки, Џонсон Контрол и слични, но и за ваквите случаи ќе има точно утврдена процедура во законот за сите околности. На таквите компании потребно е владата да им понуди специјални пакети на поволности, затоа што нивното присуство е гаранција за другите инвеститори, имиџ за земјата и отворање на многу други бизниси и работни места. Сето останато мора да оди на меѓународни тендери.

Потребно е ефективно ангажирање на граѓанските заедници. Ќе им дадеме многу поголема моќ и пристап до информации на чуварите на демократијата и транспарентноста: медиумите, граѓанските здруженија, Државниот завод за ревизија, народниот правобранител, антикорупциската комисија, младите, приватниот сектор, верските заедници и институции итн.

Ќе воведеме иновативен и ефикасен инструмент за подобрување на јавните услуги и борба против бирократијата и корупцијата: Граѓански дневник, кој успешно се применува во многу земји во светот. Граѓаните ќе ја оценуваат работата на различни државни институции на три месеци преку пополнување едноставни формулари. Збирните резултати ќе бидат разгледувани од страна на Владата, која ќе предложи мерки за институциите во кои состојбите не се подобруваат во текот на две последователни тримесечја. Доколку и во следното (трето) тримесечје, Граѓанскиот дневник покаже иста или полоша оценка за квалитетот на услугите во одделна институција, раководителот ќе биде сменет веднаш. Истата практика ќе се применува и на локално ниво. Резултатите од граѓанските дневници ќе ѝ бидат достапни на јавноста.

Проектот "Електронска влада", кој беше дел од нашата Програма од 2002, ќе функционира реално, а не виртуелно како сега. Тој ќе овозможи електронски пристап кон сите потребни информации, документи и формулари сврзани со работењето на Владата и голем дел од државните органи. На едно место граѓаните ќе ги имаат сите информации и ќе можат по електронски пат да добијат формулари, да платат данок и сл.

Ќе ја зголемиме транспарентноста во донесувањето на Буџетот, како најважен инструмент на економската политика на Владата. Тоа ќе се обезбеди преку зголемена соработка и партиципација на Собранието, приватниот сектор, синдикатот и на граѓанските здрженија при неговото подготвување. Тајмингот на поднесување на буџетот до Собранието ќе биде поместен понапред во годината (најдоцна до септември) за да се остави доволно време детално да се елаборира начинот на прибирање и распределба на буџетските средства. Стопанските комори, синдикатот и граѓанските здруженија ќе бидат транспарентно информирани за

основните насоки на буџетската политика и извршувањето на буџетот.

Целосно ќе се применуваат антикорупциските инструменти на ЕУ, ОЕЦД и ОН, препораките на ГРЕКО и Антикорупциската иницијатива на Пактот за стабилност.

Ќе се подготват и ќе се реализираат секторски акциони планови за борба против корупцијата за: судството, царината, здравството, УЈП, инспекциските служби, полицијата, јавната администрација. Надлежните државни институции (министерства) ќе соработуваат со Антикорупциската комисија и редовно ќе ја известуваат за имплементацијата на секторските акциони планови.

## 7.2 Решително справување со корупцијата

До 2010, ќе направиме Република Македонија да се најде од **последната третина** во **првата половина** рангирани земји, според Индексот за перцепција на корупцијата на Transparency International:

- ✓ Нула толеранција за корупцијата за сите владини и административни структури (кампања на сите нивоа). Рок: веднаш.
- ✓ Ќе се подготват и ќе се реализираат **секторски акциони планови** за борба против корупцијата во: судството, царината, здравството, УЈП, инспекциските служби, полицијата, јавната администрација. Министерствата ќе соработуваат со Антикорупциската комисија и редовно ќе ја известуваат за имплементацијата на секторските акциони планови. Рок: 30.10.2006.
- ✓ Воведување систем на **внатрешна контрола** во администрацијата по урнек на мултинационалните компании, приспособени за државната администрација. Рок: 2007.
- ✓ Намалување на **дискреционите права** и утврдување легални рамки за регулирање **конфликт на интереси.** Рок: декември 2006.
- ✓ Целосна транспарентност во процесот на **јавните набавки** преку електронско објавување на конкурсот, имињата на фирмите победници, жалбите и решенијата по нив. Рок: 30.09.2006.
- ✓ Креирање Агенција за борба против организираниот криминал и корупцијата која ќе има широки овластувања за иницирање постапка против носители на јавни функции за кои ќе се добијат информациии дека се вклучени во криминал. Агенцијата ќе има можност за конфискација на незаконски стекнат имот и анализа на можноста за илустрација. Рок: март 2007.
- ✓ Значајно ќе ја зајакнеме финансиската и правната независност на **Антикорупциската комисија** и **државниот јавен правобранител**.
- ✓ Прецизно ќе се регулираат процедурите и соработката меѓу Антикорупциската комисија и сите други институции кои се надлежни за борба против корупцијата.
- ✓ Антикорупциската комисија ќе изготвува редовни тримесечни извештаи и сумарен годишен извештај за случаите на корупција на високи функционери и политички лица.
- ✓ Согласно со препораките на ЕУ за земји кандидати, ќе формираме единствена независна агенција, која ќе има мандат да ги верификува доставените имотни листови на **јавните функционери**, како и веродостојноста на исказите за конфликт на интереси.

- ✓ Парламентот задолжително ќе ги разгледува **извештаите на Државниот завод за ревизија**, а работата на надлежните комисии и Собранието по ова прашање ќе биде јавно пренесувана преку медиумите. Истовремено, ќе ги прошириме ревизиите и врз јавните претпријатија.
- ✓ **Народниот правобранител** ќе добие многу поголемо значење. Ќе спроведеме и кампања за граѓаните за објаснување на улогата на народниот правобранител.
- ✓ Оние што ќе пријават случаи на корупција и незаконско работење (**сигнализатори**), ќе бидат заштитени од репресивни мерки, отпуштање од работа и сл.
- ✓ **Автоматизација на царинската постапка** преку користење софистицирана опрема за скенирање цели камиони и контејнери. Анализа на можноста за ангажирање меѓународна консултантска куќа за развој на Царината по примерот на Бугарија. Рок: 2007.
- ✓ Работењето на царината целосно ќе се интегрира во единствен компјутеризиран систем. Ќе се воведе систем за **царинење врз принципот на ризичност**. Ќе се воведе и менаџирање на царинската постапка со кое ќе се пропишат стандарди за времетраењето и начинот на спроведување на одделните фази од царинската постапка.
- ✓ **Регулаторната реформа** ќе го направи издавањето дозволи и сертификати многу потранспарентно и поедноставно, со што ќе се стесни просторот за мито и корупција.
- ✓ Воведувањето **единствен рамен данок** ќе ја поедностави даночната постапка и ќе ја зголеми транспарентноста при наплатата на даноците.

## 7.3 Реформа на судскиот систем

Економскиот развој, борбата против корупцијата и развојот на демократијата бараат ефикасен и транспарентен судски систем. Со реформата на судството ќе се обезбеди ефикасна имплементација на законите, подобрување на инвестициската клима, почитување на личната слобода, почитување на граѓанските и човечките права, јавен ред и мир. Реформата на судството ќе ја приближи Македонија кон Европската унија.

## 7.4 Примена на европските стандарди

Стандардите на Комисијата за ефикасност на судството при Советот на Европа (ЦЕПЕЈ) ќе бидат користени како репер за реформирање на македонската регулатива во водењето на судските постапки. Притоа, ќе се применат четири основни принципи:

1. Независност на судскиот систем од извршната и законодавната власт;
2. Балансирање на квалитетот на судството со ефикасното користење на алоцираните ресурси;
3. Развој на стандарден систем на оценување на ефикасноста на судските постапки;
4. Балансирање на брзината на судските постапки и исполнувањето на условите за фер судење

## 7.5 Мотивација

Успехот на судските реформи зависи од тоа дали ќе се промени системот на мотивациски вредности. Затоа, ќе го поврземе наградувањето на судиите (плати) со стапката на пораст на решени предмети и намалување на заостанатите судски предмети.

Назначувањето и унапредувањето на судиите ќе го направиме транспарентно и тоа врз база на однапред утврдени правила и критериуми. Тоа ќе овозможи отстранување на партиските влијанија и формирање професионално, компетентно и високостручно судство.

## 7.6 Специјализација, обука и менаџирање на судските процеси

Ќе креираме специјализирани оддели за одделни видови предмети: комерцијални спорови, граѓански спорови, административни спорови, стечајни постапки, организиран криминал и корупција итн.

Посебен третман ќе има специјализацијата на судовите и на судиите за водење спорови по стечајни постапки. За судиите ќе се организираат обуки за основните концепти на микроекономијата, законот за стечај итн. Тарифата за отворање стечајна постапка ќе се унифицира. Стечајните управници ќе мора да полагаат испити и нивната професионална способност ќе биде проверувана најмалку еднаш годишно.

За зголемување на капацитетот на судиите, ќе се организира стручна обука за областа за која треба да се специјализираат.

За да се спречи одолговлекувањето на судскиот процес, со модерни техники за менаџирање на постапката, кои се применуваат во САД и во други земји, ќе се предвиди стандардното време (рокови) за завршување на одделните фази од судската постапка, како на пример скенирање на предметот, расправа и сл.

Големиот број нерешени административни спорови ќе се решаваат преку реформа на административните процедури, практики и молбени постапки.

Ќе постои алтернативно решавање на споровите. Законската основа за ова ќе се создаде преку донесување Закон за арбитража и Закон за посредување (медијација).

Ќе се формира база на податоци на судските постапки и процеси, што ќе овозможи да се скенираат состојбите, да се утврдат "тесните грла" и да се дизајнираат решенија (префрлање судски постапки од судовите и од судиите кои имаат најголем број нерешени предмети кон други судови/судии). Предвидена е обука за судиите и за останатите вработени за користење на компјутерската техника.

## 7.7 Правда и внатрешни работи

Правдата и внатрешните работи се третиот столб од Договорот за Европската унија, Договорот од Мастрихт, област со која се формализира соработката во областите на правосудство и полиција во рамките на ЕУ.

За нас се централни прашањата од сферата на правдата и внатрешните работи, како сектори кои се исклучително важна компонента во градењето на институ-

циите, реформата на јавната администрација и економската интеграција.

Нашите приоритети во оваа област се:

- ✓ Обезбедување на принципот на владеење на правото;
- ✓ Реформа на полицијата и судскиот систем;
- ✓ Хармонизација и ратификација на релевантната регулатива со ЕУ, поддржана со подзаконски акти;
- ✓ Развивање ефикасен систем на управување со кадар и јавно раководство согласно со стандардите на ЕУ;
- ✓ Ратификација и имплементација на Шенгенската конвенција, усогласување на македонското законодавство за визниот режим, за азилот и за миграцијата со практиката и со законодавството на ЕУ;
- ✓ Обезбедување учество во Шенгенскиот информациски систем и полноправно членство во Европол, преку хармонизација на законодавството и извршување на потребните подготовки;
- ✓ Воспоставување интегриран информациски систем со почитување на регулативата за заштита на личните податоци согласно со регулативата на ЕУ;
- ✓ Воведување специјални истражни техники во борбата против организираниот криминал, вклучувајќи ја и Програмата за заштита на сведоци;
- ✓ Имплементација на Национална стратегија за интегрирано гранично управување и за соработка во управувањето со властите од соседните земји.

Веруваме дека нема лоши закони туку закони што не се применуваат. На Македонија не ѝ недостасуваат закони, туку ѝ е потребна доследна примена на законите. Патот кон ЕУ води преку реална имплементација на прописите, а не само преку демагошки заложби и празни ветувања.

✓ **Кодификација на законите по области на кои се однесуваат**

Сите граѓани треба да се во можност да ги дознаат своите права на брз и едноставен начин. Ќе извршиме кодификација на законодавството по области: градежништво, имотно право и сопственички права, трговско право, како и во секоја останата област каде што се судираме со правни празнини и колизии со единствена цел на подобрување на правната сигурност.

✓ **Поедноставување и дерегулација на правото**

Ќе се напушти досегашната практика од државна регулација во сите сфери на човековото живеење преку максимална афирмација на претприемачкиот дух и коморското организирање. Дерегулацијата ја разбираме како градење саморегулирачки механизми внатре во секоја професија. Никој подобро не ги познава законитостите и потребите од оној на кого се однесуваат. Ова ќе го направиме со подигање на статусот на коморите и здруженијата.

✓ **Современ пенолошки систем**

Осовременување на казнено-поправните домови во материјална, финансиска и техничка смисла, како и во кадровскиот дел на затворските служби, со што истите ќе станат институции на ресоцијализација.

## 7.8 Одбрана и безбедност

Ќе ја негуваме безбедноста и стабилноста на Република Македонија, нејзиниот натамошен развој и стабилизација на регионот во кој живееме. Република Македонија во изминатиот период беше ставена на големи тестови и искушенија. Со голем придонес на сите граѓани, нашата држава успешно ги пребroди кризите и премрежињата и создаде услови за развој како демократска и правна држава.

Остварување на трајната безбедност и стабилност за ВМРО-ДПМНЕ значи полноправно членство во НАТО, а со тоа и дефинитивна промена на економските перформанси на државата, подобрување на квалитетот на животот, животниот стандард на граѓаните и вклучувањето на државата во редот на демократските држави во кои владее правото и во кои силните некорумпирани институции го гарантираат демократскиот развој на самата држава.

Наша примарна обврска ќе биде безбедноста на граѓаните и заштитата на територијалниот интегритет и суверенитет на земјата. Особено сега кога државата поминува низ исклучително чувствителен период (решавање на косовското прашање, демаркација на граничната линија со СРЈ во делот на Косово, решавање на проблемот со името со Р. Грција), неопходен е единствен политички став и визија за конечно приклучување кон трансатлантските интеграции. Низ регионалната димензија со целосно водство и низа предлози и иницијативи, ќе ги истакнеме заедничките вредности на Алијансата, која не претставува само воено-политички сојуз, туку и партнер во глобалните безбедносни движења и текови. Актуелниот геостратегиски и политички амбиент ни овозможува историска шанса да станеме дел од големото атлантско семејство на народи и држави, со верба во почитување на вистинските цивилизациски вредности и традиции.

Убедени сме дека идејата за обединета Европа нема да може да се реализира без учество на сите земји од регионот и пошироко. Самото проширување несомнено ќе ја зајакне демократијата, мирот и благосостојбата во цела Европа. Гледано од тој аспект, неминовноста за членството во колективните системи за безбедност за Р. Македонија е примарна цел.

Пред новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ е мисијата на финализирање на приемот на Р. Македонија во НАТО. Оваа мисија подразбира и извршување на целосно детерминираните задачи на сите субјекти во рамки на безбедносно-одбранбениот систем.

- ✓ На патот кон интеграцијата во НАТО, наместо декларативни заложби, во целост ќе ги спроведеме сите реформи.
- ✓ Континуирано ќе ја следиме трансформацијата на Алијансата, преку почитување на нејзините агенди и прилагодување кон барањата кои се определени со Истанбулскиот самит.
- ✓ Правовремено ќе донесуваме одлуки за учество и проширување на операциите со Алијансата.
- ✓ Спроведување активности во насока на учество во борбата против пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и новата функција на армијата во борбата против тероризмот.
- ✓ Градење ефективно партнерство, кое може да одговори на заканите за безбедноста.

- ✓ Размената на искуствата во трансформацијата на командните и воените структури на Алијансата.

Безбедносните и одбранбените субјекти преку консултации и размена на мислења со експерти на НАТО ќе ги дефинираат сопствените реформи низ следните области:

- ✓ Определување реална бројка на припадници на безбедносните и одбранбени структури во насока на достигнување на определените стандарди на НАТО и ЕУ;
- ✓ Модернизација и опремување на декларираните сили и приоритетните единици на АРМ и МВР;
- ✓ Потполна и целосна професионализација на Армијата и полицијата;
- ✓ Активно учество во мисии и операции на НАТО и на партнерите од Алијансата.

Нашата визија за иднината подразбира:

- ✓ Редукција на персоналот и водење правилен персонален менаџмент;
- ✓ Имплементација на програмите за соодветна и правична застапеност на припадниците од заедниците;
- ✓ Продолжување со трансформацијата на АРМ, која треба да се заврши до крајот на 2007 година;
- ✓ Зголемување на учеството на припадниците на АРМ во меѓународни мировни мисии во странство;
- ✓ Целосно опремување на декларираните сили до крај на 2006 година и нивно учество во мисии на Алијансата;
- ✓ Трансформација на воеността здравство и воеността образование;
- ✓ Заокружување на процесот на трансформацијата на полицијата;
- ✓ Зајакнати активности во насока на интегрираното гранично управување – гранична безбедност;
- ✓ Координација на разузнавачките и безбедносните служби во државата.



# МОДЕРНО ОПШТЕСТВО

## 8. ОБРАЗОВАНИЕ

Квалитетното образование е основен двигател на општеството и економскиот развој. Државата има потреба постојано да инвестира во унапредување и усовршување на системот на образование. Само преку силен интелектуален развој Македонија може да обезбеди рамноправност со европските земји, а македонската работна сила да ја зголеми конкурентноста во сите сфери на економијата. Секој успешен образовен систем треба постојано да ја комбинира централната образовна политика, децентрализираната администрација и ефикасниот менаџмент во училиштата и другите образовни установи.

ВМРО-ДПМНЕ ги предвидува следните мерки и проекти за:

### 8.1 Инвестиции и новитети во образованието

- ✓ Зголемување на **буџетските средства** за образованието до ниво од 5% од БДП, колку што е просекот на ЕУ и ОЕЦД. Рок: почнувајќи од 01.01.2007.
- ✓ **Бесплатни учебници** за основно образование за деца чии родители не се во можност да купат нови учебници. Рок: 2007.
- ✓ **Реновирање** на сите студентски домови со цел да се создадат пристојни услови за живеење на идните интелектуалци. Рок: 2006-2009.
- ✓ Изградба на **нов студенски дом** во Скопје. Рок: 2010.

- ✓ Бесплатен **Интернет** во студентските домови. Рок: 2007.
- ✓ Акција “**Образование низ целиот живот**”. Согласно со европската практика на продолжено учење, ќе воведеме и стимулираме форми на неформално (дополнително) образование, обука и надградување во текот на целиот работен век.
- ✓ Воведување **етика** и **веронаука** во основното образование, како задолжителен предмет во една или две учебни години. Рок: 01.09.2007.
- ✓ Акција “**Секое дете во училиште**” - задолжително основно и средно образование со сериозни казнени мерки за родителите чии деца не одат на училиште. Според последниот попис од 2003 година, дури 53% од населението е со основно или помалку од основно образование, а само 6.5% се со високо или повеќе од високо образование. Со таква структура Македонија не може да биде конкурентна во Европа. Рок: 2007.
- ✓ Воведување задолжителен **предмет информатика** во основното образование и целосна компјутеризација на училиштата. Проект: Ајде да сурфаме. Рок: 2007 година.
- ✓ Рано изучување **странски јазици**. Англиски јазик од прво одделение, а втор странски светски јазик од петто одделение. Рок: 2007.

## 8.2 Подобрување на квалитетот во образованието

- ✓ Контрола на квалитетот на образованието преку национално стандардизирани тестови. Рок: 2007.
- ✓ Дуален систем на образование со практика и тестирање од наученото за време на практиката, по примерот на Германија. Рок: 2007.
- ✓ Според последниот попис од 2003 година, дури 53% од населението е со основно или помалку од основно образование, а само 6.5% се со високо или повеќе од високо образование.
- ✓ Создавање стимулативна и почитувана средина во основните и средните училишта.
- ✓ Осовременување на наставната програма во сите нивоа на образование, а посебно во средното и високото образование, со цел да произведуваат кадар согласно со потребите на современата пазарна економија.

## 8.3 Зголемување на конкуренцијата во образованието

- ✓ Поддршка на отворањето приватни средни училишта и универзитети.
- ✓ Привлекување познати светски универзитети да отворат свои единици во Македонија.
- ✓ Отворање нов државен универзитет во источниот дел на Македонија. Седиштето на универзитетот ќе биде во Штип, а ќе има факултети и во другите градови како Струмица, Кочани, Св. Николе и други. Универзитетот во почетокот ќе има шест факултети: факултет за информатика, факултет за современа музичка уметност, факултет за земјоделски науки, економски факултет (насоки: здравствен менаџмент, меѓународна економија, агроменаџмент, бизнис-администрација), факултет за прехранбена технологија,

висока здравствена школа и правен факултет. Рок: 2007.

- ✓ Метод на проектно финансирање во високото образование, со цел да се претворат факултетите во научни центри, како во многу земји во светот.
- ✓ Поголема поврзаност на домашните факултети со соодветните факултети и институти од странство за заеднички активности во форма на меѓународни проекти, размена на студенти и професори, организација на работилници, семинари и советувања.
- ✓ Рангирање на високообразовните институции, од страна на независна куќа, по можност од странство, со цел да се стимулира конкуренцијата на идеи и образовни програми. Рок: 2007.

## 8.4 Инвестирање во спорт и физичка култура

- ✓ Повеќе спорт и физичка активност. Постепено ќе воведеме физичко образование секој учебен ден (од понеделник до петок) во основното и во средното образование. Ова подразбира зголемување на бројот и реновирање на постоечките училишни спортски сали. Рок: почнува во 2007.

(Податок: одредени истражувања минатата година покажаа помал или поголем деформитет на ‘рбетниот столб кај речиси две третини од македонските ученици.)

## 8.5 Проекти во образованието

### АКАДЕМИЈА ЗА МЕНАЏЕРИ

Ќе иницираме формирање Академија за менаџери (по примерот на најдобрата Европска школа за менаџмент во Блед, Словенија).

Академијата би нудела изучување менаџмент и други извршни образовни програми за бизнисмените од Македонија.

### ВИРТУЕЛНА БИБЛИОТЕКА

Интернет-портал на Министерството за образование на кој бесплатно ќе бидат достапни во дигитална (електронска) форма сите најважни учебници за основно образование.

### УЧИЛИШТЕН АВТОБУС

Ќе обезбедиме триесет автобуси за децата во основно образование кои патуваат по неколку километри до училиште.

Корисници ќе бидат 30 најсиромашни општини во Република Македонија.

## АЈДЕ ДА СУРФАМЕ

Воведување задолжителен предмет информатика во основното образование, во две учебни години.

Обезбедување компјутери и бесплатен Интернет за сите македонски основни и средни училишта. Државата ќе финансира купување нискобуџетски (евтини) компјутери за македонските ученици. Ова ќе се реализира во содејство со домашните фирми од оваа област. За овој проект постојат и многу потенцијални донатори, доколку Владата покаже волја за спроведување и кофинасирање.



## 9. СПОРТ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА

- ✓ Владата ќе инвестира во изградба на 50 помошни фудбалски игралишта во земјата, за развој на младински и клупски фудбал, рамноправно распределени низ територијата на Република Македонија. Помошните фудбалски игралишта се основата за развојот на младинскиот спорт, а само добар младински фудбал може да даде добри фудбалери и фудбалски професионални клубови. Рок: 2006 - 2010 година.
- ✓ Владата ќе инвестира и во изградба на поголем број спортски сали во земјата за рекреативен и врвен спорт, како сали за вежбање, тренинзи и натпревари на повеќе видови спортови (мал фудбал, кошарка, ракомет, теретани, гимнастика, одбојка, бокс, карате, пинг-понг, тенис и други). Рок: 2006-2010 година.
- ✓ Стимулирање на приватниот сектор да инвестира во изградба на спортски објекти кои би функционирале на комерцијална основа.
- ✓ Инвестирање во тренерски школи и тренери за врвните спортови, градење силни спортски тимови и спортисти.
- ✓ Завршување на изградбата на големата спортска сала во Скопје до 2007 година.
- ✓ Создавање законодавство за јасна сопственичка структура во спортските клубови.
- ✓ Остри критериуми за контрола на наставниците и на професорите по фи-

зичко образование во правец на давање максимум сите ученици за време на образовниот процес да ги научат и да ги вежбаат основите на сите спортови, а искористеноста на училишниот час да биде максимална.

- ✓ За посебно талентираните ученици за некој од спортовите, наставниците ќе предвидат посебни програми за нивниот развој (на редовна основа турнири и натпревари во некој од спортовите во училиштата, помагање за нивно зачленување во спортски клубови надвор од училиштето и слично).
- ✓ За спортови за кои училиштата не можат да имаат услови (базени, соодветни атлетски патеки и сл.) по соодветна програма учениците ќе бидат организирано носени во специјални простории, каде има услови за вежбање на таквите спортови.
- ✓ Успешноста на наставниците ќе се мери и по тоа колку од учениците успеале да ги стимулираат да се зачленат и активно да посетуваат спортски клубови, согласно со нивниот талент и склоност.



## 10. НАУКА

На македонската наука ѝ е потребен поттик и суштинска реформа. Потребно е науката да го заземе вистинското место во општеството и квалитетот на научниот кадар да се проценува преку објективни индикатори. Подобрувањето на научната и истражувачката дејност ќе создаде услови за задржување на квалитетните високообразовани кадри во државата. Политиката на Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде насочена кон создавање поттик за враќање на нашиот научен кадар од дијаспората. Постепено ќе создадеме услови за долгорочен и перспективен развој на научната дејност.

### 10.1 Инвестиции во науката

- ✓ Намалување на одливот на домашен научен кадар од земјата за 50% до 2010 година.
- ✓ Доделување поволни и стимулативни кредити со рок на исплата до 30 години за млади брачни парови со завршено високо образование во Република Македонија.
- ✓ Зголемување на вложувањата во научно-истражувачката инфраструктура како услов за примена на современи методи на истражување.
- ✓ Финансирање на научно-истражувачката дејност со средства од Буџетот, по углед на средно развиените европски земји.
- ✓ Поттикнување и помагање на науката преку даночната политика.

## 10.2 Интензивна меѓународна соработка

- ✓ Промоција на соработка со научно-истражувачки институции од странство заради брз трансфер на знаења.
- ✓ Воспоставување остри и праведни критериуми за селекција на кадарот во научно-истражувачките институции.
- ✓ Финансирање научно-истражувачки проекти врз основа на нивниот интерес за државата.
- ✓ Поддршка на соработката помеѓу научно-истражувачките институции и стопанството.
- ✓ Респектирање на мислењата на научниците за сите значајни прашања.
- ✓ Зголемување на бројот на научните трудови публикувани во релевантни странски журнали.



## 11. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И Е-ОПШТЕСТВО

Денес се смета дека најголемиот проблем со кој Македонија треба веднаш и одлучно да се справи е проблемот на огромната невработеност. Основи предуслови за намалување на невработеноста се заживување на економијата, влез на приватен домашен и странски капитал и секако вложување во квалитетна и едуцирана работна сила. Во таа насока од исклучително значење е зголемувањето на квалитетот на информатичкото образование не само кај висококвалификуваната работна сила, туку многу повеќе кај нискоквалификуваната и кај неквалификуваната работна сила. Денеска тешко може да се замисли каква било работа без основни познавања од информатичката технологија и користењето на компјутерите и Интернетот.

Во таа насока, основна определба на новата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе биде итно и континуирано вложување во информатиката и во информатичката технологија со цел Македонија и нејзините граѓани што поскоро да фатат приклучок со модерните информатички технологии во Европа и светот.

Во рамките на своите активности, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе реализира помеѓу другото и:

### 11.1 Е-инвестиции

- ✓ Формирање **Министерство за информатички технологии** до декември 2006 година за период од 5 до 8 години;

- ✓ Финансиска поддршка за создавање **информатички кадар** за 5.000 информатичари и стипендии за најдобрите ИТ-студенти (Проект: "Македонија - земја на информатичари"). Рок: 2006-2010;
- ✓ **Компјутеризација на Македонија**: набавка до 50.000 евтини компјутери во соработка со приватниот сектор и нивно отстапување на училиштата (бесплатно) и граѓаните (по набавна цена и на рати). Проект: Мојот прв компјутер. Рок: 31.03.2007;
- ✓ Безжични мрежни инсталации и времено користење на **бесплатен Интернет** на територијата на целата држава. Проект: Македонија на Интернет. Рок: 2008;
- ✓ **Масовни обуки** за работа со компјутери, Интернет и програми за канцелариско работење и пристапни цени за набавка на нова или половна компјутерска опрема. Рок: 2006-2010;
- ✓ Воведување на задолжителен **предмет информатика** во основното образование и целосна компјутеризација на училиштата. Проект: Ајде да сурфаме. Рок: 2007 година.

## 11.2 Интензивна компјутеризација

Владата на ВМРО-ДПМНЕ има за цел информатичката технологија широко да навлезе во сите пори на современиот начин на живеење на македонскиот граѓанин. Во функција на побрз економски развој и приближување кон европските стандарди на информатичко работење, ќе се залагаме за што побрз влез и примена на современи информатички технологии и системи.

## 11.3 Е-проекти

- ✓ Поврзување на сите **гранични премини** на РМ во централизиран информациски систем компатибилен со системот на ЕУ. Рок: 31.12.2007 година;
- ✓ Реализација на интегриран медицински информатички систем и воведување **електронска здравствена картичка**. Рок: 2007;
- ✓ Компјутерски систем за следење на документите во судството. Рок: 30.06.2007;
- ✓ Компјутеризација на **издавањето лични документи** во МВР. Проект: Лични документи за 30 минути! Рок: 2007;
- ✓ **Дигитализација на Катастарот** и употреба на географско-информативен систем (ГИС). Рок: 31.12.2007;
- ✓ Промоција на **безготовинското плаќање**, е-трговија, е-банкарство и е-влада. Проекти: Безготовинско плаќање и Е-општество. Рок: во текот на 2007.

### И ЈАС ЗНАМ

Масовна обука за работа со компјутери, Интернет и основни програми за канцелариско работење за населението во земјата без разлика на неговото основно ниво на образование, социјална, етничка или каква било припадност. Обуката во најголем дел од случаите ќе

биде задолжителна и ќе ги опфати сите граѓани од 18 до 60 години. За учениците, обуката ќе се реализира во основните и средните училишта. Претходно, обуката ќе ја завршат наставниците во училиштата, додека истата ќе се спроведе масовно во период од една до две години.

## МАКЕДОНИЈА - ЗЕМЈА НА ИНФОРМАТИЧАРИ

Инвестирање во создавање информатички кадар кој ќе одговара на потребите на современата пазарна економија.

- ✓ Финансиска поддршка на образованието за 5.000 информатичари во Македонија.
- ✓ Месечна стипендија од 5.000 денари за најдобрите студенти.
- ✓ Кадровско и финансиско зајакнување на отсекот за Информатика на Електро-техничкиот факултет во Скопје, Природно-математичкиот факултет и сите образовни установи каде се формира ваков кадар.
- ✓ Покренување иницијатива да се отвори приватен Факултет за информатика.

Средства: 20 милиони евра. Буџет, кредити од Светска банка и грантови од билатерални донатори.

## МОЈОТ ПРВ КОМПЈУТЕР

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во првата година од својот мандат ќе се заложи државата во соработка со домашните компании од сферата на информатичката технологија да набави поголемо количество (до 50.000) евтини компјутери и лап-топови. Дел од овие компјутери ќе бидат бесплатно доделени на училиштата низ државата, а останатите би се продавале на населението по набавна цена и на 12 рати. На тој начин се очекува поголем број граѓани на Македонија да добијат шанса да направат значаен исчекор во информатичката технологија.

## ЕЛЕКТРОНСКО ЗДРАВСТВО

Владата на ВМРО-ДПМНЕ, со цел да го зголеми квалитетот на услугите во здравството до крајот на својот мандат, ќе воведе единствен медицински картон или нова здравствена легитимација во форма на чип-картичка (електронска здравствена картичка) со можност за архивирање голем број податоци на секој пациент. Исто така ќе воведе и вебпортал со можност за информирање на пациентот за сите сфери од здравствената заштита, информација за достапноста, нарачување и резервирање на одреден лек, одредено помагало, преглед на резултати, закажување термин за преглед и разни испитувања за кои сега се губат денови, можност за консултација, давање

неопходен совет, медицинска едукација на персоналот и контакт со сите современи здравствени светски центри и научни институции.

## МАКЕДОНИЈА НА ИНТЕРНЕТ

Зголемување на процентот на граѓани корисници на Интернет.

- ✓ Подобрување на квалитетот на кабелските мрежи.
- ✓ Стимулирање на конкуренцијата и работата на кабелските оператори.
- ✓ Пуштање во функција безжични мрежни инсталации во урбаните средини.
- ✓ Намалување на цените и зголемување на квалитетот на Интернет-врските преку зголемување на конкуренцијата во дејноста.
- ✓ Реализација на времена (на 6 или на 12 месеци) бесплатна безжична Интернет-врска за сите корисници и на територијата на целата држава во смисла на зголемување на атрактивноста и чувствување на корисноста од Интернетот.

Најголем дел од овие активности ќе се реализираат преку буџетот, но и преку странски донации и учество на домашни и странски фирми од информатичкиот сектор.

## СРЕДЕНИ СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

Во втората година ќе воведеме современ систем за следење на документација (т.н. Document Management System) во македонското судство. Тоа ќе значи поефикасно судство, помалку можности за манипулации и поголем квалитет во работата на судовите.

## ДИГИТАЛЕН КАТАСТАР

Како дел од започнатата реформа во Катастарот на Република Македонија, ВМРО-ДПМНЕ смета дека овој проект треба да има исклучителна предност заради неговата неопходност, а воедно е во согласност со европските препораки. Нашата Влада ќе го доврши овој проект во најкраток можен рок и со него ќе воспостави комплетна дигитализација на Катастарот во Република Македонија и негова оперативна компјутеризација и дигитализација до нивото на давање информации и услуги со користење современи географско-информациски системи (ГИС).

## КОМПЈУТЕРСКО ПОВРЗУВАЊЕ НА СИТЕ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ

Владата на ВМРО-ДПМНЕ до крајот на 2007 година ќе изврши целосно компјутерско поврзување на сите гранични премини на Република Македонија во еден централизиран информациски систем,

кој од своја страна ќе биде поврзан со информациските системи на Европската унија. Со тоа конечно ќе се исполни еден од основните предуслови за симнување на шенгенскиот визен режим и слободен проток на луѓе, добра и идеи помеѓу Република Македонија, соседните земји и членките на ЕУ.

## ЛИЧНИ ДОКУМЕНТИ САМО ЗА 30 МИНУТИ!

Во првите шест месеци од своето владеење, Владата на ВМРО-ДПМНЕ во сите подрачни единици на Министерството за внатрешни работи ќе ја компјутеризира работата до ниво што секој граѓанин на кого му требаат лични документи од типот на извод од матична книга на родени, документи за венчани и починати, како и потврда за жителство, ќе може да ги добие во рок од најмногу 30 минути. Пријави за добивање вакви документи граѓаните ќе можат да направат и од дома со користење на Интернет-врска.

## ИСО-СТАНДАРДИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во смисла на подигање на квалитетот на услугите што им ги нудат органите и службите на јавната администрација на своите граѓани, Владата на ВМРО-ДПМНЕ веднаш по преземањето на власта во Република Македонија ќе пристапи кон реализација на овој проект со кој во системот на јавната администрација ќе се воведат меѓународните ИСО-стандарди на работење. Тоа подразбира сериозни инвестиции во компјутерското опремување на јавната администрација, како и подигање на квалитетот и знаењата на вработените во јавната администрација на ниво што е дефинирано со ИСО-стандардите. Краен рок на реализација на овој проект е крајот на 2008 година.

## БЕЗГОТОВИНСКО ПЛАЌАЊЕ

ВМРО-ДПМНЕ повторно ќе го промовира и овој пат успешно ќе го имплементира проектот за воведување на безготовинско плаќање. При тоа, по воведување во практиката на овој проект, целокупната државна администрација ќе ги прима платите преку картичка и тоа постепено, во првите шест месеци 50% од платата, а потоа и 100% да се исплаќаат преку безготовинско плаќање. Воедно ќе го стимулираме приватниот сектор со користење на економски мерки, платите на своите вработени да ги исплаќа преку платежна картичка. Типот на картичката и на банката ќе биде по избор на секој вработен, додека секоја банка ќе може самостојно да го избере својот процесен центар.

## Е-ОПШТЕСТВО

Модерните европски економии се базираат на безготовинско плаќање и активно користење на информатичката технологија во бизнисот со пари и трговија. Во тие насоки, ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за доследно применување на овие принципи и во Република Македонија со цел постигнување на европските стандарди во трговијата и бизнисот со пари. Заради тоа, во првата година од својот мандат, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе донесе соодветни закони кои ќе имаат за цел да ја реализираат во целост идејата за нов тип македонско општество, т.н. е-општество. Помеѓу другото, ќе се донесат и следните закони:

- ✓ Закон за електронска трговија и електронско банкарство;
- ✓ Закон за задолжително поседување на ПОС-терминал на секое малопродажно место;
- ✓ Закон за уредување на работењето од далечина;
- ✓ Закон за купување преку Интернет.

Заедно со овие закони како и со воведување на т.н. дигитална идентификација или дигитален сертификат на секој граѓанин преку сопствениот матичен број и/или електронска лична карта, ВМРО-ДПМНЕ во целост ќе го реализира проектот за водење ефективна електронска трговија, електронско банкарство и електронска влада, односно генерално е-општество, најдоцна до крајот на 2007 година.



# 12. СИГУРЕН, ЕФИКАСЕН И ПРАВЕДЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

На Република Македонија ѝ е потребен здравствен систем кој ќе ги оствари потребите на граѓаните. Ќе создадеме подобар здравствен систем во кој сите граѓани ќе имаат еднакви права и одговорности. Во наредните четири години ќе работиме на подобрување на квалитетот, зголемување на транспарентноста и ефикасноста на здравствениот систем.

## 12.1 Квалитет на услугите

- ✓ Унапредување на правата на пациентите во сите медицински интервенции.
- ✓ Вистинско вреднување на трудот на здравствените работници.
- ✓ Посебна грижа ќе посветиме на здравјето на деца и млади до 18 години, бремени жени, постари лица од 65 години, посебни специјални категории (лица со специјални потреби, деца без родители).
- ✓ Стандардизирање на третманот на сите заболувања со цел секој пациент да добие иста нега во сите здравствени установи низ Македонија.
- ✓ Започнување со процес на објавување на бројот на сите медицински грешки и причините поради кои се појавиле.
- ✓ Подобрување на условите во чекалните и во болничките соби во сите болници.

**ЗАКОН ЗА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ**

По примерот на Израел, Хрватска и на други земји ќе усвоиме Закон за заштита на правата и достоинството на пациентите. Со тој Закон ќе се прецизираат одговорностите и меѓусебните обврски помеѓу медицинскиот персонал и пациентите. Имплементација на Законот радикално ќе го подобри квалитетот на здравствените услуги. Рок: јуни 2007 година.

## 12.2 Модернизација, менаџмент и превенција

✓ Формирање тим за модернизација и унапредување на здравствениот сектор. Тимот ќе раководи со целиот процес на трансформација на здравството и ќе им помага на сите здравствени установи да ја зголемат ефикасноста и да ги намалат трошоците.

✓ Специјални менаџмент-програми со цел здравствениот персонал полесно да ја прилагоди нивната работа во согласност со потребите на населението.

✓ Како дел од Републичкиот завод за здравствена заштита ќе формираме специјален Центар за информации и здравствена превенција на 24-часовно располагање на граѓаните, со што ќе се зголеми достапот до информации за граѓаните.

✓ Радикално намалување на повредите и смртноста од сообраќајните незгоди преку поставување камери за снимање на автопатиштата и на крстосниците во поголемите градови.

## 12.3 Здравствено осигурување

На сите граѓани ќе им обезбедиме јасно дефиниран и единствен пакет на здравствени услуги. Ќе ја подобриме информираноста на граѓаните како да ги остварат правата од здравственото осигурување.

✓ Воспоставување праведни принципи во распределбата на средствата во здравствениот систем преку почитување на принципите на солидарност, праведност и ефикасност.

✓ Фондот за здравствено осигурување ќе ја има улогата на стратешки купувач на здравствените услуги. Набавките на лекови и медицинска опрема ќе се префрлат од Фондот за здравство во болниците и клиниките.

✓ Воведување на професионален менаџмент со професионален договор, избран на меѓународен тендер, по принципот на двајца директори со т.н. врзан потпис, односно принцип на четири очи.

✓ Намалување на трошоците и прекумерната бирократија во сите сфери на здравствениот систем.

✓ Прецизирање и реализирање на договорите помеѓу Фондот и сите останати здравствени установи.

✓ Создавање услови за воведување конкуренција во системот на здравствено осигурување.

## 12.4 Примарно здравство

За да ја унапредиме улогата на примарното здравство, ќе стимулираме нов пристап на работа во примарното здравство **Примарна здравствена заштита ориентирана кон заедницата.**

✓ Нова генерација примарни здравствени служби составени од мултидисциплинарни тимови кои ќе имаат силно чувство и одговорност за здравјето на сите граѓани во заедницата.

✓ Корегирање на моделот на капитација за да овозможиме работа за сите лекари во примарното здравство.

✓ Создавање услови со кои и на младите лекари ќе им се овозможи да формираат свои листи со пациенти.

✓ Подобрување на статусот и улогата на медицинските сестри.

✓ Стимулација на примарните лекари во зависност од квалитетот на завршената работа.

## 12.5 Стоматологија

✓ Радикално ќе ја намалиме стапката на кариес во Македонија.

✓ Воведување флуоридација на водата за пиење во општините со највисока стапка на кариес кај децата (Велес и други).

✓ Финансиска поддршка преку кредити за сите приватизирани стоматолошки ординации да се реновираат и доопремат.

## 12.6 Фармација

Денес постојано недостасуваат лекови во градските аптеки. Реформите кои ќе ги спроведеме ќе ја подобрат снабденоста со квалитетни лекови на населението.

✓ Поедноставување на процедурата за регистрација на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала.

✓ Воведување повластена стапка на ДДВ за лековите.

✓ Воведување систем на референтни цени.

✓ Изедначување на цените на лековите во сите аптеки.

## 12.7 Нова генерација болници

Ние сите сакаме чисти и безбедни болници. Ќе ја подобриме ефикасноста и условите за работа на сите болници низ Република Македонија преку:

✓ Дефинирање на правната положба и сопственоста на сите здравствени установи до јуни 2008 година;

✓ Забрзан процес на децентрализација и автономија во управувањето на здравствените институции до јуни 2008 година;

✓ Болниците ќе бидат раководени од двајца директори, од кои еден ќе биде менаџер-економист, со т.н врзан потпис односно принцип на четири очи со положен специјален испит за менаџирање на болниците. Рок: 2007 година;

✓ Точно дефинирање на правата и обврските на персоналот;

- ✓ Зголемување на процентот на средства кои ќе се одвојуваат од државниот буџет наменети за капитални инвестиции и за одржувањето на објектите;
- ✓ Утврдување критериуми преку кои ќе склучуваат договори за соработка со постоечките приватни болници.

## 12.8 Приватното здравство

Нашиот здравствен систем нема да прави разлика помеѓу државното и приватното здравство сè додека на пациентите им е понудена потребната здравствена заштита.

- ✓ Постепено ќе го зголемуваме бројот на граѓани кои ќе добиваат услуги во приватниот сектор врз основа на однапред утврдени индикатори.
- ✓ За прв пат во Македонија ќе создадеме услови за формирање на приватни, но не болници за профит. Таквите болници се мисионерски и ги има во развиентите земји. Одредени здравствени капацитети ќе ги понудиме да ги раководат приватни невладини организации, <u>но не за профит</u>. Тоа ќе отвори можност нашите иселеници од дијаспората да ги управуваат таквите идни проекти.



## 13. ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Основна заложба на ВМРО-ДПМНЕ во организацијата и вршењето на власта е да обезбеди да функционираат институциите на системот како сервиси на граѓаните и како институционална поддршка на развојот и безбедноста на земјата. Поаѓајќи од фактот дека поединецот, семејството и државата се три клучни точки кон кои е насочено вниманието во осмислувањето на работите од јавен интерес, ВМРО-ДПМНЕ ја гледа улогата на државата во доменот на утврдувањето на обврзувачките правила на игра за споменатите субјекти.

Согласно со тоа, реформите во јавната администрација и осмислувањето на процесот на нејзиното постојано усовршување ќе се настојува да резултираат со професионалност, ефикасност и одговорност во нејзиното работење, сѐ во насока да се излезе во пресрет на потребите и барањата на граѓаните.

- ✓ Ќе воспоставиме систем што ќе обезбедува постојано следење на работата на носителите на јавни овластувања.
- ✓ Напредувањето на кадарот во јавната администрација ќе се одвива согласно со нивните професионални постигнувања.
- ✓ Воспоставување јасни пишувани правила на игра, еднакво важечки за сите, во кои недвосмислено ќе бидат прецизирани работните процедури, личните и групните овластувања и одговорности, критериумите врз основа на кои ќе се цени, како и конкретните показатели преку кои ќе се препознава индивидуалната и групната успешност во вршењето на работите од јавен интерес.

- ✓ Редовно информирање за работата на јавната администрација.
- ✓ Правичната застапеност на припадниците на етничките заедници во јавната администрација.
- ✓ Уважувањето на етничките, културните и верски посебности во комуникацијата на службените лица со граѓаните, го цениме како посебно важно во обезбедувањето чувство на припадност и сигурност и доживувањето на Република Македонија како единствена татковина на сите граѓани.

## 13.1 Политики во функција на граѓаните

Владата што ќе ја формира ВМРО-ДПМНЕ ќе посвети сериозно внимание на процесот на креирање политики како одговор на проблемите со кои се соочуваат граѓаните. Тоа значи дека ќе се напушти досегашната практика на неконтролирано донесување закони кои најчесто противречат едни на други. Ќе се пристапи кон сериозна анализа на изворите, појавноста и ургентноста на проблемите од јавен интерес, сè со цел да се изнајдат најдобри решенија во рамките на финансиските, кадровските и други можности во времето кога јавноста бара одговор за нив. Законите што ќе се носат ќе бидат само алатка за постигнување на она што значи одговор на барањата на граѓаните. За да биде можно тоа, идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ ќе воспостави соодветни организациски единици и ќе ангажира оспособен кадар вешт во тајните на професионалното креирање политики како одговори на проблемите од јавен интерес. Република Македонија располага со таков кадар и тие ќе бидат ангажирани. Република Македонија е мала и не е пребогата земја за да си дозволува скапи грешки. Затоа ќе го следиме и вреднуваме спроведувањето на политиките и ќе внимаваме дали тие ги постигнуваат целите заради кои се покренати. Како важна алка во ланецот на одговорност при креирањето и спроведување на политиките ќе биде и јавноста на информациите за ефектите што ги предизвикуваат политиките, со што граѓаните стануваат активен чинител во целиот процес на надминување на проблемите што го обременуваат нивното секојдневие.

## 13.2 Политика на децентрализација

Разбирливо, не сите проблеми најефикасно и најекономично можат да се решаваат на централно ниво. Затоа, многу од поранешните надлежности на Владата се децентрализирани и се пренесени во надлежност на локалната самоуправа. Сепак, локалните власти најчесто располагаат со многу скромни можности за практикување на сите свои новододелени надлежности. Затоа, Владата на ВМРО-ДПМНЕ ќе презема конкретни чекори за финансиска, материјална и кадровска поддршка на локалните власти, притоа не доведувајќи го во прашање нивниот интегритет. Генерално поттикнувајќи го ангажирањето на граѓаните во решавањето на локалните проблеми и принципиелно поддржувајќи ги граѓанските иницијативи, идната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, во соработка со локалните власти, ќе настојува да обезбеди потребна правна рамка за што поуспешно функционирање на локалната власт, притоа постојано следејќи ја и вреднувајќи ја одржливоста на територијалната организација на единиците на локалната самоуправа.

## 13.3 Експертска поддршка на законодавната и судската власт

Свесни за тоа дека собраниските расправи не секогаш се плодотворни и дека не секогаш се одликуваат со конструктивност што води кон подобар квалитет на законските предлози што се на дневен ред, ВМРО-ДПМНЕ се залага за воспоставување процедури за тоа како врз основа на проверливи и мерливи аргументи треба да се водат дискусиите. За таа цел, по угледот на многу земји со сериозно парламентарно искуство, цениме дека е неопходно формирање на Собраниски аналитички сервис, што ќе биде подеднакво достапен до сите пратеници и пратенички групи во Собранието.

## 13.4 Доследно спроведување на законите

Реформата на судскиот систем и административната поддршка во функционирањето на судовите е уште еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ. Судската власт треба да биде независна од партиско-политички влијанија, а судиите треба да ја вршат својата функција во добро менаџиран организациски амбиент. Покрај воспоставувањето на систем од критериуми и показатели за евентуалното нарушување на професионалноста и непристрасноста на судиите, неопходно е потребно професионално менаџирање со судовите и јасни и неспорни процедури што обезбедуваат достапност на граѓаните до сите информации преку кои се стекнува слика за квалитетот на работата на судовите и судиите.



# 14. КУЛТУРА

Културната политика на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во целост ќе ги следи тековите на политичкиот, економскиот, општествениот и човечкиот развој во земјата како дел од глобалната политика. Ние ја гледаме културата како значаен фактор на интегрирањето на Република Македонија во Европската унија. Културната политика ќе претставува составен и компатибилен дел на целосната стратегија за интегрирање на стопанскиот, демократскиот и социјалниот потенцијал на државата.

## 14.1 Заштита на културното наследство

- ✓ Афирмирање на културата во функција на општиот развој на државата преку зголемување на процентот на средства кои се одвојуваат од буџетот.
- ✓ Развивање на културниот и амбиенталниот туризам како една од најголемите можности за промоција на културата во Република Македонија и обезбедување дополнителни приходи.
- ✓ Стимулативна даночна политика во културата (преку зголемено ослободување од данок на добивка за вложување во сферата на културата и намалување на присуството на пиратски производи), со цел создавање повисоки културни вредности и подобрување на состојбата на културните институции и културните работници.

- ✓ Поврзување и зачленување во меѓународни асоцијации, фондови и фондации за користење техничка, финансиска и стручна помош.
- ✓ Иницијативи и отвореност за заеднички проекти во сите области на културата.
- ✓ Зголемена грижа за националните културни вредности и интереси преку воспоставување ефикасен финансиски и вредносен систем во областа на културата кој ќе се одвива врз цврсти критериуми, приоритети и принципи засновани врз европските стандарди и критериуми.
- ✓ Веронаука во училиштата и пренос од литургијата на МПЦ на МТВ.
- ✓ Подеднакво негување на верските традиции, обичаите и објектите на сите останати верски заедници.

## 14.2 Проекти

- ✓ Комплетна реставрација на Скопско кале. Рок: 2008.
- ✓ Инвестирање во работата на археолошки локалитети (Скупи, Стоби и други). Рок: 2006-2010.
- ✓ Инвестирање во изградба на нови музеи (музеј на ВМРО, музеј на жртвите на комунизмот). Рок: 2010.
- ✓ Реставрирање автентични споменици на културата (Градската кула, Скопскиот театар срушен во земјотресот и изградба на Градска куќа на местото и во архитектонска форма на поранешниот Офицерски дом). Рок: до 2010.
- ✓ Изнаоѓање инвеститор за изградба на нова концертна сала.
- ✓ Заштита на интелектуални, индустриски и трговски сопственички права, усогласени со оние кои постојат во ЕУ, вклучувајќи и ефективни средства за остварување на тие права. Рок: од 1 јануари 2007.
- ✓ Сузбивање на пиратеријата преку системско решавање на овој највидлив проблем во државата, со донесување стратегија која ќе одговара на економските стандарди на државата. Рок: од 1 јануари 2007.
- ✓ Реновирање и доизградба на црковните објекти (вклучувајќи го и Милениумскиот крст) и враќање на денационализираниот имот на црквата.



# 15. ПОПУЛАЦИОНА И ДЕМОГРАФСКА ПОЛИТИКА

Населението во земјата е една од основните детерминанти за економскиот раст и развој и нејзината демографска и политичка стабилност. Затоа популационата политика треба да обезбеди одржување рамнотежа помеѓу природата и општеството, биологијата и културата, запазување на системот на национални вредности и достигнување висок културен стадиум.

Балансираната популациона политика која го почитува слободниот дух и правото на самостојно планирање на семејството ќе обезбеди зачувување на постоечката демографска состојба и задржување на квалификуваната македонска интелигенција и кадар во рамките на државата, привлекување квалитетни специфични профили од дијаспората и спречување на прилив на неавтохтоно население во Република Македонија.

## 15.1 Активна популациона политика

Управни и општествени мерки на популационата политика како дел од националниот концепт за развој:

- ✓ Влијаење врз свеста на граѓаните за позитивностите што ги нуди контролираниот наталитет, во насока на пропагирање на ефектите од остварувањето на биолошко-економската рамнотежа;
- ✓ Урбанизација и модернизација на македонските села, заради остварување на услови за економско заживување и културно облагородување;

- ✓ Афирмација на можноста македонската интелигенција и работоспособното население да останат во Македонија и во матичната држава да ги пласираат своите потенцијали;
- ✓ Населување на руралните предели во Македонија, нивно стопанско интегрирање и рамномерен распоред на населението на сите делови од земјата;
- ✓ Економска политика која ќе води кон привлекување на квалификуван интелектуален и физички труд, капитал и нудење шанси на оние што заминале да се вратат во сопствената земја, која несомнено е полна со можности.

## 15.2 Реафирмација на семејството

Враќањето на семејните традиции и обичаи, реафирмација на семејството и негова заштита преку:

- ✓ Поддршка за доделување поволни станбени кредити на младите брачни двојки;
- ✓ Заштита на мајчинството низ соодветни законски мерки;
- ✓ Поттикнување на соодветните институции за советодавна работа со родителите за подобрување на семејните односи;
- ✓ Решителна борба против дрогата, алкохолот и другите болести на зависност кои се најголем противник на семејството;
- ✓ Хуманизација на односите меѓу половите, еманципација и планирање на семејството.

## 15.3 Европска перспектива за младите

Идеите и моќта кои со себе ги носат младите се нашиот главен сојузник во остварувањето на визијата за создавање на демократска, модерна просперитетна и европски ориентирана Република Македонија. Младите во секоја држава претставуваат посебна социјална категорија која нуди перспектива за својата држава, но има и свои специфични потреби и побарувања.

- ✓ Ќе ја градиме Република Македонија како држава која ќе овозможува развој на капацитетите кои ќе им бидат на располагање на младите луѓе.
- ✓ Посебно внимание ќе посветиме на младите во селските средини, со подобрување на можностите за развој на културата, спортот и на образованието во нивните средини.
- ✓ Ќе се залагаме за задржувањето на младиот и образован кадар во земјата.
- ✓ Ќе промовираме активно вклучување на младите во општествените текови преку воведување институционални механизми за поддршка од страна на државата.
- ✓ Зголемување на обемот на младинското организирање, нивната граѓанска активност и вклученоста во невладини организации.
- ✓ Подобрување и зголемување на младинската вклученост во спортот и рекреативните активности.
- ✓ Ќе направиме анализа за основање Фонд за поддршка на млади таленти за финансиско помагање и поттикнување на младите таленти во спортот,

културата и во образованието.

✓ Ефективна работа со маргинализираните групи млади:

- еднаков пристап на младите хендикепирани луѓе до целиот образовен процес,
- кампања за запознавање и подобрување на правата на хендикепираните,
- стимулирање на вработувањето на хендикепираните лица.



## 16. ТУРИЗАМ

Македонија иако мала држава, со своите природни убавини, има голем потенцијал за развој на туризмот. Прекрасните пејзажи, археологијата и историските знаменитости се недоволно искористен потенцијал. Туризмот е форма на извоз и можност за привлекување нов странски капитал. Во текот на мандатот на нашата влада ќе преземеме низа мерки за поттикнување на туристичкиот потенцијал на Република Македонија и за привлекување странски туристи:

- ✓ Постојана и силна медиумска промотивна кампања на повеќе светски медиуми, телевизии, весници и останати средства за комуникација. Исто така на клучните пунктови странските туристи ќе можат да добијат детални информации за туристичките места во Македонија;
- ✓ Ќе го зајакнеме секторот за туризам во Министерството за економија, којшто ќе биде надлежен за промоција на туризмот преку постојана медиумска кампања на повеќе светски медиуми;
- ✓ Изработка на модерен **промотивен материјал** на најмалку 5 европски јазици. Рок: 30.09.2007;
- ✓ Ќе помагаме во привлекување големи компании за хотелски менаџмент да инвестираат во Македонија;
- ✓ Привлекување светски познати тур-оператори кои ќе носат туристи;
- ✓ Промоција на **селскиот, манастирскиот, винскиот и бањскиот** туризам;
- ✓ Запознавање со македонското културно-историско наследство, како на

пример, организирање **посети на црквите и манастирите** во земјата;

- ✓ Изработка на проект **Македонско село** како национална туристичка атракција. Рок: 31.12.2006;
- ✓ Комплетирање на целокупната **инфраструктура** во македонските туристички центри, креирање комплетна понуда од културно-забавен живот, редовен превоз, патни ознаки на англиски јазик, можност за повеќе информации на туристите, организирани тури;
- ✓ Средување на **аеродромите и граничните премини**. Рок: 2006 - 2010;
- ✓ Ќе инвестираме во одржување на сите туристички атракции: музеи, археолошки локации, хотели, ресторани, кампови, одморалишта;
- ✓ Соработка со **приватни (домашни и странски) претприемачи**, кои сакаат да изградат објекти за сместување странски туристи;
- ✓ Подобрување на односот на цариниците и полицајците на граничните премини;
- ✓ Секое евро од странски туристи претставува девизен прилив од извоз на услуги. Потребна е сеопфатна владина организација, секој турист доброволно и со задоволство да потроши повеќе пари во земјата;
- ✓ Ќе спроведеме детален преглед на сите туристички атракции во Македонија: музеи, археолошки локации, хотели, ресторани, кампови, одморалишта;
- ✓ Изградба на инфраструктура за постојки по должината на автопатната мрежа. Рок: 2006-2010.

## 16.1 Други услужни дејности

Покрај развојот на туризмот, ќе ја збогатиме и осовремениме понудата на други услужни дејности во сите сфери на општествениот живот.

- ✓ Поголема ефикасност на банкарските услуги преку поголема конкуренција и примена на меѓународните стандарди во банкарството. Владата ќе создаде амбиент, во кој неколку странски “brand name“ мултинационални банки ќе најдат интерес и ќе инвестираат во Македонија. Овие банки ќе ја зајакнат конкуренцијата, ќе го покачат квалитетот на услугите, ќе воведат нови банкарски пакети и услуги, поголема сигурност, нова филозофија на работење и ќе бидат добра основа и поддршка за сите идни странски инвеститори во Македонија, кои инсистираат на “brand name“ банки.
- ✓ Понуда на висококвалитетни медицински услуги (стоматологија, пластична хирургија, бањско лекување, рехабилитација) за странски корисници, претежно од соседните земји. Владата ќе обезбеди буџетска поддршка во висина од 200.000 евра за промотивна кампања за услугите во медиумите во соседните земји. Дел од средствата предвидени за капитални инвестиции во здравствениот буџет ќе бидат насочени за поддршка на приватната иницијатива во обезбедувањето на овој тип услуги.
- ✓ Деловни услуги од областа на информатичката технологија (аутсорсинг).
- ✓ Транспортни услуги со користење на централната местоположба во регионот на југоисточна Европа. Министерството за транспорт и врски ќе обезбеди навремено и ефикасно обезбедување на ТИР-карнети и дозволи за приватните превозници.



# 17. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава. Преку нивно негување се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Стратешка определба на ВМРО-ДПМНЕ е да се интегрираат сите аспекти на заштитата на животната средина на сите нивоа со цел да се обезбедат услови за реализација на уставното право на секој граѓанин на здрава животна средина.

Ќе промовираме економски инструменти за заштита на животната средина заради поттикнување на намалувањето на загадувањето преку:

- ✓ Приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ;
- ✓ Воведување економски инструменти за заштита на животната средина според принципот **„загадувачот плаќа";**
- ✓ Воведување даночни и царински олеснувања за имплементација на еколошки препорачливи технологии;
- ✓ Информативен систем за мониторинг на квалитетот на водите, воздухот и цврстиот, радиоактивниот и медицинскиот отпад;
- ✓ Проекти за гасификација на домаќинствата и примена на природен гас како еколошки енергенс во индустријата;
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата за период од 20 години со

формирање Регистар на природни богатства и категоризација на заштитените подрачја;

- ✓ Приоритетно пошумување на голините и урбаните средини на површина од најмалку 2500 ха/годишно;
- ✓ Вградување на трошоците за заштита на животната средина директно во цените на стоките, услугите или активностите кои доведуваат до нив;
- ✓ Усвојување Национална програма за следење на состојбите и управување со податоци за животната средина;
- ✓ Развој на национални индикатори за следење на состојбите со животната средина;
- ✓ Изработка на Катастар за животната средина кој ќе ги вклучува катастрите на загадувачите на воздухот, водите, почвата, катастрите за отпадот и катастрите на заштитените подрачја;
- ✓ Формирање Национална мониторинг-мрежа, која ќе се состои од државни мрежи за мониторинг и локални мрежи;
- ✓ Реализирање Програма за подигнување на јавната свест за животната средина, која ќе вклучува: обука, образование, јавни кампањи, анкети, издавање научно-популарни изданија, зедничка вебстраница, локална самоуправа;
- ✓ Проекти од областа на управувањето со загадувањето и природните ресурси.

## 17.1 Екопроекти

### АВТОМАТСКИ МОНИТОРИНГ - СТАНИЦИ НА РЕКАТА ВАРДАР

Идната Влада на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ ја презема обврската за поставување мониторинг-станици на реката Вардар. Со овој проект ќе се обезбедат континуирани податоци за состојбата со загадувањето на оваа река, во согласност со општата програма за следење и оценка на хидролошката состојба на водите на територијата на Република Македонија. Овој проект ќе биде финансиран дел со буџетски средства и дел со странски донации.

### ИЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ЕКОЛОШКИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ (ЛЕАП) ЗА ПОВЕЌЕ ОПШТИНИ НИЗ ЗЕМЈАТА

Цел на овој проект е поддршка и имплементација на ЛЕАП во повеќе општини во Република Македонија. Тој е ориентиран кон три главни цели: заштита на здравјето на луѓето, унапредување на животната средина, како и заштита и одржлива употреба на природните ресурси. Финансирањето ќе се реализира дел со буџетски средства и дел со странски донации.

## УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ

Заради соодветна заштита на отпадните води од рударскиот и индустрискиот сектор, сточните фарми и комуналните води од поголемите и помалите населби, ќе изготвиме:

- ✓ Национална стратегија за водите;
- ✓ Водостопанска основа на Република Македонија;
- ✓ Планови за управување со речните сливови на Република Македонија - државна хидролошка мрежа за мониторинг на површинските и подземните води;
- ✓ Локална хидролошка мрежа за мониторинг на површинските и подземните води (во надлежност на општините);
- ✓ Програма за начинот на одведување, собирање и третман на отпадни урбани и индустриски води;
- ✓ Програма за заштита од штетното дејство на водите (ерозија, поплави, порои итн.);
- ✓ Ревитализација и доизградба на постојните големи комунални прочистителни станици во Република Македонија (Враништа-Струга, Езерани-Ресен и други).

## УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУХОТ

Во насока на спречување, односно намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух од т.н. вештачки извори на загадување на воздухот (индустрија, термоелектрани, топлани, транспортни возила, согорување на отпад и сл.) ќе реализираме:

- ✓ Национална стратегија и Општински програми за управување, заштита и подобрување на квалитетот на воздухот;
- ✓ Национален план и Општински планови за заштита на воздухот при хаварии;
- ✓ Стимулација на загадувачите за имплементација на природниот гас како енергенс за нивните потреби;
- ✓ Изработка на проект за гасификација на домаќинствата на градот Скопје и негова имплементација.

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Во Република Македонија не е познат бројот на дивите депонии, количествата на произведениот отпад се проценуваат бидејќи не се вршат сигурни мерења, нема официјални програми или инструменти за намалување на количествата или опасноста од отпадот и не постои систем за класификација на отпадот.

Својата работа и активности ќе ги насочиме кон решавање на проблемите поврзани со отпадот, преку претходно направена листа на приоритети и тоа:

- ✓ Национална стратегија за управување со отпадот;
- ✓ Програма за управување со отпадот на национално и локално ниво;

- ✓ Мониторинг на управувањето со отпадот преку соодветен информативен систем;
- ✓ Катастар на создавачите на отпад на национално и локално ниво;
- ✓ Изготвување современи проекти за определени приоритетни регионални и локални депонии и нивна јавна презентација со вградување на предлози и мислења на граѓаните;
- ✓ Изградба на современи депонии (со можности за искористување на отпадните материи, преку рециклирање, компостирање, добивање топлотни енергенси и друго);
- ✓ Проекти за заштита на определени реони во Република Македонија, од ерозија и деградирање на почвата;
- ✓ Закон за користење хемиски заштитни средства и вештачки ѓубрива.

## ОТСТРАНУВАЊЕ НА СИТЕ ПРИЧИНИТЕЛИ НА НАРУШУВАЊАТА ВО ПРИРОДАТА

Нашиот концепт за имплементација на одредбите од Конвенцијата за биолошка разновидност предвидува:

- ✓ Изготвување Национална стратегија за заштита на природата која се однесува за период од 20 години и содржи долгорочни основи на политиката на заштита на природата;
- ✓ Формирање Управа и Национален совет за заштита на природата;
- ✓ Формирање Регистар на заштитени подрачја;
- ✓ Категоризација на заштитените подрачја во 6 категории: Строг природен резерват, Национален парк, Споменик на природата, Парк на природата, Заштитен предел и Повеќенаменско подрачје;
- ✓ Донесување Просторни планови и Планови за управување за заштитените подрачја;
- ✓ Формирање Регистар на природно наследство;
- ✓ Воспоставување Мониторинг на состојбата на природата;
- ✓ Формирање Јавни установи за управување со националните паркови;
- ✓ Дополнувања и измени на катастарот на шумското богатство по општините, а посебно катастарот на Република Македонија;
- ✓ Дополнувања и измени на катастарот на голите ридови по општините кои имаат предуслови за нивно пошумување, со посебен катастар за Република Македонија;
- ✓ Проектен пристап за пошумување на голините, со приоритети, по 2500 ха/годишно;
- ✓ Проекти за озеленување на градовите и други поголеми населени места со дрвореди, цвеќе и придружен екстериер и одржлив развој за заштита на зелените појаси.

Финансирање: Буџетски средства и странски донации.

## ЗА ЧИСТ ВЕЛЕС

Преземање на сите мерки за интегрално решавање на проблемот со загадувањата во градот Велес. За таа цел ќе помогнеме во инсталирањето на најсовремени филтри и пречистителни станици во топилницата за олово и цинк, за да може Велес повторно да биде чист, здрав и безбеден за живеење. Според нашиот концепт, Проектот ќе се состои од систем на мерки и активности, кои во целина ќе го третираат проблемот на загадувањето во општината Велес и неговата непосредна околина. Дел од овие активности се:

- ✓ Проект-студија: „Третман и рециклирање на отпадната вода и употреба на отпадокот како суровина во друга индустрија". Носител: АД „Киро Ќучук", Погон за дробење на варовник „Превалец";
- ✓ Проект-студија: „Користење на отпадната топлина од соседната топилница за олово и цинк". Носител: Фабрика за шински возила „Колска";
- ✓ Проект-студија: „Рециклирање на отпадната вода и намалување на потрошувачката на вода" и проект-студија: „Супституција на лигнит со течно гориво". Носител: Крзнара АД „Димко Митрев";
- ✓ Систем на проекти и студии во рамките на МХК - ДОО Скопје, Комплекс хемија – Велес и тоа:
    - „Еколошки и економски ефекти при избор на различни суровини";
    - „Бистрење на фосфорна киселина";
    - „Намалување на загадувањето на реката Вардар со тешки метали";
    - „Окрупнување на собраната прашина која содржи тешки метали и нејзино директно топење во висока печка".

# БЛАГОДАРНОСТ

Во подготовката на Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ учествуваа бројни домашни и странски експерти. Особена благодарност им должиме на сите членови на Комисиите на ВМРО-ДПМНЕ, членови на Форумите на ВМРО-ДПМНЕ и членовите на Општинските и Месните комитети на ВМРО-ДПМНЕ. Дополнително беа консултирани членови на МАНУ, универзитетски професори, доктори на науки, магистри, претставници на невладиниот сектор, на Коморите, како и претставници на Синдикатите во Република Македонија.

Сите овие субјекти имаат вградено огромен дел од својот потенцијал во осмислувањето на програмата и овој развоен концепт. Конечно сите учесници во изработката на новиот развоен концепт на ВМРО-ДПМНЕ со својот кредибилитет и капацитет заедно со нас гарантираат за успехот во реализацијата на оваа програма, кој истовремено ќе биде успех за Република Македонија. Нивниот придонес е од огромно значење за ВМРО-ДПМНЕ и ние сме им срдечно благодарни.

Јасмина Јован Елена Мартин Кристијан Никола
Никола Искра Кирил Огнен Јасна Викторија
Александар Трајан Драган Марија Дејан
Никола Миле Јордан Методија Ѓоко Андреј
Јулијана Петар Никола Биљана Горан
Кристијан Никола Стефан Гордана Никола
Викторија Гордан Војдан Маја Македонка
Александар Трајан Драган Марија Дејан Матеј
Јордан Андреј Никола Искра Тодор Антонио
Никола Биљана Горан Владимир Тања Виктор
Стефан Гордана Никола Климент Ирена Борис
Маја Стојан Јане Горан Никола Глигор Анастас
Дејан Аднан Љубиша Роберт Венко Мартин
Тодор Антонио Жан Трајко Антонио Војдан
Виктор Дарко Маја Зоран Јасмина Јован Елена
Томе Коста Снежана Искра Огнен Јасна Викторија
Златко Оливер Александар Данило Трајан
Благој Даница Аднан Емилија Миле Јордан
Анастас Златко Оливер Александар Трајан
Благој Даница Миле Јордан Андреј Никола Искра
Јулијана Петар Никола Биљана Горан Владимир
Кристијан Никола Мартин Стефан Гордана
Викторија Гордан Маја Стојан Јане Горан
Марија Дејан Љубиша Славе Иван Никола
Ѓоко Андреј Никола Искра Тодор Антонио Жан
Горан Владимир Тања Виктор Дарко Зоран
Никола Емилија Климент Борис Томе
Македонка Стојан Јане Горан Никола Глигор
Дејан Матеј Љубиша Никола Роберт Венко
Антонио Жан Трајко Антонио Коста Данило
Виктор Дарко Зоран Јасмина Јован Елена
Борис Томе Снежана Искра Огнен Јасна
Анастас Златко Оливер Александар Трајан


Стефан Гордана Никола Климент Борис
Стојан Јане Горан Глигор Анастас Златко
Иван Никола Роберт Венко Данило
Тодор Антонио Жан Трајко Антонио
Виктор Дарко Зоран Јасмина Јован
Борис Томе Снежана Искра Никола
Горан Никола Глигор Анастас Златко
Никола Роберт Венко Благој Даница
Антонио Коста Данило Марко Јулиана
Зоран Јасмина Јован Елена Кристијан
Искра Огнен Јасна Викторија Гордан
Александар Трајан Мартин Драган
Миле Јордан Андреј Никола Славе
Петар Никола Билјана Горан Владимир
Никола Стефан Гордана Никола Климент
Маја Стојан Јане Горан Никола Глигор
Марија Дејан Љубиша Никола Роберт
Искра Тодор Антонио Никола Мартин
Војдан Дејан Љубиша Никола Роберт
Антонио Жан Трајко Жан Трајко Антонио
Дарко Зоран Јасмина Јован Елена
Борис Томе Никола Искра Кирил Огнен
Златко Оливер Александар Трајан
Данило Благој Никола Миле Јордан
Антонио Марко Јулијана Петар Никола
Јован Елена Кристијан Никола Стефан
Никола Јасна Викторија Гордан Војдан
Оливер Александар Трајан Драган
Миле Јордан Андреј Никола Искра
Петар Никола Билјана Горан Владимир
Никола Стефан Гордана Никола Климент
Славе Маја Стојан Јане Горан Никола
Марија Дејан Аднан Љубиша Роберт

**ПРЕРОДБА**

**во 100 чекори**